Универзитет “Св. Кирил и Методиј”

Филозофски Факултет

*Институт за Социологија*

Европски студии за интеграција

# СОЦИОЛОШКА АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ИСЛАМСКИОТ ТЕРОРИЗАМ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА И РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА

**Магистерски труд**

Ментор: Проф. д-р Зоран Матевски    Кандидат: Кристина Тозија

**Скопје, 2013**

Содржина :

Вовед…………………………………………………………………………..5

I. Теоретско определување на предметот на истражување ……………………7

1. Поимно одредување, елементи и функции на тероризмот…………………9

1.1. Дефиниции и воведни согледувања за тероризмот………………9

2. Дефиниции на тероризмот според Европската Унија………………………13

3. Дефиниции на тероризмот според Руската Федерација……………………15

4. Дефиниции на тероризмот според ГТБ………………………………………17

5. Заклучок: Колку се успешни дефинициите на тероризам? …………………18

II. Видови тероризам во 21 век…………………………………………………...19

1. Индивидуален терор во 21 век…………………………………………………...19

2. Дефиниција на ЦОТ за терористи самоубијци……………………………….21

3. Сепаратистичко – сецонистички тероризам…………………………………...23

III. Операционално определување на предметот на истражување ………………..24

1. Карактеристики на поимот тероризам……………………………………….....25

2. Религија…………………………………………………………………………28

3. Ислам……………………………………………………………………………29

4. Религиски / Исламски Фундаментализам……………………………………….31

5. Исламски тероризам……………………………………………………………....37

6. Потенцијали и перспективи на исламскиот тероризам……………………37

7.Обид за разбирање на радикалните исламистички фундаменталисти………40

8. Исламскиот закон наспроти секуларниот……………………………………42

9. Фундаменталисти – муслимани и христијани……………………………..43

10. Радикален ислам наспроти фундаментален ислам…………………………47

11. Меѓурелигиска толеранција…………………………………………………..51

IV. Цели на истражувањето…………………………………………………...54

1. Општа цел………………………………………………………………………54

2. Теоретска цел…………………………………………………………………...54

3. Апликативна цел……………………………………………………………..55

V. Анализа на содржината………………………………………………………...55

VI. Истражувачки прашања……………………………………………………..56

1. Главно истражувачко прашање……………………………………………..56

2. Посебни истражувачки прашања…………………………………………..56

VII. Методи на истражувањето………………………………………………..57

VIII. 1. Терористички практикуми…………………………………………….58

1.1. Терористички напади во Европската Унија……………………………..62

1.1.1. Нападот во Мадрид……………………………………………...…62

1.1.2. Ал Каида………………………………………………………………65

1.2. Терористички напади во Руската Федерација…………………...……67

1.2.1. Нападот на театарот во Москва…………………………...……..67

1.2.2. Московска железница…………………………………...………..68

1.2.3. Домодедово……………………………………………………….…70

2. Поим, цели, услови и принципи на антитероризам…………………...….71

2.1. Државни антитерористички мерки……………………………………..…75

2.2. Превентивни антитерористички мерки..........................................75

3. Разузнавачки служби..........................................................77

3.1. Улога на разузнавачките служби во превентивното антитерористичко дејствување.................................................................84

3.2. Дипломатски антитерористички мерки........................................87

3.3. Економски антитерористички мерки..........................................89

3.4. Репресивни антитерористички мерки........................................91

3.5. Борбени антитерористички мерки............................................93

IX. Борбата против тероризмот во Европската Унија................................95

1. Борбата против тероризмот во Руската Федерација...............................103

2. Но дали е доволно?..........................................................108

3. Реалност.....................................................................108

X. Заклучок.....................................................................112

Прилози.........................................................................119

Библиографија...................................................................129

## Вовед

Постои еден цитат, кој сметам дека во одредена мерка може да ја долови "жарта на тероризмот": "Луѓето никогаш не прават такво зло со таква темелност и озареност, како што тоа го прават..........од убедување" (Pascal, 1958: 894).

Страв. Вџашеност. Несигурност. Логично се поставува прашањето - Зарем е можно едно човечко суштество да помисли и предизвика толкав голем ужас?! Предизвикани од разно разни причини и мотиви, да, постојат поединци или групи кои се способни токму тоа да го сторат. Да угаснат човечки живот и да бидат горди на тоа! Па какви луѓе се тоа? Дали можеме да ги наречеме луѓе? Но, за да постои успешна борба против тие луѓе неопходно е да ги запознаеме, но и да ги анализираме нивните ликови, постапки, методи и тактики на делување. Ќе се обидам да ги пронајдам барем дел од причините бидејќи за секоја акција мора да постои повод, без разлика дали се мотивирани од сиромаштијата, од религиските убедувања, од лутина, револт, омраза... Сепак, иако постои непишано правило, дека колку повеќе се истражува на одредена проблематика, дека се повеќе наоѓаме оправдување, па можеби и симпатии кон акциите што се превземаат, па за на крај да станеме дел од нив. Но, најпрвин ќе се обидам да бидам максимално објективна, и цврсто ќе стојам на ставот на многу автори кои го истражувале овој проблем.

Интригантноста на тероризмот, насилството, практично може да се следи од почетокот на историјата, идентично како и војната која го следи човекот од најстарите времиња па се до денес. Тероризмот како традиционална тактика на послабиот го следи развојот на човековата традиција најнапред во форма на атентати, киднапирања и земање на заложници.

Денес, во современата меѓународна заедница почнуваат да егзистираат нови и уште поопасни, форми на тероризам со можност да предизвикаат и масовни последици, со кои полека светот станува нивен заложник. Тоа ја зголемува потребата од секојдневно, научно и стручно следење на оваа комплексна појава, но и континуирано дефинирање и на самиот поим тероризам, со една единствена цел – водење на успешна борба против таа појава (тероризмот).

Постојат повеќе видови на тероризам, односно тероризам кој е предизвикан од различни причини и кој е со различни цели, а со тоа и самите методи и начини се различни. Според доста автори, најраспространет но и најопасен, е исламскиот тероризам. Треба и покрај сите останати видови на тероризам да се посвети повеќе внимание токму на оној, кој е насочен против сите оние кои не се со исламска вероисповед (односно како најголем дел против христијаните).

Денес, исламскиот тероризам претставува претпочитана тактика на радикалните фундаменталистички групи, посветени на целта да ги уништат најпрвин своите верски и политички противници. Определени организации или групи кои се насочени против мировниот процес на Блискиот Исток, Балканот, и други региони во светот, продолжуваат да користат терористички тактики и методи во обид да ја дестабилизираат деликатната "рамнотежа на мирот", односно во голема мерка употребуваат насилство за да ги минираат актуелните мировни процеси во најневралгичните региони во светот, а сето тоа во закрилата на тероризмот.

Современиот тероризам, односно неговото појавување е карактеристично за време на зголемувањето на немирите, во периодот од 1950 – 1970 година, кога насилството стана доминантна форма и мошне популарна стратегија за постигнување на определени планирани ефекти (Котовчевски, 2005:21). Ефектите од овие активности беа насочени во правец на подигнување на политичката и социјалната свест и можност за "доаѓање до политички израз" на определени социјални групи или организации во општеството. Тероризмот во овој период се користи за остварување на политичките цели и подобрување на политичкиот рејтинг.

Во поглед на безбедноста, постои Декларација на ОН за начелата на меѓународоното право и пријателските односи и соработката меѓу државите во согласност со Повелбата на ОН од 1970 година, каде се разработени начелата од Повелбата. Таму е наведено дека секоја држава е должна да се воздржи од организирање и поттикнување на актите на граѓанската војна или терористичките акти на териториите на други држави, да им помага или да учествува во нив, или да ја толерира активноста на организирање на терористите на сопствената територија, секогаш кога таквите акти повлекуваат за себе закана за употреба или употреба на сила.

# I. Теоретско определување на предметот на истражување

**Предмет на ова истражување** ќе биде анализирањето на тероризмот, особено гледано од аспектот на исламскиот тероризам; борбата против тероризмот; модерните закани за безбедноста; односно новите методи и начини на примена на терористичките напади. Иако постојат различни видови на тероризам, овде ќе се задржам на религискиот тероризам, поточно исламскиот тероризам, како изопачена форма на религискиот фундаментализам.

Предмет на ова истражување ќе биде и исламската религија се со цел анализирање на исламскиот фундаментализам и исламскиот тероризам. Со помош на истражувањето ќе се допре до мотивите, целите и причините за терористичките напади и до одговорот на прашањето дали исламот како религија е одговорен за терористичките напади, или пак одговорот се крие во една група на исламски фундаменталисти кои причините ги наоѓаат на сосема поинакви места, кои немаат поврзаност со исламот, и теолошките доктрини кои ги пропагира исламската религија, или поточно Куранот.

Како примери за анализирање ќе бидат земени Европската Унија, како збир на, сега за сега 27 земји членки, која зема голем географски простор и каде има голем број на мешовито население, а се под закана на терористички напади скоро секојдневно, особено после 11 Септември 2001 година во САД. Компаративно ќе бидат анализирани и терористичките напади врз Руската Федерација. Тоа е земја која има огромна територија (околу 17 милиони м2) и има над 17 милиони жители. Руската Федерација, со нејзината едноставност, строго утврдените правила и норми и нивната крута решеност во борбата против тероризмот, ја покажуваат нивната непоколебливост во моментите на слабост, кои се најтешки пред се за една нација и еден народ. Ако се направи споредба помеѓу Европската Унија и Руската Федерација, се добиваат интересни податоци. ЕУ именува Висок Претставник за Надворешна Безбедносна Полика, кој има за задача да ги координира земјите во ЕУ, со цел да ја оформи и да ја спроведе надворешната политика. ЕУ нема постојана војска. Наместо тоа, таа има ад хок сили кои ги донираат земјите членки на ЕУ, за хуманитарни мисии, кризен менаџмент и мировни мисии. ЕУ креира сопствена надворешна безбедносна политика. Со тоа, таа може да зборува и да дејствува како едно, во поглед на светската политика.

Пример во август 2008, ЕУ посредуваше во прекинувањето на огнот помеѓу Руската Федерација и Грузија, и за таа цел испрати набљудувачи на ЕУ за да ја следат целата ситуација. Многу изјави на претставници на Рускиот Парламент сугерираат дека Москва се соочува со три надворешни безбедносни предизвици: Западот (особено САД), Муслиманскиот свет и Кина. Како Москва гледа и реагира на овие безбедносни предизвици, не е само функција на надворешните фактори, туку и на Руската Федерација, на нејзината сила и слабост. Според тоа постои основа и за понатамошно продлабочување и изнаоѓање на податоци кои можат да послужат во идните насоки во рамките на утврдувањето на критериумите при преговарање со терористи. (Tanjug, 2011).

Значи предмет на истражување во овој труд е современиот тероризам, поточно исламскиот тероризам. Иако ретки, терористичките напади во Руската Федерација, се едни од најинтересните. Се гледа јасен, прецизен и недвосмислен став на руските безбедносни сили, во однос на терористичките напади. Европската Унија е повеќе под влијание на законите, емоциите, чувствата и може да се види не само реалната употреба на службите од видот "служби за преговарање со терористи", туку и многу останати тела и институции кои работат во тој контекст. Како факт кој постои е дека во 2010 година во Европската Унија имало 249 напади, од кои само три биле категоризирани како исламистички тероризам, од кои само во два целта на терористичкиот напад било да има што помасовни жртви. Според некои автори, се смета дека за повеќето од нив и покрај тоа што официајлно никој не ја превзел одговорноста, сепак тие се должат на исламистички тероризам. Пример за терористички напад од понов датум, каде загинаа 76 луѓе е нападот во Шведска. Да не го заборавиме пак нападот на аеродромот Домодево (Руска Федерација), каде 36 луѓе загинаа а над 180 беа повредени. Во 2010 во Дагестан (Руска Федерација), загинале 12 лица, а повредени биле 18 лица. Потоа тука е нападот во Москва (Руска Федерација), каде во самоубиствен напад загинале 40 лица, а над 100 биле повредени. За сите тие напади одговорноста ја превзеле чеченските сепаратисти. Во 2010 година во Велика Британија, 611 луѓе беа уапсени за напади кои се поврзани со тероризам, од кои 179 беа директно поврзани со тероризмот, што претставува 50% зголемување во однос на претходната година (2009). Исто така во 2010 година терористички групи издадоа 46

закани кон ЕУ; што претставува зголемување во однос на 2009 година (Press Online, 2011). За поголемиот дел од нив, според некои автори, се претпоставува дека е исламистички тероризам.

Во истражувањето ќе се анализираат групите за борба против тероризмот и како тие влијаат врз промените на терористичките групации. Понатаму ќе се анализираат мерките кои се превземаат, законите кои се носат, за спречување на терористички напади итн. Потоа ќе се анализираат главните мотиви, цели, распространетоста, методите, моќта, мотивацијата, функционирање на тероризмот и глобалните ефекти на терористите и терористичките напади. Разузнавањето и контраразузнавањето како еден од методите за справување со терористите, исто така ќе биде дел на проучување во овој труд. Еден дел од овој труд, е делот кој ќе биде посветен на лоцирањето и методите за елиминирање на терористите, како и на карактеристиките на терористичките напади. Имено ќе бидат објаснети не само фундаменталистичките исламски терористички групи кои постојат на одредена територија, туку и начинот на нивното дејствување, односно планирањето и извршувањето на самиот терористички акт.

# 1. Поимно одредување, елементи и функции на тероризмот

## 1.1. Дефиниции и воведни согледувања за тероризмот

Тероризмот е нешто кое лесно може да се осуди и да се отфрли, но затоа пак многу потешко е да се објасни и да се дефинира поимот тероризам. Факт е дека безброј автори се обиделе да дадат дефиниција за тероризам, но ниедна поединечно гледано, не ја отсликува целосно рамката на тероризмот. Секоја е подеднакво точна, но и непотполна.

Да се обидам да го објаснам потеклото на зборот тероризам, а со тоа и дефинициjате на тероризам. *Terreur – Терор*, има значење на систем, режим на страв, потекнува од периодот на јакобинската диктатура на Француската буржуаска револуција (1789-1794) (Котовчевски, 2003: 20). Постои сродност помеѓу тероризмот и екстремизмот (националистички, левичарски и др.). Според некои особености, бестрашноста и самоубиственото жртвување на актерите е сличен на јапонските “камикази” (Rankovic, 2005:1).

Постојат повеќе дефиниции за тероризмот и често пати многу автори доаѓаат во конфликт со прашањето зошто воопшто постои потребата да се дефинира поимот тероризам. Тероризмот може лесно да се осуди и отфрли, но многу потешко може да се објасни, да се откријат неговите корени и причини. Има обиди тероризмот да се толкува со термините на политичката и на психолошката патологија. Така настанале теориите дека терористите се морални накази, криминалци, ментално пореметени луѓе чија логика е производ на делириум. Истражувани се врските помеѓу тероризмот и атмосферскиот притисок, месечевите мени, алкохолизмот, наркоманијата.....Таквите толкувања можеби ќе ја смират совеста и ќе ни дадат неколку ноќи со мирен сон, но тешко можат да допринесат за разбирање на терминот. Ако одиме до некаква крајност и го разбереме терминот тероризам, колку ќе ја разбереме постапката и оправдувањата на тероризмот, за жал ќе остане на здравиот разум на секој поединец да процени, и со тоа да одобри или пак да осуди, па поддржи или пак да се вклучи во масата народ кои ќе се придружат во борбата против тероризмот. Иако наликува на едноставно дефинирање на еден поим, на една појава, сепак ова е едно големо филозофско прашање, за кое не сум сигурна дека постои точен или погрешен одоговор.

Една интересна дефиниција дава *ФБИ* во која се вели: "Тероризмот е незаконито користење на сила или насилство против лица и имоти за да се застраши или да се принуди на одредени отстапки некоја влада, цивилното население или било кој нивен сегмент поради постигнување на политички и социјални цели". Но исто така според едена изјава на Конрад Расел, токму од ФБИ се вели: "Тероризмот е една театарска сцена, а она што терористите го сакаат е сцената" (Winter, 1980: 1510). Така, во доста работи самите тие кои го дефинирале тероризмот се и контрадикторни...

Тероризмот мошне брзо го менува својот карактер, но и своите цели, кои се многу поамбициозни, подраматични и веќе попримаат глобални димензии. Тој е “флуиден непријател”, но со јасно поставени цели, кои секојдневно предизвикуваат шок, ужас, бес, страв, желба за одмазда и нов психолошки и безбедносен амбиент, во кој луѓето во светот почнуваат да чувствуваат дека се во војна (Котовчевски, 2003: 20). Терористите се оние кои вешто удираат во “Ахиловата петица” на современите држави, во нивните најранливи страни на психолошки, духовен и материјален план максимално зголемувајќи го нивниот страв, и кои ги оставаат апсолутно без надеж за

решение на таа појава. Од друга страна пак, постои и фактот дека големите сили се оние кои на индиректен начин го потпомагаат тероризмот, на начини за кои е потребно да се замислиме дали воопшто е можно да се изведат? Фактот дека дел од терористите се обучувани од страна на владите на државите, е доволен показател за подршката. Тука не станува збор само за обуката, бидејќи терористите, се разбира со најразлични варијации од држава до држава, добиваат помош на најимагинативни начини, начини кои на јавноста и се познати, но кои никогаш не би ги поврзала со самиот поим тероризам.

*Стејт Департментот на САД* има дадено повеќе од дваесет различни дефиниции за тероризам, терористичка активност, акт на тероризам и (федерални) криминали на тероризам (Perry, 2004:249,274). Стејт Департментот на САД во моментов, тероризмот го дефинира како: “Планирано, политички мотивирано насилство извршено против не воени цели од страна на суб национални групи или тајни агенти (вообичаено наменети да влијаат на публиката)” (US Department of State, Country Reports on Terrorism 2006, April 2007). Стејт Департментот на САД ја употребува оваа дефиниција за аналитички и статистички цели уште од 1983 година. Оваа дефиниција опфаќа и некои важни поенти на тероризмот: политичка мотивација, насилниот акт како порака, планирано наспроти незгода или “криминал од страст” и целта во проширување на влијанието. Додека на самата површината е јасна и лесно сватлива дефиниција, истата била критикувана од повеќе причини. Според Томас Бадеј, инклузијата на тајните агенти е проблематична во тајните активности на агентите кои се поврзани со други влади, и тие се предмет на нивната таксономија. Обратна акција, саботажа и шпионажа или директна инволвираност во активности кои се класифицирани како интернационален тероризам, се екстремно ретки (Badey, 1998:92). Од друга страна, може да се расправа за тоа дека тајните агенти служат за вклучување на државно спонзорираните терористички групи.

Додека оваа дефиниција го покрива феноменот на “политички тероризам”, не сите форми на тероризам се впрочем политички мотивирани. Тероризмот може да биде предизвикан како последица на одмазда, религиозни цели или пак од лични причини. Многу потешко ќе биде да се вклучат оние терористички акти во оваа дефиниција, освен ако не се најде начин да се категоризираат како политички тероризам, што воопшто не е едноставна задача. Исто така, делот од ставот дека “вообичаено наменети

да влијаат на публиката", треба да се преиспита. Не прецизира ниту прави разлика меѓу карактеристиките и покрај тоа, не прави ништо за да ја појасни дефиницијата, напротив служи за да внесе уште поголема забуна. Дел кој нема никаква функција во исклучително важна дефиниција, скоро секогаш предизвикува одредена доза на сомнеж. Целта на нејаснотиите не секогаш се јасни, но најчесто имаат многу добра примена. Во одредени моменти служат како добар изговор, а во други моменти се буквално дел без функција. Најголемата дебата што се однесува на дефиницијата на Стејт Департментот на САД за терористичките центри, е во интерпретацијата на "позадинците". Во погоре наведената дефиниција, Стејт Департментот понатака го објаснува овој термин:

> "*За целите на дефиницијата, терминот "позадинци" се интерпретира на начин кој ќе вклучува, во дополнение на граѓаните, воениот персонал кои во моментот на инцидентот биле невооружени или не биле на должност/работа. Исто така сметаме дека терористичкиот акт ги напаѓа воените инсталации или на воениот персонал во момент кога државата на воените непријатели не постои на местото, како што е на пример бомбардирањето на базите на САД низ Европа, Филипините, или било каде...*" (US Department of State, Country Reports:2007)

Ипликацијата на ова дополнение е дека воениот персонал се смета за позадинец (па дури и ако се вооружени), иако тие не се на должност. Со други зборови, Стејт Департментот на САД прилагодува прилично флексибилна интерпретација токму на терминот "позадинец".

Оваа дефиниција дава придонес бидејќи меѓу другото вклучува неколку важни елементи на тероризмот. И бидејќи е кратка дефиниција, а се што е кусо за многумина е и најчесто одлично супситуција, таа е лесна за управување. Слабоста, која мора да постои во една таква дефиниција, е во малиот фокус на политички мотивираниот тероризам, нејасноста во реченицата "вообичаено наменета да влијае на публиката" како и контраверзијата како на терминот така и на улогата на т.н. "позадинци", притоа заматувајќи ја разликата помеѓу вооружен конфликт и тероризам.

## 2. Дефиниција на тероризмот според Европската Унија

По терористичките напади на 9/11 Советот на Европската Унија одлучи да создаде рамковна одлука за борбениот тероризам. Првиот член е оној кој содржи правни дефиниции на тероризмот. Во овој член, теорористичкиот акт се дефинира како:

> "*Намерните акти кои се со цел сериозно заплашување на популацијата, или прекумерно присилување на владата или интернационалната организација да изведе било каков акт, или пак сериозно ги дестабилизира или уништи фундаменталните политички, конституционални, економски или социјални структури на земјата или на интернационалната организација*". (European Union Council, "Council Framework Decision of 13 June 2002 on Combating Terrorism, June 2002).

Една од главните критики кои се однесуваат на дефиницијата на тероризам на Европската Унија е во тоа што оваа дефиниција, заедно со планираните нови операционални мерки, може да ги третираат демонстрантите и другите групи исто како да се "терористи", што во реалноста и се случува. По ужасниот терористички напад на 9/11 во САД, многу мерки беа превземени од страна на САД против други држави, што исто така може да се дефинира не само како ужасно, туку и како непрофесионално. Во последиците на овие настани е тоа што беше дефинирана рамковната одлука на ЕУ во борбата против тероризмот, што драматично го прошири вообичаеното разбирање на тероризмот, што дотогаш беше познат. Според Томас Матисен, постојат две главни последици на рамковната одлука на ЕУ во борбата против тероризмот. Најпрво, дефиницијата, ако се имплементира, ќе има маргинална важност во превенцијата на терористичките акти, како оние кои што ги искуси САД. И второ, дефиницијата ќе биде од големо значење во превенцијата на легитимните но, како што ги нарекува тој, "можеби понекогаш и жестоки" протести во рамките на ЕУ. (Mathiesen, August-October 2001:3139)

Додека опасноста на оваа дефиниција лежи во можното адаптирање на оваа дефиниција во мирни протестни движења и групи, исто така си има свои поволности. Спред големиот Европски истражувачки проект наречен "Транснационален Тероризам, Безбедност и Владеење на Правото", оваа дефиниција вклучува шест

клучно квалитетни елементи кои се неопходни за да звучи како правна дефиниција на тероризам. Тие елементи се: намерниот карактер на сторените акти; целите на акт(ите); квалификација на самиот акт; спецификација и на извршителот и на целта; делокругот на актот (вклучувајќи ги исклучоците). (Policy Brief, November 2008:2). Според оваа квалификација на дефиницијата на тероризмот на ЕУ, може да се заклучи дека таа ги исполнува базичните критериуми.

*Слабоста* на дефиницијата на ЕУ лежи во нејзиниот прилично широк делокруг, дозволувајќи инклузија на мирните протестни групи, додека за нејзината *силна* страна се смета тоа што содржи шест елементи кои се потребни за таа да звучи како правна дефиниција на тероризам.

Многу пати не само на Интернет, туку и на останатите медиуми, може да се забележи дека кога станува збор за тероризам, прекутно, Европската Унија секој напад го дефинира како исламски. Ако постои презумпција на невиност, овде е обратно. Најпрво се карактеризира како исламски напад, па потоа, со текот на истрагата се демантира или потврдува истото. Исламофобиците го популаризираа тврдењето дека “не се сите Муслимани терористи, но (скоро) сите терористи се Муслимани”. Но ако се гледа според фактите, тогаш сликата е поинаква. Имено, според податоците на ФБИ се вели дека само 6% од терористичките напади на територијата на САД од 1980 до 2005 година се извршени од страна на исламистички екстремисти. Останатите 94 % се од други групи (42 % од Латино земјите, 2 % од екстремно левите групи, 7 % од екстремни Евреи, 5 % од комунисти и 16 % од останати групи) (U.S. Department of Justice, Federal Bureau of Investigation, 2002-2005). Значи напади кои се дефинирани како исламистички има многу малку. Ситуацијата во Европската Унија е иста. Официјално како религиозни напади, барем во 2011 стои дека нема ниеден напад. Европската Унија подеднаков третман има за сите видови на терористички напади, без разлика дали се исламистички, христијански, за заштита на животни, наркотероризам или пак националистички. Терористички напад е напад на територијата на ЕУ, и нема привилегии за ниедна група, организација или поединец.

*Неуспешни, завршени напади во 2011 по земја членка*

| **Земја членка** | **Религиски инспирирани** | **Сепаратисти** | **Лево насочени** | **Десно насочени** | **Не специфирани** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Данска** | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | **4** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Франција** | 0 | 85 | 0 | 0 | 0 | **85** |
| **Германија** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | **1** |
| **Грција** | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | **6** |
| **Италија** | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | **5** |
| **Шпанија** | 0 | 25 | 21 | 1 | 0 | **47** |
| **Велика Британија** | - | - | - | 0 | 26 | **26** |
| **Вкупно** | **0** | **110** | **37** | **1** | **26** | **174** |

Извор: Извештај - European Police Office, 2012 (EUROPOL) – TE-SAT 2012

## 3. Дефиницијата на тероризам според Руската Федерација

Првата Руска Повелба за тероризмот, усвоена во 1997 година, го дефинира тероризмот како употреба или закана за нелегално насилство против лица или ентитети или деструкција/уништување на имот, извршено со цел на поткопување на јавната безбедност, интернационални ентитети, и воспоставување на владини структури преку присилување на владините тела во носењето на одлуки кои се посакувани од страна на терористи (Перстев, 2002: 25, 28-29). "Кои се заменети со модифициранта листа на терористички акти кои се опишани во членовите 205, 207, 277 и 360 на Криминалниот Кодекс" (Behknazar, 2004: 475) ( Табела 1 од Додатокот за целата Повелба од 1997година). Членовите кои се наведени, дејствуваат во случај на изведување на експлозија или вооружен напад, и со цел воземирување на неколку концепти, како што се општествена безбедност, заплашување на популацијата, или влијание врз одлуките на владините авторитети. Ширината на дефиницијата се гледа во членот 3 од Повелбата. Останатите две секции особено оставаат широк спектар за интерпретација во поглед на разликата помеѓу насилство за лична корист, или свртување на внимание од една страна и тероризмот од друга страна. Понатаму Повелбата содржи премногу дефиниции експлицитно кажани, како што се терористичка активност, терористичка акција, и интернационалните варијанти на истите, и терористички злочини.

Иако постои дефиниција за тероризам во Руската Федерација, сепак има примери каде се докажува дека Русите и на дело не преговараат со терористи. Како официјални документи за борба против тероризмот постојат, но на дело тоа не се спроведува, туку едноставно цената не е важна, важно е само дека нема преговарање со терористи. Во овој контекс, не постои дефиниција која може да се каже дека е функционална. На пример, за време на заложничката криза во градот Беслан, Северна Осетија, тогашниот Руски Премиер Владимир Путин, ја докажа стратегијата во борбата против терористите. " Руската Федерација не го толерира тероризмот", на прес конференција изјави Путин. "Се соочуваме со терористите брзо и целосно. Ова е предупредување за терористите, заложниците, спасувачите, минувачите...сите оние кои се вклучени во терористички активности: Нема да ви се покаже милост". Овие силни изјави беа кажани по нападот во училиштето, кога на првиот ден од училиште, беа земени повеќе од 1200 учители, деца и родители за заложници. На третиот ден од конфликтот, Руските безбедносни сили чекале заповед за да ја решат ситуацијата. "Руската влада нема да ги прифати барањата на терористите, ниту пак ќе се поколебаме при молбите на заложниците за милост." Кажал Путин. "Без родителите и децата како заложници, терористите ќе бидат немоќни. Секој кој ќе асистира на терористите – чудовишта, во било кој сегмент, е непријател на Рускиот народ и така ќе биде третиран" (http://www.theonion.com/articles/russia-reiterates-zerotolerance-policy-for-terrori,1270/).

Првиот јавен став на Путин за анти тероризмот беше во 2002 година, кога 40 Чеченски терористи го завземаа преполниот Московски театар, земајќи повеќе од 70 заложници, и барајќи повлекување на Руските сили од Чеченија. Според политиката за нулта толеранција на Руската Федерација, владините сили од Руската елитна командна единица на Федералната Безбедносна Служба, пуштиле аеросол анестетик во театарот, убивајќи ги сите терористи и 128 заложници. "Кризата во Московскиот театар беше одличен пример на мојата подготвеност да направам се што е неопходно во борбата со терористите", рече Путин. "Како премиер, мојата прва работа е да ги заштитам луѓето во Руската Федерација. Терористите сакаат да ја уништат Руската Федерација, но ние нема да го дозволиме тоа. Не правете грешка: Терористи – и сите оние кои ќе се најдат во нивна близина – ќе се соочат со брз и страшен крај" (http://www.eurasianet.org/departments/insight/articles/eav102802a.shtml). Иако Руските

закони се прилично лимитирани во однос на медиумско покривање во случаи на терористички инциденти, сепак граѓаните кои знаеле за кризата, или оние кои биле присутни во моментот на кризата, му аплаудирале на цврстиот став на Путин. Иако многу интернационални лидери ја критикуваа владината позиција на Руската Федерација, Претседателот Буш дадена изјава каде го препорачува Путин за негов лидер во борбата со тероризмот. “Непријателите на слободата немаат пријател кај Владимир Путин. Тој употребува неопходни мерки за да го заштити својот народ и да го направи светот безбедно место. Како што знае светот, или сте со нас или сте со терористите. Господ нека им помогне на оние кои се со терористите.” (http://www.theonion.com/articles/russia-reiterates-zerotolerance-policy-for-terrori,1270/?ref=auto).

## 4. Дефиниција на тероризам според Глобалната Терористичка База - ГТБ

Податоците на “ГТБ” се собирани од страна на приватна безбедносна агенција, Пинкертон Глобалната Разузнавачка Служба. Целта на оваа база на податоци била да се обезбеди запис, но и да се соберат на едно место сите познати терористи низ целиот свет, а сето тоа со цел да се направи база на податоци за анализа на ризикот во делот на бизнисот, првенствено на САД, а потоа и интернационално. Бројката со која располага ГТБ базата е доста голема. Имено во моментов располагаат со околу 104.000 случаи низ целиот свет, а сите тие случаи се анализирани од стручни лица, каде повеќето се и професори на реномирани колеци. Податоците се групирани по различни категории, како што се локација, вид на оружје употребувано за напад, број на жртви и доколку е познато има информации за тоа кој го извршил нападот (без разлика дали се работи за индивидуалец или група). Сепак за да имаат успешна класификација потребна им е дефиниција за тероризам, која им била и ќе им биде водилка во прибирањето на информациите. Таа дефиниција е следната:

“*Заканата или употребата од нелегална сила и насилство од страна на не-државен актер со цел здобивање политичка, економска,*

*религиозна, или социјална моќ по пат на страв, принуда или закана."* (Global Terrorism Database, 2012)

## 5. Заклучок: Колку се успешни дефинициите за тероризам?

Ако се замислиме кога последен пат на телевизија сме виделе извештај за некој терористички напад, дали станува збор за бомба или пак за некоја заложничка криза, тогаш во тој момент, која дефиниција прва ни доаѓа на памет? Доколку имаме сопствена дефиниција за тероризмот, која сме си ја дале врз основа на нашата информираност, тогаш дали ќе се измени целото наше гледиште кон тероризмот? Дали големите сили се оние кои не принудуваат да размислуваме во некоја конкретна насока, диригирана, насочена и наметната токму од нив?! Дали политичкиот контекст е пресуден, или пак можеби економскиот фактор, или пак можеби некој сосема нов мотив. Сите автори се согласуваат со фактот дека постојат премногу дефиниции за тероризмот и дека секоја е специфична, но и сама по себе уникатна. Како можеме да бидеме сигурни која е точната и исправната дефиниција, според која треба да се водиме. Дали Европската Унија ја дава точната дефиниција или пак можеби е водена од сопствените интереси и заштита на Унијата, или во некоја нова насока, која ќе води Европската Унија на некои повисоко ниво? Која е разликата помеѓу тероризмот и масовното уништување (селективно или поинакво). Кој ја поседува таа моќ да дефинира лице или организација за терористичка. Дали се тоа неколку паметни политичари или пак тоа е моќта на јавното мислење, на медиумите. Секоја дефиниција на поимот тероризам е точна, но не би требало да се задржиме само на една или две дефиниции. Борбата против тероризмот зависи од тоа како ќе го дефинираме поимот. Ако погрешно го дефинираме, ќе имаме и погрешна дефиниција за борбата против тероризмот. Успешноста во дефинирањето ќе се покаже во оној момент кога ќе видиме дека и борбата е успешна. Доколку има пропусти, ќе има и напади. Доколку има напади значи има проблем во дефинирањето. Но доколку навреме се откријат планираните напади, ќе знаеме дека сето тоа не било залудно и дека сепак постои точна дефиниција и паралелно со тоа имаме соодветна борба и заштита.

Гледано од друг контекст, од контекст на Руската Федерација, не може а да не не воодушеви решеноста, цврстиот став и одлуката на тогашниот премиер, а денешен

претседател Владимир Путин, кој е повеќе од јасен: Нема преговарање со терористи. Навикнати сме да слушаме фрази од овој вид, но ова е јасна демонстрација кога зборот се покажува и на дело. Можеме да го охрабриме или осудиме, да се согласиме или не, но досега единствено Руската Федерација е онаа која освен дефиниција и на дело го спороведува кажаното. Цената можеби е висока, но затоа пак секој терорист ја има во својот ум, барем кога се работи за личност како Путин. Во овој контекст, дефиницијата е јасна и спроведлива на дело.

# II. Видови тероризам во 21 век

## 1. Индивидуален тероризам во 21-от век

Во различни периоди постоеле различни видови на тероризам, во однос на целите. На пример, тероризмот поврзан со крајната левица/или националниот отпор беше фокус на истражувања во доцните 1970-ти раните 1980-ти. Потоа, тероризмот од екстремно десница завзема централно место во доцните 1980-ти и 1990-тите. Други форми на тероризам го привлекоа вниманието за време на периодот кога екстремно десните анти имигрантски групи во Европа и Еврејските герили вршеа терористички напади во Израел. И од доцните 1990-тите и 2000-тата, најголемите истражувања беа посветени, според Лакер како што ги објаснува, како нов тероризам кој е “мотивиран од религиски верувања и се по фанатични, смртоносни и попродорни отколку постарите и се со повеќе инструментални форми на тероризам, отколку што светот е навикнат”. Идеата е дека оваа нова форма на тероризам, религиозен тероризам, се разликува од стариот тероризам во начинот на кој е организиран, во неговите цели и методи. Онаму каде што стариот тероризам завзел место на политичка револуција и национално ослободување, во центарот на своето движење, новиот тероризам цели кон промена на светот (Laqueur, 1999:31). Водени од религиски мотиви, новиот тероризам не се покорува на земјиниот авторитет, туку тврди дека е одговорен само на боженството – и неговиот пророк. Кога станува збор за нивните методи, тие употребуваат крајно смртоносни методи со цел да ја рашират својата порака и да привлечат внимание, фокусирајќи се на уништување на оние кои се спротивставуваат на нивната религија, гледајќи ги како нечисти. Стратегиите на старите терористи беа селективни: нивните акции ги гледаа како пропаганда на дело, и обично беа

фокусирани на одредени жртви, со цел да постигнат социјална и политичка промена, што е можно побрзо. Новите терористи пак, бараат промена низ целиот свет, но не нешто што може да се промени за краток временски период. Поради ова, тие предизвикуваат бројни жртви и не се плашат да извршат самоубиство. Всушност, тие се често пати се инспирирани и се насочувани да направат така. Конечно, што се одесува до формата на организацијата, новиот тероризам е полабав и децентрализиран, во споредба со стариот, кој бил хиерархиски и централизиран. Моќта е распоредена низ различни терористички ќелии, и сите меѓусебе имаат контакт, но работат поединечно. Она што го делат сите се личното убедување, верувањето и инспирацијата, а не институциите и организациите.

Новата организациска структура на тероризам е прилагодена на поединечниот тероризам. Тие можат да најдат целата инспирација на Интернет и преку примери; можат да добијат обука и да научат за терористичките стратегии и сепак на крајот да го испланираат самостојно својот терористички акт, но не командуван од надворешни структури. Всушност, терористот поединец, е стимулиран од терористичките организации затоа што тоа е ефективна тактика ширум светот во борбата за воспоставување на Исламска држава, Калифат. По смртта на Осама бин Ладен, на 2 Мај 2011, Ал Каида издаде изјава во која ги повикува своите приврзаници да употребуваат тактика на индивидуален тероризам.

> *"Ги повикуваме муслиманите во Пакистан, на чија земја Шеик Осаама беше убиен да станат и покренат востание, и да го исчистат срамот кој е наметнат од страна на предавниците и крадците кои продадоа се на непријателите на нивната нација."*
> (http://news.blogs.cnn.com/2011/05/06/full-statement-from-al-qaeda-on-osama-bin-ladens-death/)

Екстремно проблематично е да се утврди во една ваква ситуација кој е терорист а кој впрочем е обичен граѓанин кој протестира, или се бори за одредена своја кауза. И тоа најдобро би се разбрало преку пример. Да ја земеме интелигенцијата. Имено ако земеме еден индивидуалец и го анализираме, ќе видиме дека неговата интелигенција, ако не е повисока тогаш е еднаква со еден обичен граѓанин. Тогаш како може да се разликува кој е терорист а кој е обичен граѓанин. Оној, кој е терорист, тој функционира

како нормален човек. Има работа, има социјален живот, има семејство, го има сето она што го има и еден друг обичен граѓанин. Терористот, кој впрочем е единка, кој работи самостојно, кој е во една мала ќелија, кој може самиот да се научи на интернет како се прави бомба или пак доволно е да се информира за идеите на оние фанатаци, тогаш како во овие услови општеството да го разликува од оние обични граѓани? Можеби како превентива треба да се земат оние кои се инженери, бидејќи според една анализа на двајца социлози, Диего Гамбета и Стефен Хертог, постои три до четири пати повеќе шанса да станат насилни радикални терористи отколку оние кои се економисти, медицинари или пак од општествените науки (wordpress, 2010). Според нив, 60% од исламистичките терористи имаат инженерска обука. Можеби најдобрата дефиниција за терорист ја даваат токму овие двајца социлози, со самото тоа што едноставно ги дефинираат како “Високо функционални шизофреничари” (wordpress, 2010).

## 2.Дефиницијата на ЦОТ за терористи самоубијци

Во анализите на ЦОТ се применува тесна дефиниција на поимот тероризам, а целта е да се изолираат елементите кои се карактеристични за останатите дефиниции за тероризам.

Според ЦОТ (Instituut voor Veiliheids-en Crisimanagement (ЦОТ) - Институт за безбедност и менаџирање на кризи), водејќи се од дефиницијата на тероризам според ЕУ, актите на самоубијците терористи се: “намерни акти кои се извршени со цел сериозно заплашување на популацијата, или прекумерно насилно принудување наВладата да изврши или да се воздржи од изведување на некаков акт, или сериозно дестабилизирање или уништување на фундаменталните политички, конституционални, економски или општествени структури на земјата или на интернационалната организација” (Совет на Европската Унија, 2002). Во овој случај такви акти се извршени од луѓе кои:

- Кои работат индивидуално;
- Кои не припаѓаат на ниедна терористичка група или мрежа;
- Кои работат без директно влијание на лидерот на хиерархијата;

- Чии тактики и методи се зачнати и диригирани исклучиво од страна на индивидуалецот и се без било каква надворешна команда или насока

(Instituut voor Veiligheids-en Crisismanagement, 2007:6).

Проблемот на дефиницијата лежи во прашањето каде да се повлече линија помеѓу директното или индиректното влијание на лидерот, хиерархијата, терористичката група или мрежа. Основното прашање е: Како работи самоубиецот терорист? Единствената поволност е што јасно се разграничуваат терористичките акти кои се изведени од едно лице и оние кои се изведени од повеќе лица. Но и покрај тоа можеме пак да си го поставиме прашањето дали малите терористички ќелии или индивидуалните терористи, во рамките на поголема мрежа можат да бидат дел од дефиницијата на самоубијците терористи, или пак потпаѓаат под некоја друга дефиниција.

Иако на тероризмот најчесто се гледа како на колективна активност, заканата од **индивидуални терористички актери** ги заплашува демократските држави и повикува за акција во рамките на националната против – терористичка стратегија (Instituut voor Veiligheids-en Crisismanagement (ЦОТ), 2007:21). Превентивните контра - терористички пристапи често пати се на ниво на разузнавање, на видливоста на актерите во мрежата како и на можноста да се детектира опасноста, а со цел елиминација на истата. "Осамените волци", т.н. нарекување за индивидуалните терористи, се терористи кои работат надвор од мрежата. Тоа е главен проблем кај агенциите за заштита и разузнавачките агенции, а се јавува поради проблемот со распознавањето на радикализацијата како и на терористичките аспирации. По терористичките напади на САД на 09/11/2001 и нападите на Европското тло во Мадрид (2004) и Лондон (2007), Европското брзање да ја зајакне контра – терористичката политика стана главен фокус и зема поголеми димензии. Сведоци сме на масовното известување на медиумите кои скоро секојдневно не известуваат за некој терористички напад во светот, или пак за можен планиран терористички акт од страна на некои поединци, кои или се уапсени или убиени. Токму тие лица не се задолжително поврзани со некоја терористичка организација. Неупешното самоубиство во бомбашкиот напад во Стокхолм од страна на Таимоур Абдулвахаб во Декември 2010 година, е еден од примерите за планирани терористички акти. (BBC News UK, December 2010). Инцидентот и убиството на

холандскиот колумнист Тео ван Гог во Амстердам на 2 Ноември 2004 година е само организиран терорист кој претставува закана за (интер)националната безбедност во Европа. (De Volksrant, November 2004).

## 2. Сепаратистичко – сеционистички тероризам

Иван Шијакович, во својот прилог за тероризмот поаѓа од колективниот, односно етничкиот идентитет (Шијакович, 2002: 241-254). Специфично за овој вид на тероризам е што се јавува во точно определени ситуации како што е на пример во пораз во војна. Може исто така да се јави на ниво на сочувствителност, а тоа е зошто сочувствителноста ја зголемува трагедијата, а мотивот на тероризмот ја потенцира немоќноста интегритетот да се заштити со редовни средства. Сепаратистичко – сеционистичкиот тероризам има свои фази и трансформации, особено оние кај кои се менуваат целите и средствата, како на пример, самиот акт на освета. Чеченските сеционисти на пример, преминале на тој вид на тероризам по изгубената војна. И по правило тој тероризам, од сочувствителност, е суров, засилен со верски фанатизам и со воена традиција. Тоа се покажало во земањето на децата како заложници во Беслан (Северна Осетија), во акцијата која ја планирале чеченските и ингушките лидери Шамил Басајев и Аслан Махадов. Поради тоа терористичките акции ги привлекуваат фанатиците, особено религиозните луѓе кои во својот фанатизам кои се лишени од сопствената одговорност, кај кои се чести замените на целите со освета и неразликување на должните и невините (затекнатите). Тоа важи не само за сепаратистичко – сеционистичките, туку и за повратните мерки на државниот поредок, кои можат да бидат и немилосрдни репресалии, за да може да се продолжи со меѓусебно возвраќање, при што страните менуваат места како предизвици и одговори, причини и последици, како терористички акти и легални санкции.

Претходната конструкција ја потврдуваат примери од класичниот/европскиот тероризам, но и неговото постепено ширење и на другите континенти. Покрај тоа, сепаратистичко – сеционистичкиот тероризам е карактеристичен за мали земји, за т.н.”перифериски етнии”, кои се разбудени во ерата на модернизацијата. Така на пример настанува “двокомпонентниот” па и ”повеќекомпонентниот” тероризам.

Тероризмот на ИРА е изразито верски, иако по своите цели е сецеонистички и донекаде му е сличен на движењето за самостојно Баскијска држава (ЕТА). И понатаму, колку се овие движења потрајни и терористичките методи се се посурови. Тоа е евидентно со претходните примери, додека милитантноста на оние поскорешните е нешто по блага. Таков пример е на "Револуционерната армија на Бретанија" (БРА). Донекаде е сличен и корзиканскиот тероризам, кои го спроведуваат "Фронтот за националното ослободување на Корзика" (ФИКС), бидејќи се ограничува на повремени и поединечни ликвидации на претставниците на француската управа. И овој тероризам е "двокомпонентен", бидејќи одржува една антихегемонистичка димензија. Но кај сите преовладува националистичка насоченост, втората компонента на овие претходните повеќе или помалку се дополнуваат или зголемуваат.

Постојат одредени кореспонденции помеѓу екстремниот национализам и посебноста на сепаратистичко – сецеонистичките движења и нивните терористички зачетоци. Некаква "глобализација на тероризмот" е очигледна, но главно во просторното ширење и вмножување. Но со тоа вмножување, оваа глобализација покажува извесна двојственост и некои парадоксални појави и тенденции. Зајакнувајќи го екстремниот национализам, таа станува препрека на тековите на модернизацијата, па и на самата глобализација во нејзиното првобитно значење. Со својата противречна природа и парадоксите, таа се претставува како "извртена глобализација". Инаку како да се објасни дека таа ја донела деградацијата на Русите на статус на национално малцинство (во Украина 20%, во Белорусија 11,5%) или дека Србите во Хрватска и Македонија изгубиле некаков статус; како сепаратистичко - сецеонистичките движења да се ускладат со тенденцијата за нивно спојување со воено – политичките блокови.

## III. Операционално определување на предметот на истражувањето

Со цел да се операционализира предметот на истражувањето, потребно е да се изврши детерминирање и операционализирање на основните поими. Тоа се состои од одредување на чинителите на предметот што ќе бидат истражувани. Бидејќи истражувањето се занимава со поимот тероризам и исламскиот тероризам како сегмент на тероризмот, обидите да се спречат терористички напади, и плановите за идно намалување, евентуалниот придонес при спречување и предвидување на идните

облици на тероризмот, како во Европската Унија така и во Руската Федерација, сметам дека е неопходно да се објаснат клучните поими со кои ќе се соочиме во процесот на истражувањето.

## 1. Карактеристики на поимот тероризам

Некои автори тероризмот го сметаат за сурогат на војната или "замена на војната со средствата на политичката елита". (Томашевски, 1983: 22).

Според Љубомир Стајич, основни карактеристики на тероризмот се:

1. *Пренесување на пораки* - секој терористички акт носи одредена порака и затоа по завршување на нападот се јавува терористичка организација, која е одговорна за тој напад. Пораката може да биде упатена до:
    - а) меѓународна заедница;
    - б) држава;
    - в) верска институција;
    - г) компанија;
    - д) поединец.

Пораката може да има:

- а) политички;
- б) верски;
- г) економски карактер.

2. *Страв* – Стравот се јавува како последица на несигурноста. Штом ќе се јави страв, никогаш не можете да бидете сигурни дека таа некогаш ќе исчезне. Ако извршителите на тој напад ги уапсат, кој може да гарантира дека не постои уште некоја група која дејствува на тој регион.
3. *Аморалност* – Таа се објаснува со нејзината ирационалност како метод за политичка борба, бидејќи терористите не дејствуваат по нормите на конвенционалното општество или на меѓународната заедница, туку според свој систем на вредности. Тие ќе направат се за да ги остварат своите цели без оглед на жртвите, материјалната штета и можноста за загадување на животната средина.

(Стајич, 1998:228)

Покрај наведените три карактеристики во литературата се наведуваат и:

1. *Политички мотивирани намери* – тие можат да дојдат од страна на терористите кои живеат на таа територија и тоа претставува внатрешен тероризам. Покрај тие сили за решавање на тоа прашање можат да се вклучат и одредени држави и да застанета на страната на терористите. Тоа може да бидат воени сојузи кои ќе им помогнат на терористите да ги остварат своите намери и покрај противењето на матичната држава. На пример, бомбардирањето на СР Југославија во 1999 год. за да им се овозможи на косовските албанци создавање на нова албанска држава на Балканот.
2. *Организираност* – претставува формирање на терористички организации кои ќе соберат луѓе кои се спремни да се жртвуваат за одредени убедувања. Потребни им се луѓе кои не поставуваат многу прашања и кои го работат она што ќе се побара од нив, без приговори.
3. *Насилност и бруталност*
4. *Разновидни објекти при напади* – секој објект е потенцијална цел ако е од важно значење. Некои објекти може да бидат нападнати поради бројот на луѓе кој се наоѓа во нив, во одреден момент.
5. *Економичност* – потребни е со што помалку средства да се постигне максималниот резултат.

(Стајич, 1998: 246,245)

Миалковски Милан дава нешто поинаква поделба на карактеристиките:

1. *Максимална тајновитост* – се огледува во тоа што носителите на тероризмот се подготвуваат за примена на физичко насилство над потенцијалната жртва, и ја реализираат во најголема тајност. Припадниците на терористичкиот субјект, раководени од сознанието дека надлежните служби, особено безбедносно – разузнавачки служби на потенцијалниот напад, приоритетно имаат за задача да ги оневозможат во извршувањето на терористичкиот акт, придавајќи исклучително значење на сопственото безбедносно обезбедување.
2. *Трагична отвореност* – претставува доста важна карактеристика на тероризмот. Се состои во тоа што неговите носители изведуваат терористички акт над непосредната жртва за да можат да ја пренесат пораката на средината од која

потекнува непосредната жртва. Тоа е евидентно по тоа што одговорноста за изведениот терористички акт го превзема терористичкиот субјект (јавно се огласува), а не се споменуваат неговите директни извршители. Со пораката се нагласува и заканата дека со таквите акти ќе се продолжи и во наредниот период, ако не се постапи по барањата на дотичниот терористички субјект. Бројни примери за оваа карактеристика има на Косово и Метохија по доаѓањето на УМНИК и КФОР.

3. *Предизвикување на ужасен страв* - успешно изведен терористички акт е гаранција дека саканата сурова порака ќе допре до средината од која потекнува жртвата над која е изведен, а со тоа и можноста да се предизвика и ужасен страв. Суштината на оваа карактеристика на тероризмот е во настојувањето на неговите носители акумулираниот страв на пошироката популација да се трансформира во акциско дејствување против сопственото раководство, со цел, да го принуди да направи отстапки на терористите.
4. *Неморалност* – се огледува во тоа што припадниците на терористичкиот субјект се без оглед дали ги кршат обичаите на војувањето.
5. *Бруталност* – таа е во повеќеслојна корелација со неморалноста на неговите носители. Бруталноста се изразува со употреба на сила, која ја надминува потребата на актот и која свесно е насочена на посебно осетлив субјект, со погубни последици на психата на луѓето.
6. *Противзаконитост* – Тероризмот од аспект на внатрешното право, меѓународното право и повелбата на ОН е противзаконит и забранет облик на војна за решавање на политички несогласности и спорови. Бидејќи на граѓаните во демократските земји им е овозможено по парламентарен пат да го изразуваат своето незадоволство, и се разбира да го отстрануваат, а терористите настојуваат по вонпарламентарен и насилен пат, со облици на војна да ги остварат своите цели. Тероризмот во кривичното законодавство на секоја држава се квалификува како едно од тешките кривични дела. Меѓународното право на сличен начин го третира тероризмот.
7. *Минимално насилство* – најчесто поради малубројноста и неадекватната вооружаност, секако и според подмолните стратегии и тактики со кои се служат терористичките субјекти, определува наместо масовно вооружено насилство и

класични конвенционални борбени дејствија, да изведуваат минимално но крајно свирепо спектакуларно насилство над непосредните жртви, при тоа раководејќи се од проценката дека ќе го принудат противникот без збор да ги исполни нивните барања.

8. *Ирационалност* – Таа е во директна врска со ирационалноста на терористите, односно нивните уверувања за тоа дека токму со таков вид на насилство "сигурно" ќе го принудат противникот да капитулира.

(Мијалковски, 2003:11,12,13,14)

Иако со текот на времето, покрај останатите работи (целите, начините, мотивите...) се менуваат и карактеристиките на тероризмот, сепак горенаведените се оние кои може да се каже дека се општи и релативно константни. Тие се оние и покрај сите работи кои се менуваат, нешто кое е релативно непроменливо и кои служат како основа за сите идни модификации во поглед на новите карактеристиките кои произлегуваат. Иако можно се и нови, сепак основата ја црпат токму од оваа база.

## 2. Религија

Религијата е присутна во сите човекови заедници. Од својот почеток па се до денес, религијата останала средишен дел од човековото искуство, односно таа во одреден степен, влијае на нашата перцепција и односот кон околината во која живееме. Најчесто религијата е таа која не помага да ги разбереме работите и настаните кои се случуваат, а кои не можеме да ги разбереме. Но исто така, тоа е термин кој задава најмногу проблеми за дефинирање. Етимолошки зборот религија потекнува од латинското *religare*, што значи да се поврзе нешто (http://www.vopus.org/sr/gnoza/mistika-religija/religija-kao-nauka.html). Дефинициите за религијата се соочуваат со проблем: или се премногу тесни и општи, а со тоа и премногу нејасни, и можат да отфрлат цел систем на верувања, или пак се премногу опширни и на тој начин се и секого го ставаат во рамката на религијата. Тесната дефиниција би била едноставна – верување во Бог. Таа, во суштина, неможе да биде поврзана со тероризам. Иако постојат случаи каде некои групи или индивидуалци ја користат или злоупотребуваат токму религијата за терористички дејствија. Во секој случај може многу лесно да се каже што е религијата. Религијата вклучува збир на

симболи, се повикува на чувството на понизност и стравопочитување, а тие чувства и симболи се поврзани со ритуали и церемонии во кои учествува една група на верници од зедницата (Гиденс, 2007: 531). Религиските фундаменталисти религијата ја сваќаат како корпус на "суштински" и неоспорни принципи, кои го диктираат не само личното однесување, туку и организација на општествениот, економскиот и политичкиот живот. Религијата не може и не треба да биде ограничена само на "приватната сфера", туку својот најголем и вистински израз го наоѓа во политиката на народната мобилизација и општествената преродба (Хејвуд, 2005:511).

Сепак религијата е онаа која е дел од нас и нашето секојдневие. Таа е онаа која и во убавите но и во лошите моменти ни дава мир и спокојство, нешто возвишено. Таа е нашата утеха, таа е нешто без која ниедна личност не се осудува да функционира, вклучувајќи ги и атеистите. Сметам дека можеби најголемите верници се токму атеистите, од едноставна причина бидејќи тие се оние кои ја знаат верата и религијата до најмал детал. За да отфрлиш нешто, треба најпрвин да го знаеш. Ако не го знаеш, како ќе знаеш дали тоа е вредно за отфрлање или вредно за чување? Степенот на верување е различен и варира од личност до личност. Религиозноста е нешто што му е потребно на секој разум, на секое битие. Но треба да се запомни дека религијата не треба да се злоупотребува. Таа служи за нешто, кое е сосема поинакво, а не за лоша интерпретација и изговор за се она лошо што се случува.

## 3. Ислам

Исламот е една од трите големи светски монотеистички религии (другите две се јудаизмот и христијанството). Настаната е во 7 век во Арабија со пророкот Мохамед кој најпрво ги преобразил трговските градови Мека и Медина. Во текот на еден век исламот се ширел освојувајќи ги Персија, поголем дел од Југозападна Азија, Северна Африка и Шпанија. Денес, исламот опфаќа околу 45 земји со околу една милијарда луѓе. Исламот е заснован врз принципот на понизност кон Аллах или Бог, негови свети книги се Куранот (зборот на Бог пренесен од ангел до Мохамед) и Хадите или исказите од Пророкот (Nawwab, Speers, Hoye, 2006:1,2). Понекогаш, како една од обврските на муслиманите се смета џихад или света војна и често се толкува како упатување во процес на духовно возвишување, а не на војна против немуслиманите. Исламот се

разликува од христијанството по тоа што нема свештенска хиерархија, по спроведувањето на неколку забрани во врска со храната и по посветувањето посебно внимание на статусот и на облеката на жената. Од седмиот век тој е поделен на две фракции: сунити и шиити (Vukomanovic, 2004:28).

Но за да може да се разбере Исламот, треба да се прифатат некои факти како такви, за оваа религија. Влијанието на Исламот на секојдневниот живот на Муслиманите е многу поголемо отколку онаа на Западните култури во Средниот век, и не само во Средниот век туку и до ден денес. Муслиманите ја надградуваат дефиницијата и велат дека Исламот е светлина наспроти црнилото од репресијата, сегрегацијата, нетолеранцијата и расизмот. На пример доста познат факт е дека Исламот е тоталитарна идеологија, која ги одбива Демократијата, Личната Слобода и секоја останата религија (http://www.targetofopportunity.com/islam.htm). Според исламот (радикалниот) земските закони на човекот се безначајни и како такви тие апсолутно немаат никакво значење во Муслиманската култура. Единствени закони кои треба да се почитуваат според нив се оние на Коранот и на Шеријатското право. Исламското право/Шеријатското право не може да се поврзе со Слободата, Демократијата и Независноста, или со било која друга институција или влада каде луѓето имаат навистина право на глас и право да си го кажат своето мислење. Се што не е Исламско, не се охрабрува, не се поддржува и во многу случаи е забрането. На пример, идеалите кај Американците, и не само кај нив, туку и насекаде низ светот, каде не е исламот не е водечка религија, како што се Слобода на Религија, Слобода на говор, Слобода на медиуми, немаат никакво значење за Исламската култура. Исламот и Шеријатското право се единствени идели кон кои треба да се стремат. Во Исламските држави, онаму каде што нема формално признаена поделба помеѓу религијата и правото, џамиите и државата, онаму каде исламот не е државна религија, Шеријатското право е она кое треба да се примени, без дополнителни модификации, промени или толкувања и особено не од обичните смртници. Слободата не постои во Исламот. Само Исламот е тој кој постои во Исламот. Идеалната констелација Исламот е тој кој треба да биде на чело на државата, да ја води државата и се разбира, сите закони треба да бидат според Коранот.

“*Исламот е револуционерна вера која има за цел да ја уништи било која влада која е направена од човекот. Исламот не се грижи за нацијата да биде во подобра*

*состојба од некоја друга нација. Исламот не се грижи за земјата или за тоа кој ја поседува земјата. Целта на исламот е да владее со целиот свет и целото човештво да ја земе верата на Исламот. Секоја нација или моќ на овој свет кој ќе застане на патот, Исламот ќе се бори и ќе го уништи."(Мавлана Абул Ала Мавдуди, основачот на Пакистанското Фундаменталистичко Движење).*

Без разлика дали ни се допаѓа или не, дали се согласуваме или не, дали веруваме или не, Исламистичките терористи се причина за скоро сите напади на во светот. Секогаш постојат луѓе кои ќе кажат дека тие терористи не се вистински Муслимани, и според тоа не е исламски тероризам. Овие терористи се посветени Муслимани и сериозни студенти на Исламот и на неговото учење. Тие разбираат што е Исламот, и што значи да бидеш бранител на Аллах и на Исламот, и што е се потребно за да бидеш добар муслиман. Секој Муслиман верува дека Исламот е единствената вистинска религија, дека не постои друга религија, дека постои само еден Бог, а тоа е Аллах, и како религија таа е супериорна кон остантите верувања и религии. Тие исто така веруваат дека нема невини луѓе освен Муслманите и поради тоа убивањето на немуслимани е прифатливо за Аллах, и легитимен начин да се допринесе, и како што тие веруваат, дека се на мисија со наредби директно од Аллах, како што е пишано во Коранот, да се убие се што е закана или навреда за Исламот или за Аллах. Неверниците не заслужуваат да живеат. Тие заслужуваат да умрат. Но ако Муслиман умре додека се бори за исламот, тогаш станува збор за величенствен акт, акт кој е доволно добар за да има место во Рајот. Сите оние кои ќе ги убие при војувањето, сите оние кои ќе умрат, тогаш не станува збор за убиство. Тоа е оправдано, зошто актот не е убиство, туку е нешто фасицинатно. Во овој контекст Исламот е еден и единствен, тој е уникатен. Ако го размислиме ова, ќе сватиме дека Коранот учи за спасот преку борба и убивање на сите оние кои не се муслимани.

## 4. Религиски/Исламски Фундаметализам

Зборот "фундаментализам" потекнува од латинскиот збор *fundamentum*, што значи основа. За прв пат е употребен на почетокот на 20 век во дебатите во рамите на американскиот протестантизам. Во својата модерна употреба фундаментализамот се врзува за сите главни светски религии – ислам, јудаизам, хиндуизам, сикизам, будизам

како и за христијанството (Beeman, 2001:1). Фундаментализмот се јавува како модерна појава, односно се јавува во општества кои го имаат проблемот со кризата на идентитетот. Некои фундаментализми се поврзуваат со насилство и со анти уставна политичка акција, некои пак го поддржуваат мирољубивото однесување во рамките на законите. Сепак, некои фундаментализмот го третираат како подвид на национализмот, а во некои случаи фундаментализмот дејствува како религиски национализам.(Хејвуд, 2005: 306). Сепак фундаментализмот се граничи со можноста за насилство. Исламот, слично како христијанството е религија која скоро стално поттикнува на активизам: Куранот, исламското свето писмо, е полно со поуки кон верниците како треба да се "бори за Бог". Таа борба потребно е да се води и против неверниците и против оние кои ја корумпираат муслиманската заедница (Гиденс, 2007: 558).

Кон крајот на 20 и почетокот на 21 век, на светската сцена можеше да се забележи масовно појавување на исламскиот фундаменталистички тероризам, во однос на тероризмот како орудие за постигнување на сопствените цели, кој дотогаш беше познат.

Според книгата на Др. Петер Хамонд: "Slavery, Terrorism and Islam: The Historical roots and contemporaru threat", во која ги анализира скриените поруки на исламот, во светот нема место за немуслиманите. "Уммах е една и не може да се дели" (цитат од Куранот, 3.103).

Мохамед рекол "Наредено ми е да се борам додека тие потврдуваат дека нема Бог освен Аллах и дека јас сум неговиот Пророк" (цитат од Куранот 47-4).

Кога муслиманското население на една земја ќе достигне околу 1% од вкупното население на таа земја, тогаш тоа се декларира како мирољубиво малцинство кое не се меша во работите на другите средини. Така е, на пример во следниве земји:

| | |
|---|---|
| САД | Муслимани 1% |
| Австралија | Муслимани 1,5% |
| Канада | Муслимани 1,9% |
| Кина | Муслимани 1%-2% |
| Италија | Муслимани 1,5% |
| Норвешка | Муслимани 1,8% |

Кога муслиманите ќе достигнат бројка меѓу 2% и 3%, според Хамонд, започнуваат да се превземаат поединици или мали групи на верници од другите верски заедници,

посебно кога се работи за млади кои се собираат во улични групи или меѓу млади престапници. Тоа се случува, според Хамонд, во следниве земји:

| | |
|---|---|
| Данска | Муслимани 2% |
| Германија | Муслимани 3,7% |
| Велика Британија | Муслимани 2,7% |
| Шпанија | Муслимани 4% |
| Тајланд | Муслимани 4,6% |

Између 5% и 10% од населението со муслиманска вероисповед во една земја, започнува значително да влијае на однесувањето на некои незадоволни кругови. Муслиманите тогаш започнуваат да инсистираат на воведување во општествените стандарди на некои свои закони и обичаи како што е на пример, халал (прописи според исламски стандарди) посебно кога е во прашање храната, која се подготвува и чува на специфичен начин. Со цел исполнување на своите барања, ќе вршат различни видови на притисоци на големите продажни мрежи на супермаркети, барајќи на полиците да се означува хранта која е “чиста” односно онаа која е “нечиста”. Во некои земји се бара од владеачката гарнитура и администрација да се воведе дел од шеријатскиот закон во некои области од општествениот живот (училишта, семеен живот, правила на исхрана во интернати, војската, болниците и слични институции). Тоа веќе се случува во некои земји, каде процентот на муслиманското во однос на целокупното население изнесува меѓу 5% и 10%:

| | |
|---|---|
| Франција | Муслимани 8% |
| Филипини | Муслимани 5% |
| Шведска | Муслимани 5% |
| Швајцарија | Муслимани 4,3% |
| Холандија | Муслимани 5,5% |
| Тринидад и Тобаго | Муслимани 5,8% |

Кога муслиманите ќе достигнат 10% од вкупната популација, можат да се обидат некои од своите барања да ги остварат со сила (Таков случај се случил во Париз пред извесно време кога избиле големи улични нереди и кога се запалени голем број на автомобили). Во слични ситуации, било каква активност која муслиманите ќе ја оценат за непријателска, може да води кон побуна и нереди од широки размери. (Во Амстердам

избиле големи немири зошто се објавени некои стрипови во главна личност е пророкот Мохамед).

Во слична опасност се наоѓаат и земјите во кои процентот на муслиманско население е помеѓу 10% и 20%, тврди Хамонд:

| | |
|---|---|
| Индија | Муслимани 13,4% |
| Израел | Муслимани 16% |
| Кенија | Муслимани 10% |
| Руска Федерација | Муслимани 10-15% |

Кога процентот на муслиманско население премине 20%, може да се очекуваат зачестени немири на верска основа, формирање на формациии на џихад полиција, повремени убиства и/или палење на цркви и синагоги. Таков е случајот со Етиопија:

| | |
|---|---|
| Етиопија | Муслмани 32,8% |

Веќе каде што има 40% на муслиманско население, според Хамонд, доаѓа до масовни вооружени судири, масакри на поединечни групи од друга вера, зачестени терористички напади и вооружени судири на различни вооружени полиции (се разбира, во меѓувреме и загрозената страна формира своја полиција):

| | |
|---|---|
| Босна | Муслимани 40% |
| Чад | Муслимани 53,1% |
| Либан | Муслимани 59,7% |

Кај земјите со 60% муслманско население може да се очекува доста силен притисок на “неверниците” кое се изразува преку повремени акции за етничко чистење (Тоа води директно кон геноцид), користење на шеријатското право како основен закон за регулирање на односите меѓу луѓето, наметнување на различни давачки за “неверниците” и слично. (Тоа се случува постепено така да однадвор тешко се воочува промената, според Хамонд). Такви земји се:

| | |
|---|---|
| Албанија | Муслимани 70% |
| Малезија | Муслимани 60,4 % |
| Катар | Муслимани 77,5% |
| Судан | Муслимани 70% |

Во земјите преку 80% на муслманско население, нормална појава се различни облици на етничко чистење и геноцид. Такви земји се:

| | |
|---|---|
| Бангладеш | Муслимани 83% |

| | |
|---|---|
| Египет | Муслимани 90% |
| Газа | Муслимани 98,7% |
| Индонезија | Муслимани 86,1% |
| Иран | Муслимани 98% |
| Ирак | Муслимани 97% |
| Јордан | Муслимани 92% |
| Мароко | Муслимани 98,7% |
| Пакистан | Муслимани 97% |
| Палестина | Муслимани 99% |
| Сирија | Муслимани 90% |
| Таџикистан | Муслимани 90% |
| Турција | Муслимани 99,8% |
| Соединети Арапски Емирати | Муслимани 96% |

Кога земјите со 100% муслиманско население, според Куранот, тоа се земји во кои владее "Dar-es-Salaam" – Исламска куќа на мирот – не би требало да има судири и немири од било кој вид. Тоа се:

| | |
|---|---|
| Авганистан | Муслимани 100% |
| Саудиска Арабија | Муслимани 100% |
| Сомалија | Муслимани 100% |
| Јемен | Муслимани 99,9% |

Се разбира, како што заклучува Хамонд, тоа не е случај. Кога ќе воспостават такво општество во рамките на една или повеќе земји, тие започнуваат меѓусебни судири поради различни причини и поводи. (адаптирано од Хамонд, 2005)

Добро познат факт е дека муслманското население, во која држава и да е, живее во во еден дел од градовите, во т.н. гетоа. Тие не се мешаат во општеството во кое живеат. Напротив, настојуваат тоа општество да го интегрираат во својата заедница во која тие ќе бидат доминанатен фактор. Во меѓувреме, тие дејствуваат на скеој можен начин во заштита на своите навики, ставови, обичаи, вера, закони.

Се до почетокот на војната во Авганистан, исламските терористички организации и поединечни исламски земји, кои финансиски и организационо го поддржувале овој вид на тероризам, дејствувале главно на своја рака, и најчесто помеѓу нив немало поврзаност, координација, ниту во акциите, а немало ни сличност, која може да се

забележи денес, во начинот на спореведувањето на актот. Така набљудувано, немало никаква допирна точка, нешто по кое ќе може да се заклучи дека има некаков водач, некаков лидер, некое тело или организација кое ги кооридинира сите активности, на различни терористички групи, и спored тоа да дејствува според една заедничка цел.

Од таа војна, меѓутоа, исламскиот тероризам излегол финансиски, организационо, како и со доста подобрен и помногуброен кадар, едноставно станале посилни.

Големо влијание врз настаните имала Америка, која во војната во Авганистан се вмешала со методот на добро познататите т.н. прикриени акции. ПОради што друго, ако не заради својот интерес токму во тој дел од светот, преку своите агенти и тајните служби, ги вооружуваа муџахедините, им организираа обуки, споделуваа со нив технологии, пари, знаења. Кадрите, борците и останатите финансиски средства ги обезбедуваа самите фундаменталисти, со неофицијална поддршка од Групата Д – 8, која опфаќа околу 13% од светската популација. Тоа се земјите Бангладеш, Египет, Индонезија, Иран, Малезија, Нигерија, Пакистани Турција, познати и како најбогатите муслимански земји, чија цел е да ја подобрат својата позицијата во глобалната економија, да создадат нови трговски врски и можеби она најважното да го зголемазт својот глас во контекст на одлучувањето на интернационално ниво. Така војната во Авганистан ја направи пресвртницата во развојот на исламскиот тероризам. После идејата за семуслиманско братство која е промовирана во таа војна, се јавила идејата за организирање на исламски терористички мрежи кои би ги поврзувала сите исламски терористички организации во една голема организација, која би била светски распространета. Целта би била џихад или светата војна, војна која е насочена против сите противници на исламот. Врз основа на таквите искуства и идеи, во 1988 година е создадена организацијата Ал Каида, мрежа која поврзува различни фундаменталистички организации, од повеќе земји во една. Најверојатно е јавна тајна дека позади Ал Каида стојат разунзавачки служби на оние земји кои се добро познати како спонзори на исламскиот тероризам. Ал Каида успеала да развие една нов вид на тероризам, а кој се базира на широк спектар на нековенционални дејствија. Основната шема на дејствувањето на Ал Каида се состои во создавање на бројни хуманитарни, добротворни, образовни, финансиски и културолошки организации, медиумски куќи и слично, ширум светот, а кои служат за спонзорирање, перење на пари, верско

образување, регрутирање на кадри, обука на кадрите и се останато кое во иднина ќе може да помогне во реализација на целите на организацијата.

## 5. Исламски тероризам

Исламските терористи секој изведен масакр го користат во медиумите за да упатат ЗАКАНА, за ШИРЕЊЕ НА МАСОВЕН СТРАВ И СОСТОЈБА НА НЕИЗВЕСНОСТ, понекогаш означувајќи ја локацијата на следниот удар и со тоа давајќи на знаење на државата колку е немоќна да ги спречи. И покрај тоа што се свесни за целта на пропагандата која се обидуваат да ја постигнат, органите на безбедност не смеат во ниедна држава да останат на идејата дека е само пропаганда и дека нема реална закана. Но, од друга страна пак мерките на зголемена контрола донекаде им одат во прилог на таквата терористичка пропаганда. Заканите на Осама бин Ладен во некои случаи имале посакувани ефекти. Таков пример е со Шпанија кога ги повлекла своите трупи од Ирак. Покрај овие, закани се упатени низ цела Европа, "превентивната војна" се заканува да се транформира во меѓународна. Атмосферата на страв и неизвесност е секако различна, па сепак изгледа дека е најголема во земјите со висок процент на муслиманско население (Франција, Италија, Велика Британија). Во некои европски центри се поставува прашањето дали требало да се дозволи толкав голем прилив на муџахедини (бројот е од неколку стотини илијади после втората светска војна, па до крајот на 2000 година, овој број изнесувал некаде околу 12,5 милиони). Но тогаш се поставува прашањето на кој се треба да му се дозволи влез во една земја. Која е сигурноста дека денес еден Христијанин, Будист и сл дека утре нема да стане Муслиман, кој можеби еден ден ќе стане и дел од некоја терористичка органзиација. Факт е дека една неизвесност, наметнува друга.

## 6. Потенцијали и перспективи на исламскиот тероризам

Ова прашање денес е доста сложено и во многу работи е непознато за да може со сигурност да се каже или пак да се предвиди. Ако е веќе укажано на "двокомпонентниот состав" на исламскиот тероризам, следува прашањето дали така и

ќе остане и доколку остане која компонента ќе биде водечка. Оваа проблем доста дебатиран, а голем дел е застапено и во расправите за политичкиот ислам, но се разбира со гледишта кои се спротивставени. Некои исламски интелектуалци стојат на тврдењето дека исламот нема никаква врска со тероризмот и дека тоа е религија на мирот, толеранцијата и на разбирањето. Ваквото толкување е противречно на бројните судири помеѓу различните струи во исламот, а најчесто се врзува со антагонизмот кон западните вредности и нечистиот живот, а некои опоненти, борбата против тероризмот ја изедначуваат со борбата против исламот (особено после 11 Септември 2001год.). Наводно, нетолерантноста и светската аспирација со употребата на насилство се неодделни средства на оваа вероисповед и муслимански менталитет. Проблемот е во тоа што овие две гледишта, во различни верзии и нагласеност, можат да се верификуваат во досегашната историска практика или во актуелноста. Исламскиот фундаментализам му дал на тероризмот бруталност и фанатизам, апотеоза на жртвувањето со верување во инкарнација на животот, нешто што може да се забележи во случаите со "луѓето - бомби" и "автомобил - бомби", но исто така и во суровоста на невино настраданите на лице место.

Карактеристичен е фактот што, каде и да интервенирале САД воено, секаде започнало движење на отпор во некои видови на тероризам. Тоа е она што Американците, односно Стејт Департментот не сакаат да го прифатат: дека корените на новиот тероризам се во релација со идејата за воено интервенирање и хегемонизам. Се разбира дека не се во прашање чисто верски мотиви и антагонизми, туку економски мотиви кои првенствено се наосчени за контрола над изворите на енергија.

Тероризмот е оној кој ги зафаќа се повеќе земјите во развој. Таа околност може да биде појдовна точка за сите анализи понатаму, социолошки и други анализи на оваа светска појава. Една карактеристика се наоѓа и во верскиот фактор, најверојатно зошто религијата и етницитетот се измешале и една со друга се надополнуваат. Во Руската Федерација (Киргистан), делува движењето "вахабизам" и движењето на Хизб ат Тахрир со слоганот: слобода, правда, обнова на калифатот. Дел од оваа идеолошка рационализација е застапен и во католицизмот, религија која исто така претендира за светски примат. И повторно, оној парадокс, дека секоја страна има свои аргументи и контра – аргументи.

Постојат тенденции/случаи дека антиглобалистичките движења и поединечни нивни акции се “допираат” со тероризмот. Така во 2002 година група на антиглобалисти во Јоханесбург планирала да го дигне во воздух конференцискиот центар на Самитот за долгорочен развој. Во демонстрациите имало немири, биле демолирани некои објекти, дошло до судир со органите за воспоставување на ред, но се тоа не дошло до стадиум на тероризам. Но, во антихегемонистичкото односно во антиамериканското определување постои една скриена линија на отпор со закана за побуна. Исламскиот тероризам во тој домен има извесни работи врз кои може да се потпре, а со самото тоа и шанса да го зајакне своето влијание и да добие на моќ, но и со тоа што на спротивната страна се јавува отпор.

Текот на терористичките активности на Блискиот Исток во голем дел ќе зависи до случувањата во Ирак, односно од антизападното расположение, кој го надминува верскиот карактер. Исламскиот тероризам во Ирак се одржува во отпорот за воспоставување на поредок под американски патронат, против искористување на природните ресурси. А силите кои се на страната на коалицијата, се разбира имаат свој план и свој простор за маневрирање. Американскиот конгрес брзо реагирал, и ја одбрил првата транша од вкупно 18,4 милијарди долари за обнова на Ирак. Прашањето е дали сето ова ќе го ослаби тероризмот (United States Department of State, 2006: 2). Второто прашање е моментот на прокламација: да се измени мапата на Блискиот Исток. Кога е во прашање Ирак, мора да се смета на конфронтацијата помеѓу Шиитите, Курдите и Сунитите и после прифаќање на т.н. преминувачки устав. Но, ако таа конфронтација се продлабочи и премине во некој вид на валкана граѓанска војна, исламскиот тероризам ќе ја изгуби антихегемонистичката димензија, а со неа и идејата за џихад на семуслиманското здружување (“Муслимани во светот, здружете се против светските моќници”). Тоа важи и за повикот на Џмабајев муслиманите да не се борат меѓу себе (“Нашите непријатели се Америка и Велика Британија”). Во еден дел тоа зависи и од верската ортодоксија, ако се истрае во настојувањето да се спречи понатамошна политизација на исламот со барање за “враќање на религијата” и “сферата на личното”. !!!!!!!!!!!!

## 7. Обид за разбирање на радикалните исламистички фундаменталисти

Раните Арапи, пред 7 век, Арапските групи постоеле само во рамките на мали племенски единици, претежно пустински жители. Тоа биле неколку поголеми градови без централна влада. Мохамед и неговите привзаници ги здружиле Арапските племиња под знамето на Исламот. Она што Мохамед им го дал било законот и редот, каде се дала разлика меѓу она што е добро и она што е лошо, како и милосрдност и сочуство кон послабите. Им дал чувство за етничка припадност, како и надеж за иднината каде е лимитирана на земјата, но затоа пак рајот е тој кој што ги чека. Им обезбедил цел во животот и религија. (Bozarth, 2005:3).

Закон и ред:

- Старите закони биле направени од моќен човек. Општество каде "оној со најмногу моќ ги прави законите". Имало постојани борби и докажување на моќ за да се одреди чии закони се помоќни.
- Исламскиот закон е законот на Господ. Поголем е од волјата на човекот. Дава унифициран код на законите кој важи за сите.

Етничко единство:

- Арапите се идентификуваат во индивидуалните племиња и кланови. На другите племиња се гледа како на аутсајдери кои се натпреваруваат за контрола над ограничените ресурси.
- Ислам преку еднаквост. Се зајакнува Арапското братство. Се нагласуваат заедничките цели и верувања. Верноста се премести од племото во служењето на Исламот.

Надеж за иднината:

- Животот е тежок, и претставува константна битка, но животот може да се подобри само со следењето на Волјата на Господ (Ислам). Се наградува на тој начин што во задгробниот живот и во Рајот одат само вистинските верници и за оние кои правилно го практикувале Исламот.

Религијата:

- Архангелот Габриел му проговорил на Мохамед, пренесувајќи му ги зборовите на Господ.

- Мохамед овие зборови го запамтил и ги пренесувал на своите верници.
- Кратко по смртта на Мохамед, неговите верници ги напишале овие свети зборови, во она што денес се нарекува Куран.
- Куранот е некорумпиран и ги истиснува Тората и евангелијата.

Основни правила:

- "Не постои друг Бог освен Аллах, и Мохамед е Неговиот пророк"
- Петте основни заповеди на Исламот: Декларација на Верата каде се признава дека има само еден Бог и дека неговиот пророк е Мохамед (*Shahadh)*, Пет дневни молитви *(Salah)*, давање милостина (2,5% добротворни цели, *Zakaah),* постење од самрак до зори за време на месецот на Рамадан *(Sawn)*, аџилак во Мека за време на месецот Zul Hijah *(Hajj)*.
- Практични аспекти: исламските научници обезбедуваат интерпретација на Куранот и другите записи.

(Bozarth, 2005:5-11)

"Нема насилство во религијата". Вистинското уверување секогаш стои наспроти лажното: секој оној кој ќе го одбие злото и ќе верува во Господ, тој го фатил најсилното јаже кое никогаш не се кине. И Господ е тој кој Се Слуша и Се Знае" *(Куран 2:256)*.

Немуслиманите плаќаат посебна такса (jizyah), но и понатака се слободни да ја практицираат својата религија, да се впуштаат во трговија, да имаат свој имот…

Некои правила (фатва) наметнуваат протерување на неверниците од Исламските области.

ПРОРОЦИ:

<table>
<tr><td>АДАМ</td><td rowspan="4">ЈУДАИЗАМ<br>ХРИСТИЈАНСТВО<br>ИСЛАМ</td></tr>
<tr><td>НОА</td></tr>
<tr><td>МОЈСЕЈ</td></tr>
<tr><td>АБРАХАМ</td></tr>
<tr><td>ИСУС</td><td>ХРИСТИЈАНСТВО & ИСЛАМ</td></tr>
<tr><td>МОХАМЕД</td><td>ИСЛАМ</td></tr>
</table>

- Коранот е широко употребуван во неговата оригинална Арапска форма, но во поново време можат да се сретнат и преводи на Коранот.

*Историски ислам*

Се поставуап рашањето дали Исламот е ширен со помош на наслиство. Имено, Мохамед ја освоил Мека како и поголемиот дел од Арапскиот полуостров. Следбениците пак го ширеле Исламот низ Средниот Исток. Подоцната Арапска војска ги освоила Северна Африка, Индија, делови од јужна Азија, па и дел од Европа.

*Златното време на исламот*

Додека Европа била во темните години, Исламскиот свет бил одличен во уметноста, литературата, математиката, текстилната индустрија, медицината. Тоа било златното време на исламот.

*Семето на промената*

Што е она што го нудат Исламските Фундаменталисти:

- Нудат ветување за враќање на Златното време на Исламската култура.
- Го гледаат нечистиот Запад како извор за повеќето проблеми во светот, а се разбира Исламот е оној кој враќа во исправното гледање на работите.
- Веруваат дека зборовите на Господ се запишани во Коранот и со другите Исламски дела кои постојат. Веруваат дека Исламот е извор за сите вистински закони. Општеството треба строго да следи Исламскиот закон, токму онака како што е интерпретиран од луѓето кои го изучувале посветено исламот.

## 8. Исламскиот закон наспорти секуларниот закон

Дали Исламот може да биде копатибилен со секуларизмот е прашање кое особено актуелно во 21 век. Фундаменталните Муслимани целосно го отфрлаат секуларизмот како нешто кое е анти исламско. Најпрвин затоа што се нагласува во секуларизмот верувањето во она што е на земјата, додека исламот верува и во животот по смртта. Што се однесува до правата на човекот, тие се корумпирани бидејќи ја следат желбата и волјата на смртниот човек, бидејќи имаат закони кои се не се напишани од Господ, туку од обичните смртници. Исламскиот закон е одреден и запишан во светите дела и мора да се интерпретира од научниците кој го посветиле

сиот свој живот за учење на истиот. Во Новата држава извор на правото се Куранот и Хадитот. Пред тоа постоел само вид на трибунал на шефови кои одлуките ги носеле колективно. Во овој период извор на правото се племенските обичаи и традициите, и секоја одлука која се носела морала да биде во рамките на овие обиачи. Друг извор на правото не постои. Според Исламот, религијата и политиката не можат да бидат одделени. Демократиите и другите форми на само – владеење се зли затоа што ги следат каприците и перверзијата на човекот. Исламот треба да се живее не само како проповед – тој го диктира секој аспект на животот, започнувајќи од општествените обичаи па до трговијата. Секуларизмот е атеистичен, според нив, а атеизмот кај нив нема место, од едноставна причина што Исламот строго го нагласува верувањето во Аллах.

## 9. Фундаменталисти – муслимани и христијани

Фундаменталистите го делат истото верување, а тоа дека едно општество треба да биде исклучиво водено од законите на Господ/Аллах. Христијанските фундаменталисти го нагласуваат религиозното Свето Писмо. Тие гледаат дали Библијата на вистински начин ги интерпретира чудата на Исус, воскреснувањето итн. За Исламските фундаменталисти важно е целото оштество да биде насочено кон законите на Куранот. И муслиманите и Христијаните употребуваат интерпретација за повеќето списи кои изгледа дека се применливи денес, на истиот начин како што биле применливи и векови претходно.

Куќите на молитвата во Исламот, ЏАМИИТЕ не се само центар за религиозни туку и културни и политички активности. Петочните религиозни церемонии се одржувани од страна на учените луѓе, и често пати ги изразуваат политичките гледања.

ЗАШТИТНИЦИ НА ИСЛАМОТ. Се обидуваат да ги вметнат екстремните стихови во Коранот. Тие ја штитат верата, па дури и по цена на сопствениот живот, и да одговарат на повикот за Џихад, затоа што смртта за одбрана на Исламот е маченичка смрт и наградена на крајот со Рај. Крајната цел е да ги заштитат сите Муслимани, затоа што оние кои не се фундаменталисти, едноставно не можат тоа да го направат по обичен пат.

СЕМЕТО НА НАСИЛНИОТ КОНФЛИКТ

Заштитата на Исламот е побарување за сите Муслимани. Ширењето на верата е спорна. Исламот учи за толеранција, особено за "Луѓето од Книгата" (на пример Евреите во Египет). Исламот учи дека сите луѓе се браќа но дека не се толерираат одметниците, како што се на пример Евреите и Христијаните, за кои е наменета посебна давачка или такса. Имаат амбиции да ги бранат сите земји кои некогаш биле Муслимански или се во моментов со мнозинство на жители од муслиманска вероисповед. Дали тоа значи дека ќе ги бранат со помош на насилство? Сепак фундаменталистичките гледишта, се оние кои одат до крајности и за кои насилството е портата кон Рајот.

РАДИКАЛНИТЕ ГЛЕДИШТА

Земјите на Исламот биле корумпирани од страна на Западот, желби за побогатите Арапски острови. Поддржување на светска доминантност на Евреите. Поддржување на одметнатите лидери. Исламот и Арапските луѓе се под закана од неверниците. Борбата против неверниците е должност на секој Муслман ширум светот.

РАДИКАЛНИ МЕТОДИ

Политички решенија не се можни – моќта никогаш неможе доброволно да се даде, секогаш е со помош на сила. Затоа се обидуваат директно и индиректно да влијаат на владите и институциите. Директна воена конфронтација не е можна од повеќе аспекти, а како алтернатива која е испробана и која дава посакуван ефект е тероризмот.

ТЕРОРИЗМОТ И ХРИСТИЈАНСКИТЕ ФУНДАМЕНТАЛИСТИ

Исто како и Исламските фундаменталисти, повеќето Христијански фундаменталисти се ненасилни. Но силните фундаменталистички верувања одат понекогаш до степен на екстремен израз на начин што го бранат насилството и терористичките акти.

БОРБА ПРОТИВ РАДИКАЛНИТЕ ИСЛАМСКИ ТЕРОРИСТИ

За одговор на Исламскиот тероризам е можно само преку разбирање на Исламската култура и верувања. Континуирана поддршка за Израел балансирана со силна поддршка за Палестинците. Агресивна економска помош, зголемена образовна размена, мешање на културата со другите култури. Брзи и одлучни акции, како одговор на реакциите на тероризмот.

| **Историја & Статистика** | **Христијанство** | **Ислам** |
|---|---|---|
| **Дата на основање** | Околу 30 п.н.е | 622 п.н.е. |
| **Место на основање** | Палестина | Арапски Полуостров |
| **Основачи & рани лидери** | Исус, Петар, Пол | Мохамед |

| | | |
|---|---|---|
| **Оригинални јазици** | Арапски и Грчки | Арапски |
| **Главни локации денес** | Европа, Северна и Јужна Америка | Среден Исток, Југоисточна Азија |
| **Приврзаници на светско ниво денес** | 2 билиони | 1,3 билиони |
| **Приврзаници во САД** | 159 милиони | 1,1 милиони |
| **Приврзаници во Канада** | 21 милион | 500,000 |
| **Приврзаници во Велика Британија** | 51 милион | 1,6 милиони |
| **Монетарен ранк по големина** | Најголеми во светот | Втори по големина во светот |
| **Главни подрелигии** | Католици, Ортодоксни, Протестанти | Сунити, Шиити |

Извор: http://www.religionfacts.com/christianity/charts/christianity_islam.htm

| **Религиозен авторитет** | **Христијанство** | **Ислам** |
|---|---|---|
| **Свето писмо** | Библија = стар тестамент (Еврејска Библија) + Нов тестамент | Куран |
| **Инспирација за светиот текст** | Гледиштата се различни: буквалните зборови од Господ, човековo потекло | Буквалните зборови на Господ |
| **Статус на Библиските пророци** | Вистински пророци | Вистински пророци |
| **Стаус на Еврејската Библија** | Канонична | Не канонска но корисна како инспиративен текст |
| **Религиозно право** | Канонско право (католици) | Шариа |
| **Останати пишани авторитети** | Црковни отци, црковни совети, екумении, декрети на папата, канонско право(католици) | Хадит |

Извор: http://www.diffen.com/difference/Christianity_vs_Islam

| **Верувања & Доктрини** | **Христијанство** | **Ислам** |
|---|---|---|
| **Реалност** | Еден креатор – Господ | Еден креатор – Господ |
| **Природата на Господ** | Тројство – една материја, три лица | Единство – една материја, едно лице |
| **Останати религиозни суштества** | Ангели и демони | Ангели, демони и jinn |
| **Почитувани луѓе** | Светци, црковни отци | Пророци, имами (особено во Шиа ислам) |
| **Идентитетот на Исус** | Син на Господ, инкарнација на Господ, спасител на светот, спасител на светот | Вистински пророк на Господ, чии пораки се корумпирани |
| **Раѓањето на Исус** | Девствено раѓање | Девствено раѓање |
| **Смртта на Исус** | Смрт со распнување | Не умрел, но телесно се издигнал во рајот |
| **Воскреснувањето на Исус** | Потврдено | Одбиено, затоа што не умрел |
| **Второто доаѓање на Исус** | Потврдено | Потврдено |
| **Начин на боженствено откривање** | Преку пророци и Исус (како самиот Господ), запишано во Библијата | Преку Мохамед, запишано во Коранот |
| **Човекова природа** | "оригинален грев", наследено од Адам – тенденција кон злото | Подеднаква способност да се прави и добро и зло |
| **Начини на спасување** | Исправно верување, добри дела, причестувања | Исправно верување, добри дела, петте заповеди |
| **Ритуали & Практицирање на верата** | **Христијанство** | **Ислам** |
| **Место** | Црква, капела, катедрала, базилика | Џамија |
| **Ден за обожавање** | Недела | Петок |
| **Религиозни водачи** | Поп, бискуп, архибискуп, партијарх, пастор, ѓакон | Имами |
| **Главни свети ритуали** | Баптизам | Петте заповеди, молитва, аџилак, добротворство, |

| | | |
|---|---|---|
| | | постење |
| **Покриена глава за време на молитва** | Генерално не | Да |
| **Главни симболи** | Крст, распетие, гулаб, риба, сидро, алфа и омега | Полумесечина, името на Аллах на Арапски |

Извор: http://christianityinview.com/xncomparison.html

## 10. Радикален ислам наспроти фундаментален ислам

Не многу оддамна, еден од репортерите од западниот дел на светот го прашале Израелскиот премиер Нетанјаху, едно од оние типични либерални медиумски урнеци на прашања – Што им прави Израел на оние Исламски радикалисти кои вршат терористички акти против Еврејската држава? Веќе навикнат на вакви идеолошко напишани барања, премиерот застанал за момент и одговорил љубезно дека Израелската битка не била против Исламскиот радикализам туку против Исламскиот фундаментализам (Tel Aviv, Israel, UPI, 2010).

И се разбира најдобро разликата може да ја знае Нетанјаху, помеѓу тоа како секуларниот свет ја согледуваа религијата на Мохамед и како Израелскиот премиер и неговите сограѓани ја гледаат. Кога ќе се навикнете на избегнување на проектили и сте екстремно внимателни во избегнувањето да патувате во автобуси кои превезуваат патници со забележливи ранци, тогаш ќе ја разберете разликата помеѓу “радикален” Ислам и фундаменталистички Ислам. Радикалниот Ислам е политички коректен термин со кој западниот свет ги означува Исламските камикази, кои летаат со комерцијални летови во големи деловни згради, и кои кукавички носат со себе ранци, а за кои велат дека се наоѓа некоја хуманитарна пратка, а впрочем целта е да извршат напад и самоубиство, а сето тоа се разбира во името на Аллах и за место во Рајот. “Радикален” Ислам е соодветен термин на Џорџ Буш II, кој сакал да го употребува терминот за да го оправда тероризмот на оние политички коректни играчи во Белата куќа, на оние спонзорирани молитвени појадоци, каде поранешниот претседател го крши лебот со ползење кон нозете на Исламските свештеници, а тие доколку би имале можност би им ја отсекле главата веднаш. Радикалниот ислам е измислена пропаганда

на Исламскиот свет, создаден конкретно за цел измама на западот, на тој начин што ќе се замаскира Исламското грдо и насилно лице со една убава маска. Уште по конкренто, радикалниот Ислам е само едно момче кој со помош на својот шарм ќе влезе во вашиот дом и ќе се престави како инспектор за гас и кој потоа ќе ве заврзе со самолеплива лента за столот и ќе ве ги земе сите ваши вредни работи (Pedahzur, A., A. Perliger, and L. Weinberg. 2003: 23).

Ако го запрашате Нетанјаху ќе ви одговори дека ако постои такво нешто како "радикален" Ислам тогаш Исламскиот пророк Мохамед ќе биде радикален, бидејќи тој тврди дека Исламскиот Суден Ден не може да се случи се додека сите Евреи не се отстранат од лицето на земјата. Следат последните зборови на Мохамед кои се запишани во Хадитот, а се во врска со мирните намери кон Еверите:

> *"Последниот час нема да дојде се додека Муслиманите се борат против Евреите и Муслиманите ќе ги убијат се додека Евреите не се сокријат позади камења и дрва. Камењата и дрвата ќе кажат: Муслимани, слуги на Аллах, има еден Евреин позади мене, дојдете и убијте го"*(Сахих Муслим, 5203)

Мохамед се согласува дека оваа мирна изјава во седмиот век е далеку пред т.н. окупација на Палестинската земја од страна на Израел во 1948 година кога ОН ја призна Израел како суверена нација повторно 1800 години по Римскиот Император Хадриан кој ја преименува таа земја во "Палестина" во 130 А.Д. кога Римјаните го загушија Бар Кохба востанието. Така омразата на Исламските модерни Евреи немаат ништо со окупацијата и се што ќе направат со фактот дека Исламскиот пророк повикал на војна кон Евреите, откако тие го прогласија за лажен пророк. Т.н. Палестински народ се измислица на Исламскиот свет создаден со цел да го уништи Израел. Палестинците се мешавина на Арапи, Еѓипќани и Бедуини исто колку што Ирачаните се мешавина од Персијци, Паштунци, Авестани и Курди. И сепак светот продолжува да ја прифаќа лагата дека Палестинците се племе со потекло на тие територии уште од дамнина. Покојниот Јасер Арафат, основачот на анти-терористичката ПОО (Плаестинска Ослободителна Организација) бил и самиот Еѓипќанец роден во Каиро кој станал "Палестинец" од страна на Исламскиот свет а поради пропагандни цели (Weinberg, 2003:27).

А во врска со заминувањето на „радикалниот“ Ислам од т.н. “Религија на мирот”, следува пример од Коранот што се однесува на Евреите:

> “*И Евреите зборуваат: Раката Аллахова е стисната! Стиснати се рацете нивни и нека бидат проклети за она што го зборуваат. И двете раце Негови се отворени. Он снабдува како што сака. И она што ти се објавува од Господарот твој кај многумина од нив ќе го засили насилството и неверувањето. И меѓу нив Ние уфрливме и непријателство и омраза до Денот суден. И секогаш кога ќе запалат оган за војна Аллах го гасне. На земјава настојуваат да прават безредие. А Аллах не ги љуби безредниците!* ” (Сура 5:64)

А што се однесува до Исламската “толеранција” за Не-Муслиманите, еве што учи Коранот:

> “*О вие кои верувате! Не земајте ги Христијаните и Евреите за заштитници. Тие се едни на други заштитници. А оние кои ќе ги земат за заштитници од вас – од нив се, навистина! Аллах, секако, не го упатува народот зулумќарски!* .” (Сура 5:51)

И на крај, еве што вели Коранот за оние кои ќе го одбијат Исламот:

> “*Казната за оние кои ќе започнат војна против Аллах и неговиот апостол (Мохамед) и кои настојуваат на земјата да прават безредие е: да се убијат или да се распнат или да им се исечат и рацете нивни накрсно или да се истераат од земјата. Ете, тоа е казната нивна на овој свет. А за нив на Ахирет има казна голема,*” (Сура 5:33)

Дефиницијата на Мохамед за оние кои *“се наклонети кон војна против Аллах и неговиот апостол*” опкружуваат било кој кој се спротивставува на Исламот, од Евреите и Христијаните, па се до паганите и атеистите. Според Исламскиот пророк, Аллах ги охрабрува Муслиманите да ги убиваат оние кои го одбиваат Исламот, во целосна спротивставеност со Исус, кој ги охрабрува своите следбеници да “*ги сакаат своите непријатели и да се молат за оние кои ќе ги прогонуваат, затоа што тие можеби се синови на Господ на небесата*”. (Матеј 5:44-45).

Синовите на Небесниот Отец Христос се они кои простуваат и кои ја шират милоста на нивните непријатели, додека синовите на Аллах се оние кои ги осудуваат и убиваат своите непријатели. Земјаќи го во предвид дека Коранот ги охрабрува Муслиманите да

ги осудуваат и убиваат своите непријатели, како е можно за оние кои припаѓаат на такви групи како што се Ал Каида, Хамас, Муслиманското братство, Хезболах, Абу Сајаф итн. да бидат радикали? Попрво тие се фундаменталисти кои се ништо повеќе од послушни на учењата на нивниот пророк и на Коранот.

Благодарејќи на фактот дека мнозинството од еден билион и плус во светот од Муслиманите се само Муслимани а не фундаменталисти. Било каде и било кога во светот кога ќе се крене Исламскиот фундаментализам, тогаш се појавуваат крвопролевања и убиства, започнувајќи од првиот напад на Светскиот Трговски Центар во 1993 година до нападот на У.С.С Кол (2000 год.) па до Кхобар Кулите (1996 год.) па 9/11 па во Мадрид (Шпанија) па нападите на Лондонската подземна електрична железница (2005 год.), па се до многуте самоубиствени бомбашки напади низ Израел, Средниот Исток и во остатокот од светот. Ако исламо-фашизмот е резултат на неколкумина самоволни радикали, тогаш тие радикали навистина имаат начин како да дојдат до посакуваната цел. Но како и да е, кревањето на Исламофашизмот е резултат на мисионерските сили на Саудиска Арабија (Вахабизмот, Суни-Исламот) и Иран (Шиа-Исламот) да воспостават глобален Исламски Калифат и да го претворат светот во Ислам.

И за жал, подигањето на Исламскиот фундаментализам е директно поврзан со опаѓачкото влијание на Христијанството низ целиот свет. Исто како што и повеќето од Муслиманите во светот се културни отколку фундаменталисти, ист е соодност и со Христијаните низ светот. Подигањето на Исламскиот фундаментализам е директен одговор на моралната декаденција и изопаченост во западниот свет, а особено во Америка на која од страна на Арапскиот свет се гледа како на “Христијанска” нација. Зголемената милитантна хомосексуалност, секуларизмот, атеизмот, абортусот, нападот на бракот и фамилијата во Америка од страна на Исламскиот свет се гледа во насока на тоа колку е Христијанството слаба и корумпирана религија, која го има загубено своето влијание.

И како такво, Исламскиот свет ги гледа Американците и Западните Европјани како кукавички и морални слаби и без волја да се одбранат самите себе си, и ова е идеално создадено за Исламска инвазија. Во Исламскиот свет, моќта е исправна и придобивањето на следбеници се стекнува со меч; ова не е коинциденција дека терористичките заговори се како семе кое е посеано низ Америка уште од изборот на

Барак Обама за претседател. И не е коинциденција ни дека САД претрпе тешки жртви во Афганистан од изборот на Обама, бидејќи Обама од Исламскиот свет се гледа на слаба земја и земја која не нема желба да се спротивстави на тероризмот. Ако Главниот правозастапник на Обама Ерик Холдер донесе одлука да се одржи граѓанско судење отколку воен трибунал за 9/11 и одговорното лице Калид Шеик Мохамед е било каква индикација за игонрантскиот однос на Обама за Исламскиот фундаментализам, во тој случај Америка сериозно се наоѓа во голема невоља.

Но, пред Америка да стане комплетно банкротирана финансиски, воено и морално, тогаш САД ќе го деактивира Иран како религиозна и воена моќ. Штом САД ја заврши работата и ќе ги спречи глобалните амбиции на Иран, тогаш САД ќе се тргне настрана и ќе биде заменета со друга супер сила од четирите нации, најверојатно Кина, Руската Федерација, Индија или пак можеби од Јужна Кореа. Кина, Индија и јужна Кореа стануваат индустриски гиганти и повеќето од светската тешка индустрија се префрла кај овие нации. Русите пак контролираат огромни колични на сурова нафта како и природен гас, но исто така тие го градат и својот воен и нуклеарен арсенал. Русите исто така коваат дипломатски врски со богати нафтени нации како што се Венецуела, Иран и Сирија но и ги зајакна односите со Куба која има потенцијално големи резерви на нафта на нејзините брегови на Атлантикот. Долгорочната амбиција на Руската Федерација да стане воен гигант низ целиот свет на тој начин што ќе си обезбеди целосна контрола врз глобалната енергија и ќе го натера светот да се покори на нејзината волја. Значи кога ќе се размисли сето ова има една убава политичка позадина, каде цената ја плаќаат, оние невините и чии мисли се насочени во други насоки...

## 11. Меѓурелигиска толеранција

### Меѓурелигиската толеранција во сенката на религијата

За почеток сметам дека треба да се објасни поимот толеранција. Толеранција е трпеливост, подносливост, допуштено отстапување од вообичаениот пропис. Социолошки интерпретирано, таа е трпеливост, поднесување на туѓите уверувања, допуштање на важење на други начела, кои не се сопствени и кои сепак мораат да се уважуваат во духот на граѓанската слобода и на јавното мислење.

Толеранцијата е допуштено отстапување од своите сопствени убедувања (Матевски, 2010). Така, ако го земеме ставот дека толеранцијата е подготвеност да се прифати и дозволи религиско верување и практицирање на религијата, која е спротивна на сопствената, тогаш имаме голема задача.

На самиот почеток започнав со цитат на францускиот филозоф Паскал (1623 – 1662). Тој живеел и работел во време кога раните од триесетгодишната војна помеѓу католиците и протестантите биле сеуште свежи. Тоа е војна која се водела поради црковната догма. Каде била толеранцијата тогаш? Отсекогаш имало и секогаш ќе има војни и немири, кои се поврзани со религијата.

Исус Христос рекол: "Јас сум Алфа и Омега, Првиот и Последниот, Почетокот и Крајот", додека во светата книга на Муслиманите стои: "Кај Аллах вистинската вера е само исламот". Не станува збор само објавените, историски религии, како што се на пример еврејството, христијанството и исламот, каде верата на која припаѓам е единствената вистинска и дека не постои друга Вистина. Во тој контекст, еврејството не ги признава ни христијанството ни исламот, христијанството не го признава исламот. Но, исто така најмладата монотеистичка религија ги признава останатите две, но од своја гледна точка. Според нив Тората, Евангелието и Куранот се во суштина една Божја објава, која доаѓала во различни временски периоди, во зависност од тоа кога човековиот род можел да ги свати тие пораки. Според тоа, сите се муслимани. Православната Црква пак смета дека нејзината религиска вистина е единствено исправна, додека другите се неисправни, лажни и даваат искривена слика на суштенственото религиско случување во минатото, сегашноста и иднината. Тоа е впрочем и во духот на целокупното православно христијанство, кое не дава простор на другите догматски вистини. Но тоа не значи дека не постои верска толеранција (Матевски, 2005:61).

Но дека религиите не произведуваат нетолеранција, е фактот дека постои и противтежа, каде се повикува на разбирање на другите како и простување. Најпознати се, кај христијаните: "Сакај го непријателот свој", додека во Куранот стои: "На злото со добрина возврати, па непријателот твој ќе стане твој пријател".

Сите се еднакви пред Бога. Поради тоа религиозните и политичките институции треба да имаат подеднаков однос кон нив. Во овој контекст, адекватен факт е дека и во Христијанската и Исламската света книга (Библијата и Куранот), постојат заеднички

пораки за валоризација на човековото однесување. Токму овие пораки се причина за акција на младите членови на Исламот, но и на младите членови на Христијанството, и тие имаат универзален и генерален човеков карактер. Основен морален принцип е дел од Петокнижието и може скоро подеднакво да се пронајде и во Куранот. Исламот и Христијанството, како две универзални религии, даваат одлична можност за создавање на генералните човекови религиозни вредности, а доколку се почитуваат, тогаш ќе биде невозможно да се создаде религиозен конфликт, од било кој вид (Матевски, 2007: 51).

Меѓурелигиската толеранција е можби најтешката задача, токму на денешницата. Да се прифати нешто што не ни е нам познато, што отстапува од нашата традиција, обичаи и навики, е навистина предизвик. Се разбира доколку сето тоа не отиде во рамките на оној верски фанатизам и екстремизам. Ако не постои толеранција, ќе нема ни соживот. Впрочем на тоа не учи и религија, соживот. За да можеме да ги разбереме, а нужно е да се разберат доколку треба да живееме со нив, треба да ја сватиме и нивната и нашата слика на работите. Ако сето она што доаѓа од другите, не го сватиме како закана, туку како искуство од разликите, тогаш може да постои и дијалог меѓу нас.

Ако зборуваме за меѓурелигиска толеранција, но конкретно меѓу христијаните и муслиманите тогаш гледаме две крајности, но кои на крајот имаат иста цел. На пример за Муслиманската нација, општествената толеранција е главно водена од религијата. Ако крадеш, ти ги сечат рацете. Ако извршиш прељуба, каменуван си до смрт. Кон таквите закони западот гледа како на варварски. За разлика, многу Муслимански верници го гледаат Христијанството како декадентно, кое отворено практицира секс, droги и рок енд рол. Она што е најважно е колку толеранција имаат едните кон другите и како ги делиме верувањата. Иако Муслиманите имаат поинакви вредности и начини на живот за разлика од оние на запад, Муслиманите не се разликуваат многу од западните народи. Тие имаат исти аспирации, исти амбиции во животот. Она што се мисли дека тие се сосема различни од нас, Христијаните, е грешка. Оние на кои погрешно им е интерпретиран Коранот, па биле наведени кон нетолеранција кон сите кои не се христијани, се исклучоци. Истото важи и за оние кои лошо ја интерпертираат Библијата, па се наречени христијански фундаменталисти. Класичен пример за тоа е Андерс Бехринг Бреивик. Или како што вели статистиката на Еуропол дека во 2008 година само еден од стотина напади бил извршен од радикални муслимани. Така,

феноменот постои, а тој е дека повеќето извршени напади се токму од христијанските фундаменталисти. Зошто тогаш да ги мразиме муслиманите? Само затоа што имаат различна вера од нашата? Не. Барем не би требало. Но во овој случај, она што не издвојува од останатите, е способноста, секој поединец за себе, да биде толерантен. Без разлика дали се работи за Муслман, Будист, Евреин па дури и оние кои се атеисти. Ние сме оние кои ја кројат толеранцијата и разбирањето помеѓу различните вери.

## IV. Цели на истражувањето

**1. Општа цел** цел на ова истражување е да се укаже на разорната моќ на тероризмот, посебно современиот тероризам. Овде ќе се посвети повеќе внимание на исламскиот тероризам. Прашањето кое е актуелно во изминатиот период и кое сметам дека ќе биде и понатаму актуелно е прашањето до кој степен ќе се успее со превентивните мерки за идните исламски терористички напади. Дали постои можност во иднина да не се говори за тероризам, или да се говори за драстично намалување на терористичките напади, со оглед на идните планирани мерки за спречување или намалување на истите напади. Како главна цел, преку практични примери на терористички напади кои се случиле во земји кои се членки на Европската Унија и терористичките напади во Руската Федерација (нивна компарација), ќе се обидеме да пронајдеме алтернативи за решавање на проблемот со тероризмот.

Како општа цел на ова истражување ќе биде вметната и религиската основа, како повод за теорористички напади. Религиската основа, поточно исламската религија, односно исламскиот фундаметализам, различните толкувања на исламот и сето она што ги врзува сите оние кои извршиле или се во подготовка да извршат можни терористички напади, а сето тоа со цел да се спречат или намалат нападите во иднина.

**2. Теоретските цели** на овој труд е да се анализира односот на земјите од Европската Унија и Руската Федерација кон исламскиот тероризам.

- Историски преглед за потеклото на тероризмот, распространетоста, методите, моќта, мотивацијата и глобалните ефекти.

- Современ тероризам и нивни практични дејствувања на територијата на Европската Унија и Руската Федерација.

- Безбедносните рамки кои ги имаат Европската Унија и Руската Федерација, идните очекувања и идните мерки за спречување на современиот тероризам.

- Анализа на политиките за борба против тероризмот како во Руската Федерација така и Европската Унија, одделно политиката кон терористите, законските мерки и прописи кои постојат и идните кои неопходно би требало да бидат вметнати, како и концептите за превенција на тероризмот.

- Примери за досегашните терористички активности и начините на кои се справувале владите во државите каде се случиле тие напади. Реакциите по нападите, во контекст на превземање дополнителни превентивни безбедносни мерки или пак обиди да се прикријат нечии дејствувања.

- Успешноста во пронаоѓање на терористи и мерки по апсење.

- Исламската религија, како можна основа на терористички напади. Поточно дали постои поврзаност на терористичките напади кои се случиле во име на исламската религија, или од причини, кои според мислењата на некои терористички организации се за доброто на исламскиот свет.

**3. Апликативни цели** – Резултатите од ова истражување можат да бидат патоказ за конципирање на нови закони, нови теоретски и практични искуства и нови анализи, намалување не само на исламскиот тероризам, туку и на тероризмот како појава, воопшто. Исто така, истражувањето може да се искористи и за понатамошни и продлабочени социолошки истражувања на слични теми.

## V. Анализа на содржината

*Како извори за анализа од официјалните документи ќе се користат:*

- Официјални акти на ЕУ;

- Официјални излагања и ставови на високи претставници на ЕУ и Руската Федерација;

- Содржините на официјалните интернет страници.

*Примероци за анализа од неофицијални документи ќе се користат од:*

- Објавени публикации (научни трудови, книги, анализи) од областа на ЕУ и Руската Федерација, во поглед на исламскиот тероризам.
- Извори од печатот: написи, дневни весници, списанија.

# VI. Истражувачки прашања

## 1. Главни истражувачки прашања

Главното истражувачко прашање на овој магистерски труд е прашањето за тоа: "Колкава е моќта на исламскиот тероризам, гледано низ призмата на Европската Унија и Руската Федерација, кои се ефектите и мотивацијата како и последиците од тероризмот, и во тој контекст кои се мерките кои се превземаат за справување со терористите? ".

Ова централно истражувачко прашање ќе биде разгледувано низ следните истражувачки прашања:

- Дали религијата е повод за терористички напади?
- Дали токму исламската религија е онаа која повикува на напади и со која цел?
- Зошто Руската Федерација и Европската Унија сеуште се соочуваат со терористички напади?
- Кои се ефектите од терористичките напади, анализирани од страна на терористите, но и од страна на оние врз кои е извршен терористичкиот напад?
- Кои се промените на безбедносните рамки и во Европската Унија и во Руската Федерација со цел да се достигне барем приближно нивото на терористите?
- Кои се идните можни соочувања во поглед на безбедноста, нивно унапредување, како одбрана така и лоцирање и уништување на терористите?

### 2. Посебни истражувачки прашања

- Која е поврзаноста на исламската религија со исламистичкиот тероризам?

- Која е разликата односно поврзаноста помеѓу исламската религија и исламскиот фундаментализам?
- Кои се главните обележја на исламските терористите? Кои им се мотивите, целите, насоките, размислувањата?
- Кои се процесите на одбрана на Европската Унија и Руската Федерација и нивните политики кон исламските терористите?
- Дали и колку политичкото мобилизирање и создавањето на соодветни институции и групи за борба против тероризмот влијаат врз промените во исламските терористичките групации?

Дали разузнавањето и контраразузнавањето се добри и ефикасни методи за справување со терористите?

## VII. Методи на истражувањето

Примена на истражувачки методи кои ќе бидат користени во овој труд:

Компаративната анализа како систематска техника на истражување ќе биде применета преку постапка на класификација, односно типологизација и соодветно компарирање на податоците. Целта на примената на ваквата методолошка техника е објаснување на проблемот на истражување преку соодветна споредба. Компарацијата ќе биде применета во повеќе делови, а ќе се однесува на Евроспката Унија и Руската Федерација, во борбата против тероризмот.

Посебно внимание ќе се посвети на содржинската анализа на текстовите и книгите кои ќе бидат предмет на проучување. Преку компаративно – индуктивно проучување на одредени случаи на примена на овие појави ќе дојдеме до заклучок колкав е степенот и карактерот на поврзаност на Европската Унија и Руската Федерација и која е разликата меѓу нив во борбата против исламскиот тероризмот и тероризмот воопшто.

## VIII. Терористички практикуми

Терористичките практикуми се новина во тероризмот. Но ако се размисли дека тие се оние кои водат напред во однос на технологијата, во однос на методите кои ги употребуваат, не е нешто кое треба да не зачуди. За да се исполни целта на големите терористички организации како Ал Каида, меѓу другото која е да станат интернационални, тие мора да осмислат техника и начин, својот глас да го прошират бргу и на доста експлицитен начин да ги објаснат своите начини на спроведување на еден терористички акт. Идеално решение да го шират зборот на Аллах, е да го напишат, да го објаснат методот до најмали детали. Соочени со доста проблеми, сепак ги издаваат терористичките практикуми. Чудесно, но денес некои од нив, оние кои се запленети, можат да се најдат и на интернет страните, можат да се најдат во некои електронски библиотеки. Фасцинантен е начинот кој го пронашле и кој до ден денес функционира подобро од било што. Како да направите бомба, како да увезете материјали кои се на црната листа на некои земји, како да ги манипулирате државните институции, се е на дофат, на сите оние кои се расположени да направат бомба. Извршувањето на еден терористички акт никогаш не бил полесен. Ако погледенеме наназад во времето, и го погледнеме начинот на кој биле извршувани терористички напади, ако погледнеме колку ги има успешни, и за компарација ако погледнеме колку ги има сега, разликата е очигледна.

Многумина кои сакале да си обезбедат место во Рајот, кој сакале да извршат величенствен акт, кој сакале да ги заштитат своите браќа Муслимани и да се борат во името на Исламот, а да не биде само со ширење на зборот на Аллах и со посветено одење во џамии и разговарање за проблемите со кои се соочуваат, ова стана идеален начин. Па ако се земе во предвид, дека и еден обичен граѓанин, кој е револтиран од многу причини, како на пример, од моменталната економска положба, од дискриминираноста која ја доживува во моментот, од неможноста да влијае во политиката и неговиот глас да не се слуша, секоја личност, може да најде спас во верата. Верата е онаа која не насочува, водилката која ни го покажува патот. И ако таква личност дојде во контакт со ваков прирачник, го прочита, и увиди колку е лесно да направи нешто со кое ќе се слушне неговиот глас, полесно отколку да се залага за Исламот во џамијата, се прашувам колку време ќе биде потребно да се одлучи на таков

чекор? Свесна дека одговорот е позитивен, јасно е дека иднината на многумина зависи од спречувањето на дистрибуцијата на ваквите практикуми. Иако запленети некои од нив, сеуште тие можат со едно кликнување на глувчето да се најдат на интернет. Тогаш каква иднина не очекува. Иднина диригирана од терористите? Оние кои се залагаат за промена, за нивната подобра иднина. Тоа се оние лошите, нели?

Службата за безбедност на Велика Британија, МИ5 запленила на почетокот на 2001 година, терористички практикум под името "Military Studies in the Jihad Against the Tyrants". Овој терористички практикум е печатен во Манчестер во 2000 година, и е дистрибуиран помеѓу припадниците на огранокот на Ал Каида во Британија. Според проценката на МИ5, на Ал Каида и помагаат бројни донатори од редовите на богати муслимани, а бројот на симпатизери на Осама бин Ладен од редовите на популацијата со старосна граница од 16 – 25 години, секој ден се повеќе и повеќе расте и не застанува на таа старосна граница. Тоа е уште еден доказ, а се смета дека во круговите на аналитичарите на британските тајни служби дека исламскиот тероризам не е мотивиран од економски туку од верски причини – цел свет е единствена исламска држава (Ума), уредена според исламски прописи (владеење според Куранот и шеријатското право), а единствен суверен и претпоставен господар е Бог (Аллах). Ал Каида има влијание и на весниците на Арапски јазик кои се печатат и дистрибуираат во Велика Британија. Доволно е да се потсетиме дека арапскиот весник "Al-quds al-Arabi", кој излегува во Лондон, во февруари 1998 година објавил застрашувачка најава на афричките терористички акции. 10-ти февруари истата година, Американците во истиот весник се предупредени уште еднаш од името на т.н. "Коалиција на муслиманските групи во Британија" дека се на мета на неочекувани напади од страна на "Алаховите борци". Тие предупредувања никој не ги сватил сериозно, бидејќи никој не го сватил нивното вистинско значење. Сега се знае дека тоа била фатвата на Осама бин Ладен за кое толку многу се говори после терористичките напади на Њујорк и Вашингтон (MidEastGateway, 2004:1).

Помеѓу останатите печатени метеријали на арапски јазик, печатен е и практикум за терористи. Книгата има 180 страници, пишувана е на арапски јазик, и обработува поединечни теми од воените и терористичките обуки, стратегии и тактики кои се негуваат во "терористичките училишта" на Ал Каида. Од практикумот може да се види начинот на обука, стратегијата и тактиката на изведување на терористички акции кои

ги применува оваа терористичка организација со своите локални мрежи, каде стручните служби и специјалните антитерористички единици можат да ги искористат во обуката за поефикасна борба против тероризмот.

Според проценката на раководството на Ал Каида, пишувањето на вакви практикуми има повеќенаменско значење: печатењето на една ваква книга е поефтина отколку обука на терористи во кампови, а тајноста на обуката е повеќепати зголемена (нема опасност од откривање на концентрација на терористи во логорите за обука, ниту видливи знаци на инфраструктура, без разлика колку е таа да е рудиментарна). Според овој принцип, терористот се самообучува; со користење на практикумот, можно е да се обучат терористи низ различни делови од светот, а воопшто да се нема контакт со нив; практикумот оди “рака на рака”, може да се фотокопира и на други начини да се вмножува. Така се шири духот на џихадот.

Ваквата “литература” го инспирира тероризмот; терористот е обучен според нејзе и може сам да основа и терористичка ќелија, да изврши акција и да исчезне, а да трагите кои ќе останат, никогаш да не доведат до Ал Каида. Акциите на вака обучените и насочени терористи, Ал Каида не ја чинат воопшто, а организацијата секогаш може да го негира учеството во терористичките акции, ако тоа и одговара, или пак може да превземе одговорност, ако процени дека моментот е добар за тоа.

Оној кој се учи на тероризам од овој практикум во принцип може да научи да изведува само една акција, на пример, да направи импровизирана мина, таа мина некаде да ја постави, некој да загине од нејзе, и ништо повеќе. Ал Каида ја постигнала својата цел, а со самото тоа, зголемена и е популарноста меѓу идните терористи.

Ал Каида, освен овие пишани материјали, дистрибуира и цд материјали со упатства за подготовка и реализација на терористички акти. Така, во 1995 година, белгиската полиција запленила голема количина на ЦД-ја кои биле”режани” во таа земја, а на кој бил мултимедијален курс за тероризам.

Заканувајќи се со практикуми,  кои ја прават т.н. “Анархистички готвачи”, кои главно се анархисти уште од почетокот на 20 век, и кои пишувале и дистрибуирале на своите истомисленици, но тие, главно, обработувале прашања за изработка на импровизирани минско – експлозивни средства и нивно поставување (Powell, 1971:5).

Во почетокот на 70 години на 20 век, печатен е уште еден терористички практикум. Неговиот автор е Хрват, Адолф Андрич. Се работи за “Прирачник за идеолошко

образување на усташки борци" или "Осветници на Блајбург". Адолф Андрич, кој бил водач на усташката терористичка организација "Хрватско револуционерно братство", прирачникот го потпишал под псевдонимот "Хрватски Апостол Племич". Експертите за меѓународен тероризам го оценуваат овој прирачник како еден од најдобрите пишани, од оваа област на "литературата". Во него се обработуваат шеесетина прашања, почнувајќи од основните: "Кој е првиот и најважен услов за развој на револуционерна борба во една област", па "Кој генерален план на револуција одговара на денешните услови во кој се наоѓа хрватскиот народ во својата татковината", и така натака, до одговорот на прашањето "Како се прави хемиски запалливо шише", "Како мина може да се активира со помош на верижна реакција" и до цртежи/шеми на кои се прикажани начините на склопување на електрични запалки, упатства за саботажа на автомобили, предизвикување на пожари, акции против тенкови, правење на барикади и така натака (Ivanovic, 1996:1)

Колорадо Алуни бил автор пак на терористичкиот практикум на терористичката организација "Црвени бригади", чие седиште било во Италија. Овој практикум имал наслов "Правила на безбедноста и стил на работење". Во него посебно се разработени различни ситуации во кој може да се најдат "бригадистите". Така на пример, пишувајќи за оперативен состанок, авторот наведува дека секогаш е потребно да се извести некој од врвот на организацијата дека се одржува состанок. Местото на состанокот мора внимателно да се проучи за да може да се обезбеди лесна контрола на безбедносната ситуација и евентуално повлекување. На местото на состанокот секогаш мора да се дојде порано и секогаш е потребно да ја разгледа околината пред доаѓањето на самото место на состанокот. На уапсените "бригадисти" им се наложува да ги дадат само оние податоци кои се напишани во документите кои ги носат. Под закана за смрт, не смеат да се издадат останатите членови на организацијата. Во практикумот е пропишан профилот на терорист кон кој би требало да се придржуваат сите во организацијата, односно извршителите на терористичките акти на терен во фазата на подготовка за извршување (Petkovic, 1997: 263).

Слични практикуми пишувале и разузнавачките служби со кои се користеле терористите за да можат да реализираат некои од своите цели во борбата со противничката разузнавачка служба. Некои од тие служби се оние, за кои тие практикуми и биле наменети, кои се нарекувале "борци за слобода", "герилци" и

слични имиња; за други, тие герилци биле само терористи кои треба да се искористат за остварување на сопствените цели.

Интересно е дека првиот прирачник кој ЦИА го наменила исклучиво за авганистанските бунтовници, бил изработен во облик на стрип (без зборови), бидејќи се сметало дека нивото на образование на авганистанските бунтовници, особено на Паштуните, бил доста низок, и дека процентот на неписмени, односно оние кои не би сватиле што е напишано, бил доста висок.

## 1.1. Терористички напади во Европската Унија

Како факт кој постои е дека во 2010 година во Европската Унија имало 249 напади, од кои само три биле категоризирани како исламистички тероризам, од кои само во два целта на терористичкиот напад било да има што помасовни жртви. Како примери за терористички напади постојат многу, од кој еден од поновите кои одземаа 76 луѓе, е нападот во Шведска. Во 2010 година во Велика Британија, 611 луѓе беа уапсени за напади кои се поврзани со тероризам, од кои 179 беа директно поврзани со тероризмот, што претставува 50% зголемување во однос на претходната година (2009). Исто така во 2010 година терористички групи издадоа 46 закани кон ЕУ; што претставува зголемување во однос на 2009 година (Press Online, 2011).

### 1.1.1. Нападот во Мадрид

Првата експлозија се случила во воз кој дошол од предградието на главната железничка станица во центарот на градот, а останатите две во возови во југоисточното предградие, во време кога има голем број на граѓани во нив. “Десет бомби со шајки, спакувани во спортски торби, експлодирале утрото на 11 март 2004 година, убивајќи 191 лице и ранувајќи повеќе од 1800 луѓе. Бомбите се активирани од мобилен телефон.“ Станува збор за најтежок терористички напад во Европа. Седуммина прво осомничени, извршиле самоубиство кога полицијата ги опколила сите станови во кои живелее на периферијата на Мадрид, три недели по нападот. За повеќето обвинети на кои им е судено се смета дека имале второстепена улога во однос на седморицата. Властите по две годишна истрага заклучиле дека групата била инспирана од

идеологијата на Ал Каида, но сепак дека немала директни врски со неа. (Olmeda, 2005:4)

Овој теорористички напад доста ја изменил и политичката сцена во Шпанија, бидејќи тогашната владеачка Конзервативна народна партија иако важела за фаворит, ги изгубила изборите кои се одржале три дена по експлозијата. Најверојатно причина за тоа било залагањето за продолжување на мисијата од 1300 шпански војници во Ирак, што јавноста по нападот жестоко го критикувала. Исто така, владата првобитно за нападот ја сметала одговорна баскиската ЕТА. Меѓутоа, бидејќи полициската истрага утврдила дека нападот во Мадрид е дело на радикални исламисти, што резултирало набрзо да се повлечат шпанските војници од Ирак.

Освен политичка делба, терористичкиот напад укажал на големи пропусти на шпанската разузнавачка служба. Тужителот своевремено изјавил дека службата следела неколкумина напаѓачи пред 11 март, а дури и го запрела нивното возило во февруари. Подоцна се утврдило дека тоа возило го водело караванот со терористи, кои превезувале експлозив, но властите во тоа време не знаеле ништо.

Ситуацијата за разлика од Москва е целосно различна. Овде немало простор за реакција и за обид да се спречи терористички акт. Без најава е поставен експлозив во четири воза во шпанската престолнина и непосредно пред изборите го натерале шпанскиот народ да размислува. На крајот терористите успеале да го остварат она што им било и план, а тоа е да ја натераат власта на една држава да ја промени надворешната политика по прашањето на своите сили во Ирак. Стравот го направил своето, бидејќи ова е најтешкиот терористички акт уште од осамостојувањето на Шпанија во 1975 година.

Уште повеќе, според скорешен извештај на националната полиција и на Гардиа Цивил, Шпанија останува потенцијална мета за интернационалните Муслимански терористи. Ал Каида се обидува да го достигне својот напредок со помош на насилство во Ал Андалус, Муслиманското кралство кој имал завземено ¾ од Шпанија во Средниот век.

По нападите во Мадрид, Шпанските безбедносни сили уапсија 384 осомничени Муслимански терористи (Volkskrant. nl, 2009,

http://www.volkskrant.nl/vk/nl/2668/Buitenland/article/detail/314471/2009/02/05/Voor-moslimterroristen-en-jihad-ronselaars-is-Spanje-topprioriteit.dhtml).

Поголемиот дел припаѓаа на мрежи кои регрутираат и тренираат терористи и кои праќаат бомбаши самоубијци во Ирак. Во дополнение уапсените Муслимани припаѓаа на групи кои шират милитантна форма на Ислам и кои собираат пари за Исламскиот Џихад (светата војна).

Најосомничените Муслимански терористи беа уапсени во изминативе години во Каталонија (80%). Од уапсените 130 терористи кои моментално се во затвор, две третини беа уапсени во Каталонија (http://islamineurope.blogspot.com/2009/02/spain-top-terrorist-recruitment-in.html).

Но, некои не беа среќни со пресудата за терористите, особено поради ослободувањето на Рабеи Осман Сајед Ахмед, или познат како Мохамед Египќанецот. Тој во моментов служи десет годишна затворска казна во Италија, за терористички напад и е опишан како водач во интернационалниот тероризам. Осудените добија казна од максимум 40 години во затвор. Но дали е тоа доволно? Мајка на една од жртвите во нападите, по пресудата кажа дека добро да се знае кој го извршил нападот, но дека премногу се осудени за помали престапи. Некои од нив се веќе назад на улица. Точно е дека напаѓачите ќе излезат како стари, по 40 години, но дали залужиле да добијат таква шанса (http://www.guardian.co.uk/world/2007/oct/31/spain.marktran)?

На пример, еден од напаѓачите, Мохамед Египќанецот, беше уапсен во Милано, Италија, во здружена анти терористичка операција помеѓу Италија, Шпанија, Франција и Белгија на 8 јуни 2004 година. Беше екстрадиран во Шпанија во декември 2004, и вратен повторно во Италија во 2005 за да биде соочен со обвиненија од друг терористички напад. Таму беше осуден и обвинет дека поседува терористички ќелии низ Европа и Ирак, и пресудата беше 10 години затвор. Потоа беше вратен во Шпанија за да му се суди за нападот во Мадрид. Беше ослободен во Октомври 2007, врз основа дека претходно е осуден во Италија и дека не може да биде обвинет два пати за ист престап (http://www.guardian.co.uk/world/2007/oct/31/spain.marktran).

Која реакција би била логична после една ваква пресуда? Освен масовните протести, што друго му преостанува на обичниот граѓанин да превземе.

### 1.1.2. Ал Каида

Ал Каида, во превод "база", е организација на фанатични и врвно обучени муслимански "војници", чие присуство е докажано во 60 најразвиени држави во светот, вклучувајќи ги САД, Велика Британија, Италија, Франција, Шпанија...Нејзиниот водач Осама бин Ладен, богат саудиски градежен инжинер и бизнисмен е одгледан од рацете на ЦИА поради учество на муџахединските битки во Авганистан против моќните сили на армијата на Советскиот Сојуз, еден момент кога се отргнал од контролата на моќните ментори, станувајќи нивен најопасен противник, бидејќи одлично ги совладал методите и техниките на асиметричното војување (Енциклопедија Британика). Ал Каида настанала од т.н. "Канцеларија за поддршка", организација која служела за собирање на меѓународни муслимански организации за борци кои се бореле против советската инвазија на Авганистан извршена во 1979 година. Со Ал Каида од 1998 година раководи совет кој "расправа и одобрува големи проекти", вклучувајќи и терористички активности. До ден денес не е познато дали Ал Каида има главен штаб во некоја земја. Од 1991 год. до 1996 год. сите терористички акции се водени од Судан. Од 1996 год. до 2001 год. и падот на Талибан, Ал Каида своите операции ги водела од Авганистан, каде и се наоѓале кампови за обука. Метата на овие терористички организации се главно американски, еврејски и генерално западните интереси во светот, како и муслиманските влади кои според нивно уверување се корумпирани и зависни од Западот, пред се ова се однесува на Саудиска Арабија. (Гачинович, 2005:347-348). Ал Каидините тајни агенти се инфилтрирани во бројни невладини организации, факултети, компании или слични институции, и постепено се социјализираат во средината во која престојуваат, не привлекувајќи внимание на себе со било каков непромислен потег. Ал Каида обучува, финансира и се бори на страната на муслиманите во вооружени конфликти во Чеченија, Узбекистан, Босна и Херцеговина, Косово... како што се тврди во извештаите на американските разузнавачки агенции. Интересно е дека, иако се смета себе си за движење, таа нема ни манифест, нема ни програма. Во Авганистан е пронајден само еден документ со наслов "Целите на џихадот". Во 1998 година неколку лидери на Ал Каида издаваат

декларација во која се повикуваат сите муслимани да убиваат Американци, вклучувајќи и цивили, но и сите останати, па дури и ако се нивни сојузници.

Факт е дека се зголемува бројот на Муслимани во Европа кои патуваат во Авганистан, Пакистан, Сомалија и други зони каде има конфликти, а со цел да се стекнат со обука за терористички методи. Европските преставници за безбедност се особено загрижени од извештаите дека Ал Каида регрутира и обучува оперативци од Западот, кои имаат "чисти" криминални досиеја и кои имаат можност да патуваат слободно во Европските земји. Во Норвешка, на пример, етнички Норвежанец кој се преобратил во милитантен Ислам, добил терористичка обука од Ал Каида, во еден од камповите во Јемен, и чека наредба да изврши напад. (25 Јуни, три Европски агенции за безбедност) Сандеј Тајмс, Лондонски весник, цитирајќи безбедноси агенции, објавија приказна на 1 Јули каде се наведува дека Норвешки Џихадист, обучуван од Ал Каида, во Арапскиот Полуостров, се обидел да им побегне на обезбедувањето на аеродром и дека заговара да киднапира Американски патнички авион, и во самоубиствена мисија да го сруши. Тоа беше најава за напад за претстојната Олимпијада во Лондон. Весникот го опиша регрутот како Норвешки граѓанин, околу 30 години старост, кој себе си се нарекува Абу Абдулрахман.

Во Германија пак, Дојче Веле, објави напис за Германски Џихадист на 2 Јули. Во написот исто така стои и дека од почетокот на 1990-тите, околу 235 луѓе со Германско потекло, но и со Исламистичко терористичка позадина се обиделе да добијат парамилитантна обука.

Вакви примери има многу, што ни покажува дека многумина се обучавани во кампови како во кризните региони, така и дел во Европската Унија. Тоа е доказ дека идеологијата на Ал Каида живее.

Но, промената на фокусот и комплексноста на Исламистичката терористичка закана еволуираше во последните декади, од голема надворешна закна од страна на интернационални терористички организации, па се до Џихадистите и Ал Каида во зголемениот елемент на домашен тероризам. Следи илустрација:

Закана – од надворешна закана до домашен тероризам:




Извор: Министерство за правда на Данска, 2007:21

Домашниот тероризам, е подеднаква закана како и надворешната. Оние кои се обучавани во кризните региони, се враќаат најчесто во матичните земји или во земјите каде можат да патуваат слободно (каде не се бараат визи или сл.), и каде чекаат понатмаошни наредби или насоки. Тие обучени терористи, во овој современ вид на закана, се оние кои ги регрутираат или насочуваат нивните сограѓани. Внатрешната закана во тој контекст претставува огромна закана, но и предзвик за сите оние безбедносни агенции, во конципирањето на новата борбата против тероризмот.

## 1.2. Тероризмот во Руската Федерација

### 1.2.1. Нападот на театарот во Москва

Акцијата за спасување на заложниците од Московскиот театар (Дубровка) имала стотини специјалци, каде чеченските терористи држеле во заложништво повеќе од 99 луѓе. "Акцијата за спасување е изведена за неполни два часа. За тоа време завршена е драмата која започнала на 23 октомври 2002 година. Во театарот се наоѓале 50 вооружени терористи кои упаднале на 23 октомври за време на една претстава. Маскираните и вооружените терористи ја завзеле театарската сала и ги блокирале излезите. Публиката ја натерале да се собере на бината, а потоа ги поделиле во две групи, мажи и жени. Во меѓувреме ја блокирале целата зграда, поставиле експлозив во салата и под закана дека ќе започнат да убиваат заложници барале од властите да ги повлечат федералните воени сили од Чеченија. Истата ноќ се дознало дека водач на таа група е Мавсар Барајев, еден од главните водачи на клановите во Чеченија и дека во

таа терористичка група има и жени вдовици на чеченските бунтовници. Бидејќи немало време за губење, специјалните сили на 26 октомври тргнале во акција за спасување на заложниците. Кога акцијата започнала, терористите стрелале двајца мажи, а потоа раниле човек и жена кои се обиделе да побегнат." (Clift, 2003:578,579,580). Алфите (тим на специјалци кои учествувале во акцијата за спасување) настапиле од три страни. За време на акцијата убиени се 40 терористи меѓу кои 18 биле жени. Спасени се повеќе од 700 луѓе. Загинале 117 луѓе, но тој број се зголемил после ослободувањето на 129 (вклучувајќи ги и терористите). Причината за тоа најверојатно е гасот за успивање кој го користеле специјалните единици. Меѓу заложниците имало и триесетина деца, и сите излегле живи од театарот. Било потребно да се донесе брза одлука бидејќи власта не сакала никаков компромис со оние кои ја загрозувале безбедноста на нејзините граѓани. Акцијата е завршена со губење на 68 животи (Karon, 2002, Time world magazine).

### 1.2.1. Московска железница

Скоро 36 часа по нападите на Московската железница, извештаите покажуваат дека скоро 40-тина се мртви и повеќе од 70 повредени. На почетокот никој не ја превзема одговорноста за нападот, но сепак најголемите сомнежи беа упатени кон Муслиманската сепаратистичка група, која е лоцирана во јужниот дел на Рускиот Кавкаски регион, примарниот извор на тероризмот во Руската Федерација уште од времето на распаѓањето на Советскиот Сојуз во раните 1990-ти (Monaghan, 2010:3)

Имаше две бомбардирања, спроведени квази – симултано (со 40 минутна оддалеченост), во две најфреквентни метро станици во центарот на Москва. Лубјанка станицата е лоцирана во близина на централата на Руската Федерална Служба за Безбедност (организација оставена како наследство од КГБ), што укажува на пораката која напаѓачите се надевале дека ќе ја соопштат. Втората е во Парк Културу Станицата која е лоцирана на неколку станици појужно во редот на истата метро линија (http://www.themoscowtimes.com/news/article/twin-moscow-metro-bombings-kill-39/402801.html).

Голем напредок е остварен во утврдувањето на идентотот на напаѓачите – две жени облечени во црни наметки кои под нив се наоѓал експлозив и пакет од шрапнели. Женските бомбаши самоубијци се употребувани од страна на Кавкаските сепаратисти уште од 2002 година и најчесто за нив се користи името “црни водовици”. Понатаму, женските бомбаши самоубијци не се некој нов феномен. Тие се познати уште во раните 1990-ти во Тамил Тајгерс во Шри Ланка. Терористичките групи, дури и оние кои немаат формални врски едни со други – меѓусебе се гледаат како тактички успех и исто така ги прифаќаат ефективните тактиките кои другите ги користеле. Употребата на несомничави жени, доста се рашири во терористичките кругови, па и покрај тоа што за Западната публика таа тактика е доста шокантна.

Важно е да се почитува динамичната природа и мотивација на кавкаските сепаратистички групи за изминатата декада, како и Рускиот одговор кон нив. Борис Јелцин е првиот кој го постави тогаш малку познатиот екс шеф на КГБ Владимир Путин како премиер во 1999 година, и Путин гласаше за разбивање на Чеченското сепаратистичко движење. Во раната и средна 2000-та, групата беше релативно структурирана како војска која беше одговорна за поголеми терористички напади. Групата, доста добро ја спроведе опсадата во 2004 година во училиштето Беслан, каде беа убиени повеќе од 300 луѓе, каде повеќето беа деца. Исто така тие се одговорни и за нападот на Московскиот театар во 2002 година.

Во голем дел, Путин е одговорен за успешното разоружување на организациската хиерархија, токму за овие напади, со убивањето на водачите како што се Шамил Басајев и Абдул Кхалим Судалајев во 1996 година. Тој ги употребуваше победите како овие, за да може да ја консолидира моќта позади Кремљ, говорејќи дека ваквите политички потфати како што се елиминирањето на директни избори или локални гувернери се неопходни за борбата за победа на тероризмот.

Но како што често пати се случува со бунтовнички организации, ако им се отсече главата, тие нема да престанат да дејствуваат. Московскиот успех само предизвика отпор кон промена во последните четири или пет години, од општа воена структура, без хиерархија, во Исламистички базирана шаренолика екипа. И како доволно добар коментар не можам а да не го споменам мислењето на познатиот новинар Филип Пан:

"Руската Федерација долго време ги осудува за насилството во регионот Муслиманските екстремисти, кои се поддржани од странски влади и терористички мрежи, но радикалниот Ислам е релативно нов овде. Во 1990-тите, тоа беше етнички национализам, не религиозна жестокост, туку мотивирани Чеченски сепаратисти. Тоа се промени, иако, војната премина и зад границите на Чеченија и Руските сили употребуваа по груби тактики, таргетирајќи кон побожните Муслимани."

Во 2007, бунтовничкиот лидер Доку Умаров ја напушти целта на Чеченската независност и објави џихад наместо тоа, заветувајќи се да воспостави фундаменталистички Кавкавски Емират, кој ќе се прошири низ целиот регион. Откако Москва објави победа во Чеченија во Април, тој издаде видео, каде ги означи цивилите како лигитимна мета и го оживе Ријад – ус Салихеен, само прогласена маченичка бригада, кои потикнаа терористички напади низ цела Руска Федерација во периодот од 2002 год. до 2006 год.

Подоцна ќе излезе на површината дека Кремљ не успеа да ја испочитува оваа промена. Новиот изглед и мотивација на Чеченските бунтовници ќе повикаат се поголема и поголема контра бунтовничка стратегија отколку онаа што беше прифатена од страна на САД во Ирак и Афганистан. Наместо тоа, Путин гласаше за континуирана цврста рака, велејќи: "Терористите ќе бидат уништени!". Сепак ова е она што било кој национален лидер мора да го каже и со тоа да наметне смирувачка бестрашна и целосно збунета домашна публика, но можеби и во одреден дел ќе се најде сличност во неговиот став кој беше искажан во 1999 година: Путин кажа (пред овие напади): "Една работа која дефинитивно ја извршив беше ова (запирање на Чеченската закана)", и не успеа во тоа, изјави Павел К. Баев, Русин кој е професор на Интернационалниот Мировен Истражувачки Институт во Осло.

## 1.2.3. Домодедово

Во понеделеник попладне, на 24 јануари 2011 година, во Москва, бомбаш самоубиец се детонираше во одделот за пристигнување, на аеродромот Домодедово. Беа убиени 37 луѓе, вклучувајќи осум странски државјани од Киргистан, Германија, Таџикистан, Украина, Узбекистан и Велика Британија. Беа ранети околу 168 луѓе, вклучувајќи

девет странски државјани од Србија, Таџикистан, Узбекистан, Германија, Словачка, Франција и Италија како и двајца од Нигерија. Со нападот беше направена голема материјална штета. Бомбашот самоубиец беше идентификуван како 20 годишен Магомед Јевлојев, од селото Али Јурт од Назрановската Област на Ингушетиа, Руска Федерација. Неколку индивидуалци од неговото родно место исто така се осомничени за бомбрадирањето. Меѓу нив се споменуваат и Акхмед Аушев, Акхмед Јевлојев (брат на бомбашот самоубиец), Фатима Јевлојев, Мовсар Тсуров, Адам Ганизхјев, Борис Багатутјев и Тимур Јанијев (Voice of America, James Brooke, February 4, 2011), (St. Petersburg Times, February 9, 2011), (Reuters, Itar Tass News Agency, February 9, 2011). Моќта на експлозијата на бомбата била еквивалентна на 7 килограми ТНТ. Според официјалните извештаи 28 луѓе учествувале во нападот, членови на Имарат Кавказ терористичката група. 17 од нив се убиени, додека 4 се уапсени. "Терористичкиот акт на аеродромот Домодедово бил органзиран од страна на Доку Умаров, лидерот на Имарат Кавказ, терористичката група. Умаров бил командант на криминална банда под лидерство на Аслан Бутукаев и Супзан Абдуалаев. Подоцна го нашле и обучиле Могомед Јевлоев за тој терористички акт."(Риа Новости, Владимир Маркин)

Интернационалната заедница не можеше да го остави бомбардирањето без внимание. Комитет на Безбедносниот Совет на ОН го вклучи Доку Умаров на црната листа. За сите членки на ОН се претпоставува дека ќе воведат санкции против Умаров. Неговите финансиски средства ќе бидат замрзнати, а доколку се обезбеди некаква помош на Умаров, вклучувајќи и воени испораки, финансиска помош итн. ќе бидат забранети. Владата на САД понуди награда од 5 милиони долари за било каква информација за локацијата на Умаров.

## 2. Поим, цели, услови и принципи на антитероризмот

Во литературата може да се сретнат различни толкувања на активностите кои се нарекуваат "антитероризам". Овој термин се однесува на дефанзивната мерка на заштита од тероризмот или пак борба против тероризмот на сопствената територија. Постои и терминот counter terrorism. Антитероризмот како термин, е прифатлив за сите, додека контратероризмот е за оние најсилните и најмоќните држави на светот кои

поради своите воени и економски моќи не се, де факто под контролата на Организацијата на ОН.

Одбраната од тероризам т.е. “антитероризам” се состои од одбрамбени мерки и постапки, кои имаат за цел подигање на нивото на заштита на поединците и имотите од терористички напади. Се состои од примена на мерки на безбедност и почитување на законитостите во одбрана на објекти, извидување, набљудување и разузнавачко обезбедување, поради повремено предупредување за опасност, а сваќањето на опасноста од тероризам. (Петкович, 1996:92). Значи, антитероризмот е активност која ги обединува сите работи кои ги применуваат државните институции во меѓународните организации во борбата против тероризмот. Според мислењето на Радослав Гачинович: “Антитероризам претставува збир на мерки, активности и постапки кои ги спроведуваат Организациите на ОН и државните институции на својата територија во целта правовремено препознавање и искоренување на современиот тероризам, со примена на стратегијата на одвраќање и возвраќање”. Тоа е доста сложен процес која бара превентивно и репресивно, но и борбено дејствување на безбедносните структури на државата со примена на меѓународни правни акти кои ги донела Организацијата на ОН. Целите на антитероризмот се јасно утврдени вредности кои треба да се сочуваат, остварат или стекнат со антитерористички активности. Основната цел на антитерористичките активности е елиминација на тероризмот како масовна појава. Целта на антитерористичкото дејствување е во директна спротивставеност со целите на терористичките организации. Тој се изведува во моментот кога ќе се соочат со појавата на тероризмот и кога ќе се идентификува организирана терористичка активност. Целта, како изведен чинител се искажува низ хиерархиско степенување по нивоа: општа цел, посебна цел и конкретна цел на антитерористичките активности

*Општата цел* на антитерористичките активности е релативно трајна категорија, која произлегува од суштината на противтерористичката дејност во системот на државата. Може да биде дефиниран како елиминација на носителите на терористичките активности и ликвидација на експонираните актери во терористичката активност.

*Посебната цел* на антитерористичката активност е искажаната глобална операционализација на активноста во однос на одбраниот објект на напад. Непосредно зависи од поставувањето на општата цел и врз основа на него се одредуваат силата, средствата, просторот и времето за реализација на антитерористичката активност.

*Конкретната цел* е строго дефиниран и персонифициран објект на антитерористичките активности, со прецизен начин на постапување кон него. Произлегува од општата и посебната цел и проектира задачи за реализација на конкретни антитерористички активности. За успех на антитерористичките акции доста се важни принципите: **1)** одлучност која може да се одреди како единство во намерата и целите; **2)** законитост како принцип чија суштина е во создавањето на објективно опкружување за реализација на намерите во однос на тероризмот; **3)** правовременост, за чие објективно значење е врзано оптимално време за отпочнување на антитерористичките акции; **4)** активност – офанзивна реализација на антитерористичките акции; **5)** флексибилноста суштински искажува неопходност на доста стабилна и еластична организација, која е условена со конкретни цели и задачи (успехот се претпоставува со беспрекорна дисциплина, но и во креативна слобода на акциите на антитерористичките единици во различни амбиенти и примена на разновидни начини за ефикасно решавање на задачите); **6)** сигурност како принцип го поставува задолжителното барање на целосна оспособеност на антитерористичките единици (претпоставува координација на акциите во прецизност во однос на просторот и времето); **7)** непрекинатоста е принцип кој значи дека донесената одлука за антитерористичка акција и нејзината отпочната реализација мораат да бидат согласни; **8)** доволноста е принцип чие значење е условено со логичната економичност на силите и средствата и пропорционалноста на силите условени со меѓународни и внатрешни правни и нормативни регулативи (значи, суштината на принципот е ангажирање само на неопходните сили и употреба на минимални сили во реализацијата на антитерористичката акција); **9)** тајноста како принцип е дел од специфичноста за елиминација на тероризмот како масовна појава (Сивачек, 1999:51-54). Терористичките активности секогаш се манифестираат во одреден простор, време и општествено – политички услови.

Меѓутоа, условите за реализација на антитерористичките активности се изразуваат низ одредена форма и содржина. Како неопходни услови за успешно изведување на антитерористички активности, особено се важни следните услови: **1)** просторна организација, претпоставува дисперзиран распоред на неопходните делови на надлежните државни институции и специјализирани елементи на системите на државата, кои мора да обезбедат правовременост и континуитет на антитерористичките активности; **2)** доверлива информација, како "капитален ресурс на модерната организација". Таа е неопходна за благовремено сознавање на состојбата, проценка на ситуацијата, реално планирање, правовремена акција, координација и целосна анализа; **3)** структурна организација е проектиран систем на посебно групирани состави кои регулираат одреден вид на проблеми и работи кои се важни за ефикасна реализација на антитерористичката акција; **4)** функционална организација, како услов, е базирана на збир на активности кои се реализираат во задачата во рамките на поставената цел на антитерористичката активност; **5)** оспособеноста е научна базирана, плански организирана и систематски реализирана дејаност на едукацијата и психофизичкото изградување на надлежните органи и специјализираните единици за антитерористички дејствија; **6)** моралот како посебен облик на општествена свест, систем на норми и збир на правила за однесувањето на луѓето. (Greogory, Van Horn, 1974:54).

Доста важно е начинот на однесување на антитерористичките единици да се базира на сваќањата и вредносните категории кои ги изградуваат етичките ставови и ги поттикнуваат на активности, чиј резултат е доброто на државата (заедницата). Новиот modus operandi го користат искусни терористи, кои се докажани низ војни и терористички акции. Тие обезбедуваат знаење, логистика и пари управувајќи со таквите конспиративни ќелии, кои на терен самостојно избираат и изведуваат акции. Ќелијата е основен организационен дел на терористичката организација.врз основа на искуството од претходните разузнувачки работи и судските процеси со уапсените терористи може порано отколку од претходно да се идентификува видот ан ќелијата и социјалниот стаус на нејзините припадници. Меѓутоа, иако сеуште никој не успеал да ѕирне во структурата на терористичката организација – посебно исламистичките, се претпоставува дека состојбата на ќелијата е од пет до дваесет терористи и тоа поделени

во неколку секции и тоа: **а)** кај помалите секции - воена секција, дел за планирање и дел за извршување и **б)** кај секциите кои се побројни – група за одлучување, група за набљудување, група за логистика, група за брз терористички удар, а во некои ситуации во составот на ќелијата дејствува и разузнавачка група. Терористите стануваат свесни дека службите за безбедност ги надгледува и поради тоа тие применуваат и вршат постојани измени во своето дејствување и во своите активности. Сето ова укажува дека инфилтрацијата, врбувањето и другите видови на контрола на тероризмот стануваат уште покомплицирани. Во стратегијата на регрутација на членовите и во нивната образовна структура исто така се применуваат нови трендови, со што се повеќе се комплицира начинот на функционирање на службите на безбедноста во антитеростичките активности (Гацинович, 2007:577).

## 2.1. Државни антитерористички мерки

Државите и нивните институции имаат најодговорна задача да ги заштитат своите граѓани и институции од секакви видови на насилство, особено од совремиот тероризам кој во изминатиот период сериозно се заканува на цивилизацијата, па безбедносните предизвици цо 21 век се и ќе бидат поизразени повеќе отколку некогаш што биле. Познато е дека тероризмот не може да се искорени, но затоа пак може да се држи под контрола од страна на сите субјекти на меѓународните односи, и тие мора да дадат свој придонес. Организацијата на Обединетите Нации мора да доживее трансформација и во наредниот период таа треба да ги исполни обврските поради која таа и впрочем постои. Државите мора да се придржуваат кон меѓународните оравни документи, кои самите ги ратификувале а кои ги донеле ОН. Уважувајќи го меѓународното право и сопствените правни прописи, државите во борбата против современиот тероризам мора да применуваат превентивни, репресивни и борбени мерки (Гацинович, 2007:578).

## 2.2. Превентивни антитерористички мерки

Превенцијата опфаќа отстранување или ублажување на симптомите (непосредна или посредна превенција). Отстранување на причината може да се смета за општа превенција. Со превенцијата би требало: да се отстрани поддршката од странство кон

носителите на терористичката дејност, да се истражи улогата на средствата за масовно комуницирање и да спречи нивно користење од страна на терористичките организации.

Терористичките активности значително би се намалиле кога средствата за јавно информирање не би пренесувале последиците од нивните акции; доста важен дел е едукативната работа со малдите луѓе, за да се спречи нивно вклучување во терористички организации, како и одвраќање со закана за применување на поостри кривични санкции.

Превенитвните мерки во борбата против совремниот тероризам претставува доста важна дејност на демократското општество, кое вистински е определено за трајно спротивставување на совремниот тероризам. Овие активности се најтешки, нивните резултати не можат да се видат веднаш, тие доаѓаат после подолг временски период и затоа многумина изразуваат скептицизам кон демократската превентива во борбата против тероризмот.+

Со демократската превентива се влегува во темните вилаети на насилството, се осветлуваат нивните длабински димензии и се создаваат услови за долготрајни процеси во искоренувањето на насилната дејност кај тие луѓе. Доста важно е да се спознае психолошкиот профил на терористите, нивните мотиви и да утврди кодот на нивните личности односно да се пронајде т.н. интисистичниот мотив за спроведување на насилството. Целото општество мора да покаже одлучност во борбата против современиот тероризам, а не само војската, полицијата и нивните служби за безбедност. Нужно е безбедноста да се интегрира во политичкиот систем на земјата, за да може да се создадат поволни услови за ефикасно функционирање на сите чинители на одбрамбено - заштитниот систем на државата.

Основни предуслови за успешна заштита од современиот тероризам се: високо професионална и организирана служба за заштита; објективна (реална) проценка на опасноста (односно загрозеноста); и дека не смеат терористичките организации да се потценат или пак да се преценат; заложување за професионално и успешно вршење на своите должности на работните места на граѓаните; доследна примена на законските прописи ќе го намалат просторот за терористички активности, што е доста важен

чинител во заштитата на општеството; развивање на демократска општествена свест во сите структури на земјата; непрекината активност во развивањето на безбедносната култура, под што се подразбира знаење и мотивираност на поединецот лично и самоиницијативно да се спротивставува, односно да превзема мерки и постапки за спречување на терористичките активности; постојано превземање и унапредување на мерките на заштита во сите колективи во сите средини; стекнување на одредени знаења за методите и средствата кои терористите ги користат при изведување на своите активности.

Остварување на наведените предуслови не исклучува, напротив, обврзува на превземање на одредени конкретни мерки и постапки во одбраната и заштита во борбата против тероризмот. Тие се неопходни, а ефикасни се онолку колку што тргнуваат од наведените предуслови. Би можело да се каже дека добро организирана и сеопфатна самозаштита ефикасно делува во функција на одвраќање од терористички активности. Тоа подразбира дека на сите задачи, во мир и војна, организирано да се ангажира цивилното население и сите политички партии (Гацинович, 2007:579).

## 3. Разузнавачки служби

Што е разузнавачка дејност? Терминот разузнавачка дејност се однесува на начинот на кој државата го поима своето стратегиско опкружување, а кој е базиран на собирање и анализа на податоците кои се добиени од тајните и јавните извори. Освен ова, разузнавачката дејност може да означува и:

- Организации кои се занимаваат со изработка на вакви податоци;
- Активностите кои ги извршуваат тие организации;
- Организациониот процес кој управува со тие активности;
- Продукти на овие дејности.

Кои се целите на разузнавачките служби?

Разузнавачките служби:

- Обезбедуваат **анализа** на случувањата во областите кои се од значење за националната безбедност;
- Даваат **рано предупредување** за кризите кои следуваат;
- Стојат на услуга на државните и меѓународните тела за **раководење со кризни ситуации** со тоа што помагаат да се разоткријат намерите на постоечките и потенцијалните противници;
- Даваат информации на државните тела за **планирање на системот за одбрана и воените операции**;
- Ги штитат **тајните информации** кои се однесуваат како сопствени извори и активности, така и на оние кои припаѓаат на другите државни агенции; и
- Можат да дејствуваат прикриено со цел влијание на **исходот на случувањата** во корист на националните интереси.

Со какви активности за занимаваат разузнавачките служби?

**Собирањето** претставува набавување на податоци. Тоа вклучува користење како на јавни, така и на тајни извори, како што се на пример шпиуни, агенти и дезертери.

**Анализата** претставува сортирање и порамнување на податоците и нивна трансформација во разузнавачки материјал кој помага на креаторите на политиката со тоа што обезбедува релевантна и доверлива информација која дава смисла на сложените прилики и прашања.

**Контра разузнавачката дејност** се концентрира на оневозможување на странските разузнавачки служби или на други групи кои се контролирани од странство, да вршат активности од видот на шпиунажа, рушење и саботажа против државата. Ваквите дејности опфаќаат одбрамбени мерки како што се истраги, инспекции и набљудување, и офанзивни мерки кои опфаќаат операции со цел продирање, измамување и влијание на овие организации.

Некои земји исто така практикуваат и **тајни активности.** Тие претставуваат директно влијание на странските политички, воени и економски услови, извршени на тој начин

да не се препишат на државата. Тајната активност претставува опција која не вклучува воена активност за да ги постигне целите со кои дипломатијата и останатите политички средства не се во можност да ги постигнат. Ваквата активност вклучува и некои од следните начини на дејствување:

- Пропаганда;
- Поддршка на странски воени или политички фракции;
- Помош на странски влади; и
- Оневозможување на нелегални дејствија на странско тло.

Во повеќето демократски земји, со разгранети разузнавачки агенции, тајните акции ги исполнуваат само надворешните разузнавачки служби.

**Обработката** претставува претворување на собраните податоци во форма која повеќе одговора на анализата на средствата како што се дешифрирање и преведување.

**Анализа и изведување** претставува конверзија на податоците во завршни разузнавачки продукти. За да можат овие податоци да бидат од корист, анализата мора да биде релевантна, правовремена и точна. Таа треба да појасни како се стигнало до одредени заклучоци и, кога е можно, да се наведат изворите кои се користени. Потребно е, исто така, да се објаснат и примарните фактори кои ја поддржуваат изведената анализа, како и алтернативните последици кои би настанале доколку тие фактори би се промениле. Корисни разузнавачки податоци исто така се и оние кои го означуваат она што е непознато.

**Ширењето** претставува дистрибуција на конечните разузнавачки анализи на официјалните лица кои поминале низ сигурносните проверки или други лица кои се овластени да вршат истата дејност.

Разузнавачките податоци се изработуваат низ процес од пет чекори: планирање, собирање, обработка, анализа и изведување, и ширење.

*Планирањето* претставува управување со целиот процес на изведување на разузнавачките податоци кои вклучуваат и:

- Барање за одредени разузнавачки податоци поднесени од страна на владата, парламентот или самата разузнавачка служба,
- Одредување на релеванти податоци,
- Приоритезација на прашањата, и
- Идентификација на државните и невладините актери кои дозволуваат набљудување.

*Собирање* на податоци се врши со помош на методи како што се:

- Информации од јавни извори – собирање на информации кои се отворени за јавност, како што се оние кои се објавени во медиумите и академските гласила;
- Информации добиени од луѓе – податоци добиени од агенти, дезертери од други служби, дипломати, или од извештаи од контра разузнавачките операции, сослушувања, разговори со странски лица итн. и
- Информации добиени со технички средства – податоции и информации добиени со пресретнување; следење и локализирање на радио, микроталасни, радарски и други начини на електромагнетско емитирање; комуникациско разузнавање; инструментациони сигнали; шифрирани разузнавачки податоци; податоци добиени со мерења и потписи; информации од фотографии, слики и оние кои се добиени од експлоатација на компјутерските мрежи.

Во земјите каде што имаат разгранети разузнавачки служби постојат неколку вида на агенции. Разузнавачките служби чиј мандат е базиран на одредена географска област или на конкретна задача, вклучува:

- **Надворешната страна на разузнавачката служба се службите на странските земји. Сметам дека оваа придавка не може да биде користена во дадениот контекст на разузнавачките служби** кои собираат, анализираат и изведуваат информации кои се од значење за *надворешната безбедност* на државата, и кои предупредуваат на заканите кои доаѓаат од надвор;

- **Внатрешните домашни разузнавачки служби се сите служби на државата кои се занимават со обработка, значи и надворешните и внатрешните разузнавачки служби**, често познати и како безбедносни агенции, собираат и анализираат податоци од значење за *внатрешната безбедност* на државата и одржување на јавниот ред и безбедност.

Разузнавачките служби чии мандати се базирани на конкретно прашање или област опфаќаат:

- **Воени или одбрамбени разузнувачки служби** кои создаваат разузнавачки податоци од значење за планирањето и одбраната и поддрѓка на воените операции;

- **Криминалистички разузнавачки служби** кои вршат анализирање на податоците во врска со организираниот криминал, корупцијата и криминалните активности, и со тоа им помагаат во работата на органите за спроведување на законите;

- **Специјализирани државни центри** ккои треба да се сконцентрираат на одредени прашања, како што е американскиот Државен центар за борба против тероризмот;

- **Посебни координативни единици за одредени прашања** кои опфаќаат повеќе актери од разузнавачкиот сектор и/или други владини оддели. Примери за вакво организирање ги вклучува и холандскиот *CT-InfoBox*, кој ги координира антитерористичките активности на разузнавачките служби, државната полиција, имиграционата власт и другите агенции; и американската *Канцеларија за тероризам и финансиско – разузнавачка дејност* при Министерството на финансии.

Различните методи на собирање на информации, особено во случаите каде се користат технички средства, можат да предизвикаат создавање на тесно специјализирани разузнавачки служби. Таквите тела опфаќаат разузнавачки служби кои се занимаваат со сликовни податоци, комуникации или криптологија. Американската *NSA*, рускиот

*FAPSI* и британскиот *GCHQ,* се по бројот на вработени и висината на буџетот, веројатно најголемите такви агенции.

За помалите држави постоењето на една обединета разузнавачка агенција претставува начин да се зачуваат ресурсите и да се избегне дуплирање на активностите. Шпанскиот *CNI,* холандскиот *AIDV,* турскиот *MIT* и босанско херцеговачкиот *OSA*, претставуваат примери на напор да се надминат традиционалните разлики помеѓу операции на домашно тло и во странство.

Во повеќето држави кои поседуваат разгранати разузнавачки служби, мандатите на поединечните агенции понекогаш се преклопуваат. Тоа може да резултира со корисно соперништво меѓу агенциите, доколку овозможат да се откријат разликите во мислењата во врска со непотребните претпоставки. Но ваквото преклопување може да се покаже и штетно, што може да се избегне и преку блиска соработка меѓу агенциите.

Кои законски прописи ја регулираат работата на разузнавачките служби? Разунавачките служби се легитимни само доколку нивните вонредни надлежности произлегуваат од соодветната правна рамка. Законите кои ја регулираат работата на разузнавачките служби треба да обезбедат јасен и конкретен мандат, опфаќајќи и:

- Надлежност за географските области;
- Предмет на истрагата;
- Ограничувања по прашања за надлежноста и активностите;
- Односите меѓу службите кои работат внатер во разузнавачките служби и нивната координација;
- Начините според кои разунзавачките служби се сметаат за одговорни, вклучувајќи и механизми за владина контрола, парламентарен надзор и судско испитување; и
- Правни средства со чија помош се постапува со жалбите кои се однесуваат на недолично однесување на разузнавачките служби.

Намерите и целите на собирањето на податоци во земјите и во странство се разликуваат, како што се разликуваат и ризиците кои ги следат. Поради тоа важно е да мерките за раководење, контрола и одговорностите да ги отсликуваат овие разлики. Правната рамка при требало да налага на разузнавачките служби, да ги почитуваат демократските стандарди и норми.

*Пример за обединет разузнавачки сектор: Холандија*




| **Видови на разузнавачки служби во одбрани европски земји** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Земја** | **Обединета** | **Надворешна** | **Внатрешна** | **Криминалистичка** | **Воена** | **За следење на комуникација** |
| Австрија | | | X | X | X | X |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Белгија | | | X | | X | X |
| Бугарија | | X | X | X | X | X |
| Данска | | | X | | X | |
| Финска | | | X | | X | |
| Франција | | X | X | X | X | X |
| Германија | | X | X | | X | X |
| Италија | | | X | | X | |
| Холандија | X | | | | X | |
| Шпанија | X | | | | X | |
| Обединето Кралство | | X | X | X | X | X |

Знакот X означува една или повеќе одвоени агенции чија работа е посветена на овие надлежности, цели и методи. Недостатокот на ознака не значи дека овие земји не дејствуваат на одредени области, туку дека немаат посебна агенција која се занимава со тоа прашање. Данската *DDIS*, на пример, е примарно внатрешна разузнавачка служба, но таа го следи и движењето на екстремичките групации во странство, што во некои други земји е задача на надворешната разузнавачка служба. (*www.dcaf.ch)*

## 3.1. Улога на разузнавачките служби во превентивното антитерористичко дејствување

Разузнавачката служба е посебна организација на државните органи чија дејност се огледува во собирањето и изучувањето на податоците за другите држави. Ги опфаќа сите структури на општеството и сите општествени активности (политички, економски, воени, научно – технички и др.) на државата кон која е насочена. Содржи и разузнавачка дејност, насочена кон откривање и сузбивање на дејствувањата на странските разузнавачки служби кон сопствената држава. (Војни лексикон, 1981:336). Поимот разузнавачка служба не може да се поистовети со поимот шпиунажа која е само дел од разузнавачката дејност и, во најтесната смисла на зборот, подрзабира поседување на тајни податоци со користење на агенти (шпиуни). Шпијунажата се смета оној дел од разузнавачката работа која е според меѓународното право или според законодавствата на некои земји кој е мир инкриминиран.

Разузнавачката дејност, во текот на развојот на човековата цивилизација била предмет на бројни расправи меѓу истражувачите кои настојувале да ја објаснат таа појава и кои даваат научно одредување. Меѓутоа, во процесот на разгледување на улогата на разузнавачките служби во антитерористичките активности, науката мора, па дури и на специфичен начин, да учествува во образувањето на кадар за антитерористичко дејствување, бидејќи научните методи сигурно ќе ја збогатат смислата и содржината на дејствувањето на разузнавачките служби воопшто, а во антитерористичките активности, посебно. Бидејќи, разузнавачките служби мора да се занимаваат со истражувања за појавата со цел да дојдат до нови сознанија, а во тоа значително би можеле да помогнатметоди на научно истражувачката работа. Особено затоа што терористичките организации вршат долготрајни тајни подготовки за акциите кои доста кратко траат, вклучително со сите елементи на изненадување. Значи, разузнавачката служба е општествено историска и класно условена специјализирана организација која во рамките на својот делокруг на работење спроведува тајни разузнавачки, контра разузнавачки и субверзивни содржини кон виталните интереси на противникот, користејќи при тоа специфични методи и средства, со цел остварување на одредени политички интереси и заштита на внатрешната и надворешната безбедност (Савич, 2002:42).

Разузнавачко – безбедносната активност во борбата против современиот тероризам може да се јават јавно и тајно, а целта на терористите е да докажат колку државата која ја напаѓаат, владата или институциите се неспособни да се заштитат од вакви напади. Единствена предноста во собирањето на податоци како и нивната анализа, е да се помогне во решавање на проблемот со тероризмот.

Разузнавачките служби најважните податоци за тероризмот ги собираат со примена на тајната методологија (метод на тајни прибирање на информациите и податоците). Меѓутоа доста голем процент на разунзвачките подаатоци се добиваат со користење на легални извори, како што се средствата за информирање, јавните собири, научните трибини, разни интервјуа...

Разунавачката работа на агентите нужно мора да се извршува во тајност, па токму од овие причини истражувањето на оваа област е доста отежнато. Работата на агентите, е

дел од работата на дел од владиниот разузнавачки систем. Тој може да се одвива од странство како и од земјата која е предмет на разузнавачкиот напад во процесот на откривање на терористичките организации и групи кои се на нејзина територија. Работата се одвива во строга тајност, за да нема пореметување во меѓународните односи, за што постојат такви минати искуства. Со таа работа треба да се дојде до најважните тајни податоци за некоја терористичка организација, а кои се чуваат доста внимателно, што причинува голема потешкотија на оние кои се занимаваат со таа работа. Улогата на разузнавачите е да дојдат до одредени квлаитетни информации поврзани со превенцијата на тероризмот. Во борбата против современиот тероризам доста е важна соработката на разузнавачките служби од повеќе земји. Еден вид на соработка постои во рамките на Клубот Берн кој претставува форум во кој разговараат шефовите на разузнавачките служби за безбедност на земјите од Европската унија (Lefevre, 2003:530). Сличен форум, под името Меѓународен форум на тајните служби, одржан во 2001 година во Сент Петерсбург, кога руските разузнавачки служби угостија стотина шефови и претставници на разузначаките служби од 39 земји (Kalugin 2002:121).

Меѓутоа соработката помеѓу разузнавачаките служби никогаш не е целосна и секогаш е ограничена од многу фактори. Некои од нив се различните интереси и перцепции во однос на надворешната политика, различните позиции во меѓународните односи, правните ограничувања, стравот дека со размената на информациите може да се загрозат сопствените извори и да не ги откријат своите методи, како и стравот другата страна да не ги злоупотреби податоците надвор од постигнатиот договор. Тие кои не веруваат во ваков вид на соработка размислуваат, според Ричард Олдгрич, дека “нема пријателски тајни служби, само тајни служби на пријателски држави” (Aldrich 2002:252). Како пример на неискрена соработка на разузнавачките служби Миливоје Левков наведеува пример на дејствување на израелската разузнавачка служба МОСАД за време на планирањето на терористичкиот удар во Бејрут во 1983 година, каде погинале 241 маринци од осмиот баталјон на силите на ОН. Испоставата на оваа служба во тој град, според Левков, имала податоци на кој начин ќе биде изведен ударот и со кое превзно средство, единствено што не знаела била точната мета. Централата на МОСАД дала директива маериканските служби да се известат

воопштено, па мерките на безбедност останале на исто ниво како и пред предупредувањето, бидејќи такви предупредувања имало многу (Левков, 2001:162-163).

## 3.2. Дипломатски антитерористички мерки

Дипломатијата е најмоќното "оружје" на секоја земја во борбата против современиот тероризам, кој охрабрен со глобализацијата, ги преминува државните граници. На тој начин терористичкиите групи и организации своите мрежи ги простираат низ целата планета. Вешто водена, дипломатијата е сврзно ткиво кое сите антитеростички мерки ги обединува во една, компактна и вешто подврзана целина. Без ефикасна дипломатија, антитеростичките мерки и активности се разделени и неповрзани, а со самото тоа и неефикасни. На планот на борбата против совремниот тероризам, дипломатијата не се однесува само на професионалните дипломати кои работат во странство, туку и на ите функционери кои извршуваат други задачи, специјализирани и поврзани со бробата против тероризмот (Pesto, 2010:65).

Политичко - дипломатските антитерористички мерки треба да придонесат во решавањето на конфликтите од резолутен вид, кои се насочени кон решавање на судирите со средства на *јавен диајлог* и т.н. *тајна дипломатија.* Со тие методи терористичките организации се спречуваат да учествуваат во масовни движења кои носат одредени, па и политички промени; се афирмира испробаната структура на движење во која се редуцира влијанието на терористичките организации; се дава делумна или условна амнестијана припадниците на некои терористички движења кои се на самата граница со т.н. ослободителни движења; се врши дипломатски притисок на државите и на сите останати спонзори на терористичките организации (повлекување на дипломатскиот персонал од државата која финансира или морално помага на тероризмот, прекинување на дипломатските односи со тие држави и сл.) (Pešto, 2010:54).

Понатаму, дипломатијата има главна улога во антитерористичките активности воопшто, дали било да се договора, преговара или пак да посредува во пронаоѓањето на антитерористичко решение по мирен пат.

Носителите на политичко – дипломатските активности се највисоки државни раководители и органи (претседател, собрание, влада). Нивната улога во дипломатските антитерористички активности е одлучувачка, бидејќи тие: со правовремени активности во странство обезбедуваат изедначен пристап во проблематиката на современиот тероризам, каде особено се потенцира обврската државата да не ги поддржува терористичките организации материјално или политички; инсистираат на отстранување на причините за тероризам, без разлика на обемот и интензитетот на неговата активност; во почетната фаза на терористичката активност правовремено јавно да ги доставуваат податоците и доказите врз чија основа ќе може да се потврди присуство на терористички организации и групи, за да може правовремено да се обезбеди меѓународна помош и поддршка во антитерористичката борба; правовремено да се извршуваат консултации со регионалните, европските и светските политички чинители, заради поддршка за планирање на антитерористичка акција. Иако секогаш е полесно да се даде политичка поддршка, не се откажува никогаш и од вооружена антитерористичка акција ако со дипломатските активности, насилството, или заканата од насилство, не може да се спречи.

Според наведените, политичко – дипломатски антитерористички активности се опфаќаат и: активности со кои се запознаваат големите сили и ОН за причините на тероризмот во цел добивање на меѓународна поддршка за изведување на ефикасни антитерористички акции; доста важно е да се убедат официјалните претставници на државите и претставниците на меѓународните организации да одбијат тајни контакти со терористите и да не им дадат поддршка, особено материјална помош (транзит, престој, набавка на оружје и обука на терористи); важно е владите на пријателските земји да дадат јавна поддршка на загрозените земји во врска со мерките кои се превземаат во антитерористичките активности; упорна дипломатска активност може да создаде услови за офанзивна меѓународна критика кон државите кои се наклонети кон терористи, каде може да влијае на тие држави да ги променат своите ставови односно трајно да престанат да ги поддржуваат терористите. Современата дипломатска активност придонесува да на различни собири (политички, стручни и научни) на меѓународните владини и невладини организации, да ги третираат терористите во

согласност со Повелбата на ОН и меѓународните конвенции за сузбивање на тероризмот.

Значи, политичко – дипломатските активности се исклучително важна рамка за антитерористичките активности, каде се создаваат поволни услови за акции на државите, но и претставуваат рамка во која може да се движи одлучувањето за употреба на единиците за антитерористички акции, за да може да се сочува општата меѓународна поддршка за акција на силите на безбедноста против терористичките активности.

## 3.3. Економски антитерористички мерки

Економските антитерористички мерки се насочени против монетарните аспекти на тероризмот и со нив се забранува финансирање на терористичките организации, се замрзнува имотот на семејствата на киднапираните лица заради спречување на плаќање на откупнина. Овие мерки предвидуваат санкции за оние кои финансираат терористички организации, а на удар се и правните лица кои инвестираат во региони означени како извори за финансирање, или било каква друга помош на тероризмот. Истовремено се трасираат патиштата на парите со кои се финансираат терористичките напади, со напуштањето или ограничувањето на т.н. банкарски тајни итн. овие мерки предвидуваат и соработка на државите во планот на следење и конфискација на фондовите со кои се финансира тероризмот, како и доделување на награди за дојава на терористичките организации или намерата за терористички напади. Постапките во областа на економијата треба да дејствуваат во насока на елиминирање или барем намалување на интензитетот на економските, а и на другите причинители и услови кои објективно ги погодуваат терористите, во чие постење тие веруваат и/или за кои тие се во состојба да ги претстават така да говорат во прилог на нивните дела, односно борба.

Постапките за лишување или намалување на економските ресурси или основа која мора да ја користат терористите претставува еден од најважните предуслови за отпочнување на ефикасни антитерористички активности. Помеѓу останатите постапки, оние за спречување или казнување: проституција, корупција, трговија со наркотици, илегален промет со тутун, трговија со луѓе, неовластено користење на авторски права, “перење” и илегални трансфери на пари и други средства за превземање на

терористички акти (различни видови на наоружување, експлозиви, отровни супстанци, средства за комуницирање итн.), организиран криминал, преставуваат суштинска основа или база на антитеростичките активности од кои доста зависи и политичкото антитерористичко наградување. Државните институции во сите свои структури мора да ги стават под контрола легалните извори на финансирање на терористите (плати и други приходи, заштеда, наследства, различни видови на подароци и сл.). Процесите на транзиција во повеќето југоисточни и источни европски земји довеле до криминализација на политичкиот и економскиот систем, па системот за ефиксна контрола на финансиските средства е доста отежнат, бидејќи во криминализираните општества лостот на криминалното работење го држат токму припадниците на власта – системот. Финансиските институции можат да бидат вклучени во финансирањето на терористичките активности и тоа како жртви на различни видови на малверзација, соучесници на терористички групи и организации низ т.н.”канализирање на терористичките фондови”. Примената на сите антитерористички постапки имаат посебна економска димензија, која првично да биде застапена во сите анализи, превентиви и репресивни антитерористички активности, бидејќи економската димензија има одлучувачко значење во антитерористичката борба.

Во времето во кое живееме некои теоретичари го нарекуваат “нова економија на тероризмот”, кога терористичките организации ширум светот, вртат околу 1500 милијарди долари. Тоа бројка која е два пати поголема од бруто производото во Велика Британија, или износ кој е четири пати поголем од вкупната готивина на долари во промет (Гацинович, 2007:11).

Последиците од глобализацијата на економските текови најсилно се чувствуваат во маргинализираните стопанства, при што експлоатацијата на ефтина работна сила и ефтини суровини се периферија на основата на прогресот на развиениот свет. Таков економски модел, базиран на пазарните параметри, има за последица огромно зголемување на богатствата на малубројните елите на најмоќните и глобализација на сиромаштијата во големи размери, па економската супериорност и социјалната инфериорност се недделиви од така профилираниот процес. На тој начин радикалната глобализација обликува нова социјална педала на светот, претворувајќи во едно место, каде важно место ќе имаат терористичките организации.

Последиците на економската глобализација ќе поттикнат голем број на сиромашни и незадоволни луѓе да се борат за опстанок и голо преживување. Масовното незадоволство на народот ќе поттикне и ќе најде корист во програмите на терористичките организации на глобален план. Односот помеѓу најсиромашните и набогатите пред 30 години изнесувал 1:30, а сега изнесува 1:84, каде само 225 милијардери поседуваат поголемо богатство од земјите кои сочинуваат 48% од населението во светот. Според податоците на меѓународната организација на трудот, 730 милиони луѓе немаат работа или работат работа од која не можат да преживеат, 180 милиони се без никаква работа, а 550 милиони живеат само со 1 долар дневно (Стојанович, 2005:33).

Подмитувањето на важни личности, првенствено кај претставниците на политичките елити на одредена држава од страна на терористичките организации претставува еден од најакутните проблеми кои создаваат услови за зголемување на тероризам и други видови на политичко насилство.

Терористите обично за таа цел користат пари од шверц на наркотици, наоружување, изнуда, уцена исл. и така директно влијаат на политичките процеси т.е. на носењето на политички одлуки за кои инаку терористите и се залагаат.

## 3.4. Репресивни антитерористички мерки

Покрај превентивните мерки кои имаат за цел одвраќање на терористите од акција, државата превзема и репресивни мерки, кои се однесуваат на примената на кривичните, административните и другите мерки кон извршителите на терористичките активности. Иако државната заштита мора се повеќе да се ориентира на превентивна акција, таа не може да се откаже од репресивната функција. Примената на кривичните санкции е неопходно средство за заштита на општеството и поединците од општествено опасните однесувања, па поради тоа општеството не може да се откаже од казнената функција на државните органи, ниту таа функција може на крајот да се сведе само на елементите на кривично – правната превенција и ресоцијација, иако тие мора да застанат заедно со нив во комплементарен однос. Општеството е принудено да повикува на одговорност и да казнува, да применува кривични, административни и

други казнени мерки, кои се објективни, репресивни, но и нужни во конфликтите и условите во кои дејствуваат терористичките организации.

При примената на сите мерки, важно е да се има јасна претстава за силата на терористичката организација и степенот на опасност од нејзината активност. Потценување, односно занемарување на негативните појави има штетни последици. Доколку општеството не се бори против нив со соодветни (ефикасни) мерки, тие стануваат се позачестени, поинтензивни и со поглем притисок од општеството, што може да предизвика колебање на јавното мислење и слабеење на отпорноста на општеството. За да може општеството на време да спречи вакви појави и тенденции, тоа мора да инсистира на егзактна, емпириски идентификувана проценка на мерките кои се неопходни за негова заштита. Оттаму произлегува дека општеството е повикано, кога станува збор за општествено опасни однесувања и работења, и понатаму да развива казненопоправни инструменти во рамките на своите политики, кои оправдано служат за целите на заштита. Покрај останатото, неопходно е: доизградба на правните прописи и усвојување на соодветни меѓународни конвенции како и носење на нови конвенции; развивање на системи за безбедност, за да може заедно со помош на системот за заштита да биде способен да ја отстрани опасноста од најтешките облици на загрозување; примена на кривичните санкции кон сите учесници во терористичките активности. Борбата против терористичките активности е постојана задача, а нејзиниот успех зависи од професионализмот на надлежните служби, економската стабилност, зајакнувањето на одбраната и заштитата, меѓународниот углед и воено – политичката положба за земјата, кои се погодени од терористички активности. Доста е важна соработката на граѓаните во процесот на идентификација на околностите и лицата кои би можеле да организираат теористички активности.

Државните органи, како непосредно одговорни за вкупната безбедност на земјата и граѓаните, мораат да превземат најефикасни мерки за заштита од тероризам, преку: проценка на можните носители на тероризам; праворемена и реална проценка на јачината и реалната моќ на тероистичките организации во цел на подготовка на антитерористички мерки и активности; правовремено претставување на јавноста за целите и начинот на дејствување нна терористичките организации кон цивилното население, а сето тоа со цел да се доживее осуда и дискредитација во светската и

домашната јавност како и ефикасно спречување на единствениот "настап" на внатрешниот и надворешниот тероризам, но и меѓународна проценка особено во меѓународниот однос во дадениот момент. Овие активности мора да добијат своја конкретизација низ носење на нормативно – правни; политичко – дипломатски; безбедносно – разузнавачки; полициско – репресивни; техничко – технолошки, физички и борбени мерки (Гацинович, 1998:212).

Во рамките на реализацијата на концептот за самозаштита, до израз доаѓаат два вида на мерки: општествено превентивни и репресивни, кои би требало оптимално да се трансформираат во превоспитна функција. Тоа се две нужни, комплементарно и функционално поврзани сегменти на политикатаи праксата на заштита од инкриминираните и другите казниви работи. Нивната комплементарна поврзаност предупредува дека не се дозволени апсолутизации дали за едниот или за другиот метод на постапување. Социјалната превентива, земена само по себе, без примена на административна и казнена функција, сеуште претставува неприфатливо решение од аспект на заштита, што е особено случај во време на плима на терористичките активности. Исто така, инвестирањето во репресивната функција, во отсуство на превентивната акција, би водело кон барање на единствено решение во репресијата, во сваќањата и праксата во минатото, што е исто така неприфатливо. Во современите демократски општества треба да се очекува дека мерките на државната репресија се повеќе да исчезнуваат, да ја губат општествената смисла и оправдување, доколку се зајакнува внатрешната сила на општеството и како таа станува поединствена и стабилна. Во такви општествени околности терористичките активности се повеќе добиваат карактер за напад на цело, или скоро цело општество, кое ќе може, благодарејќи на својата хомогеност и компактност, да ги решава или отстранува на безболен и едноставен начин, со помош на современо опремени и врвно обучени и мотивирани единици за противтерористички дејствија.

## 3.5. Борбени антитерористички мерки

На почетокот на 21 век, терористичките организации станаа сериозна закана за светскиот мир, затоа борбените мерки на антитерористичките воени и полициски единици имаат доста важна улога. Кога превентивните и репресивните мерки не даваат

резултати, воените и полициските антитерористички единици стапуваат во акција, за да можат правовремено да ги заштитат граѓаните и државните институции, кои се мета на терористичките организации.

Во современите воени доктрини, се планираат посебни мерки против терористичките активности и тоа: мерки на единиците и сите субјекти за заштита; постапки на единиците и останатите системи за заштита и борбени дејствија на антитерористичките единици на војската и полицијата. Мерките опфаќаат правовремено откривање на терористичките групи, нивните планови и подготовки, обезбедување и координација на антитерористичката заштита, како и организаирање и подготовка на единиците за противтерористички дејствија. Постапките се: организирање и извидување на правовремена физичка, оперативна и техничка заштита со цел спречување на изведување на терористичка акција. Во противтерористичката борба најефикасен метод е директниот удар, кој бара ангажирање на мали, но врвно обучени и опремени борци. Според тоа, современиот тренинг кај тие единици е незаменлив, што занчи да се вежба, вежба и само да се вежба. Постои изрека "лесно на вежба – тешко во борба" и "тешко на вежба – лесно во борба". Сложеноста и специфичноста во задачите на посебните антитерористички единици бара непрекинато надградување и усовршување на единствената тактика на дејствување, при што треба да дојдат до израз начелата на брзина, енергичност, краткото траење на акцијата и рационализација на употребените единици и средствата во антитерористичката борба. Борбата со терористичките групи ја водат единици во неколку фази, кои меѓусебно се разликуваат по примената на оперативно – техничките методи во работењето, времетраењето во одбивањето и карактеристиките на терористичките групи. Подготовките за противтерористичката акција зависат од точноста на разузнавачките податоци: за јачината на групата, локацијата, вооружувањето, постоењето на соработници на терористичките групи меѓу локалното население.

Борбата против терористичките групации, организирано ја водат органите на државната заштита. Меѓутоа, во општа смисла, покрај антитерористичките единици во борбата против тероризмот се вклучуваат разузнавачко – безбедносните агенции, институциите за политичко – дипломатско и информативно – пропагандно дејствување. Од исключителна важност се одредени стратегиски претпоставки за

успешна подготовка и изведување на антитерористичките активности. Тие стратегиски претпоставки можат да се класифицираат во неколку важни групи, како што се: единствен пристап и изграденост на критички и вредносен став кон тероризмот како појава; изградба на единствен и конзистентен категоријален и појмовен систем за одредување на тероризмот, кој би обезбедил систематизација на дејноста и активноста на патот кон негово елиминирање.

Во разгледувањето на оваа појава, доста е важно да се направи дистинкција помеѓу: тероризмот како општ оштествен феномен, терористичка дејност како посебен вид на деструкција на оштеството и државата и терористичкото дејство како експониран облик на целно насочено насилство. При тоа, важно е воочувањето и утврдувањето на основните својства на тероризмот како општ феномен. Имено, тероризмот е подеднакво сложена активност, а кога масовно ескалира станува сложена појава. Врз основа на една ваква анализа можно е да се одреди и да се раздвои суштината на поединечните терористички активности и појави (процеси) на тероризмот. Кога тероризмот се јавува како поединечна активност, тогаш е во доменот на кривично – процесното право и кривично правната одговорност. Значи, тогаш таа нема основа за ангажирање на единици за антитерористички активности, туку е неопходна акција на органите за кривично гонење. Од аспект на употреба на антитерористичките единици многу е поважна состојбата кога тероризмот се јавува во форма на појава т.е. на масовна терористичка активност. Тогаш ги преминува рамките на кривично – процесното дело и станува процес кој преминува во други делови на внатрешното и меѓународното јавно право. Во тие околности неопходно е да се разгледа можноста и употребата на единиците за антитерористички дејствија. Проблемот настанува кога индивидуалните терористички акти прераснуваат во масовна појава. Во таква ситуација кривичнот право губи контрола и можност за увид во ситуацијата и единицата е излез во ефикасната акција на единицата за противтерористички дејствија.

## IX. Борбата против тероризмот во Европската Унија

По нападите на 11 Септември 2001 година, Европската Унија одлучи да оди чекор напред во борбата против тероризмот. Со оваа идеја, се усвои рамковната одлука принудувајќи ги земјите во ЕУ да ги насочат своите легислативи и да го постават

минимумот на правила за терористичкии напади. Откако ги дефинираа таквите терористички напади, во рамковната одлука следат пеналите, кои земјите во ЕУ мора да ги инкорпорираат во нивните национални легислативи.

**Рамковна одлука на *Европскиот Совет 2002/475/JHA на 13 Јуни 2002 година во борбата против тероризмот**

Рамковната одлука ја усогласува дефиницијата на терористички престапи во сите ЕУ земји, на тој начин начин што дава специфична и зедничка дефиниција. Неговиот концепт за тероризам е комбинација од два елементи:

- Објективен елемент, и се однесува на листа на примери на сериозни криминални однесувања (убиство, телесни повреди, земање на жалозници, изнуда, изработка на оружје, извршување на напади, закана за извршување на горенаведените работи и сл.)

- Субјективен елемент, употребата на овие акти се проценети да бидат терористички престапи кога се извршени со цел сериозно заплашување на популацијата, принуда на некоја влада или интернационална организација да направи или да се воздржи да направи нешто, или пак сериозно да се дестабилизираат или уништат фундаменталните политички, конституционални, економски или социјални структури на земјата или интернационалната органзиација.

Рамковната одлука ја дефинира терористичката група, како структурирана организација која е сочинета од повеќе од две личности, воспоставена за одреден период и која дејствува за одредена цел, и се однесува на диригирање на терористичка група и учество во нејзините активности, кои се дефинирани како престапи кои се поврзуваат со терористичка група. Слабоста на дефинирањето е во тоа што нема дефинирање за оние терористи кои функционираат самостојано, кои не се дел од некој поголема ќелија, и за кои еден напад е основна карактеристика.

Понатаму, земјите на ЕУ мора да се осигураат дека одредени намерни акти се казниви како престапи поврзани со терористички активности, дури и ако не е извршен никаков терористички престап. Тука се вклучуваат:

- Јавна провокација да се изврши терористички престап;
- Регрутација и обука за тероризам;
- Тешка кражба, изнуда и фалсификување на административни документи со цел извршување на терористички престап;

За да се казнат терористичките престапи, земјите на ЕУ мора да направат прописи во нивните национални легислативи за ефективни, сразмерни и соодветни криминални престапи, за кои можеби ќе биде потребна екстрадиција. Во дополнение, физичките лица имаат моќ да го претставаат правното лице или авторитетот за да имаат влијание внатре во правното лице, кои извршило терористички престап.

Земјите на ЕУ мора да ги превземат неопходните мерки за:

- Воспоставување на сопствена јурисдикција во однос на терористичките престапи;
- Воспоставување на сопствена јурисдикција во ситуации кога ќе се одбие предавање или екстрадиција на лице осомничено или осудено за таков вид на напад, на друга земја на ЕУ или пак на земјата која не е членка на ЕУ;
- Координација на нивните активности и утврдување која е од нив е за кривично гонење на прекршителите, со цел централизација на судењето во една земја на ЕУ, каде неколку земји од ЕУ се вклучени.

Тие исто така ќе обезбедат соодветна поддршка за жртвите и нивните семејства.

За цел борба против тероризмот се усвоени специфични мерки, но исто така има и дефиниции кои ги опишуваат терорирстичките акти како “намерни акти, кои, во контекст на нивната природата, можат сериозно да ја оштетат државата или интернационалната организација”.

**Комуникација од Комисијата на Европскиот Парламент и Советот на 6 Ноември 2007 година – Чекор понапред во борбата против тероризмот (COM(2007) 649 final – не објавен во Службен Весник)**

И покрај непредокот во борбата против тероризмот, терористите се прилагодија на контра терористичките напори и на употребата на технологија (мобилни телефони и Интернет) за пропаганда, комуникација, обука, регрутација, собирање на средства и за планирање на напади.

Еуропол и Еуроџаст играат важна улога во борбата против тероризмот. Но не помала улога исто така игра и соработката помеѓу Европската Унија, Земјите членки, земјите пратнери и интернационалните организации.

Оваа Комуникација предлага мерки за имплементација на Стратегија на Контра тероризмот на ЕУ и Глобалната Контра терористичка стратегија на ОН. Уште поточно, таа ги наведува сите мерки кои треба да бидат вклучени, како на пример:

- Претстојната насилна радикализација и пристап на терористите до нивните финансиски средства. Разбирањето на мотивацијата е важна за заобиколување на насилната радикализација. Затоа Комисијата 1) развива насоки за идентификација и утврдување на факторите кои придонесуваат за овој феномен; 2) финансира студии, конференции и проекти за да се сподели искуството; и 3) учење на факторите кои ја поттикнуваат радикализацијата, идеологиите на радикалите и методи за регрутација, кои се употребени во контекст на анти-радикална стратегија. Соработката со земјите членки ќе води кон подобро тренирање на финансиските инспектори и ќе се подобрат начините за замрзнување или конфискација на имотите на терористите.
- Заштита на критичната инфраструктура и безбедност на јавниот сообраќај. Инфраструктураната заштита (патишта, пруги, мостови, електрани итн.) е важна, бидејќи нивото на заштита на секоја земја зависи од онаа која ја има нивниот сосед. Иако ЕУ има минимум стандард за заштита и со која се елиминираат ранливите делови, должност е на секоја земја членка, самата да си ја заштити сопствената инфраструктура. Комисијата ги оцени начините за подобрување на безбедноста на јавниот транспорт. Таа постави експертска работна група за да се обезбеди соработка помеѓу земјите членки, националните авторитети и оние кои се вклучени во операциите.

- Подобрување на размената на информации и детекција на закани. Размената на информации, со исклучок на заштитата на податоците, беше предмет на неколку различни иницијативи, меѓу другите и на: 1) директива каде се бара до телекомите и Интернет провајдерите да ги задржат податоците; 2) цртајќи *принцип на слободност*, дозволувајќи пристап на авторитетите на земјите членки за регистрацијата на возилата, отисоците и датотеката на ДНА на други земји членки; 3) Информативен Систем за Виза, кој ќе овозможи консултација со сите полиции, Еуропол податоците итн.

- Реакција на хемиски, биолошки, радиолошки и нуклерани закани (CBRN). За да се запрат терористите од пристап до CBRN оружјата: 1) Комисијата издаде зелен лист за био – подготвеноста; и 2) Комисијата ќе презентира пакет на предлози во 2009 година

- Поддршка за жртвите. Комисијата пропагира солидарност, и, во согласност со тоа, за жртвите им се обезбедува финанска поддршка на организации кои ги претставуваат нивните интереси. Исто така финансира проекти за да им се помогне да си ги вратат животите на начин на кој биле пред терористичкиот напад, колку што е можно повеќе.

- Подржување на истражувања и технолошки развој. ЕУ зема разновидни иницијативи од полето на истражувањето и технолошкиот развој, вклучувајќи: 1) Подготвително Акција за Безбедносни Истражувања (Preparatory Action for Security Research – PASR), која досега финансираше 39 проекти; 2) 7-та Програма за Рамковно Истражување (Research Fremwork Programme- FP7); 3) Европскиот Форум за Безбеднсоно Истражување и Иновации (the European Security Research and Inovation Forum - ESRIF), кој обезбедува технологија о значење на оние кои ја прават политиката која се оденсува на воспоставување на Заедничка Агенда за Безбедносно Истражување.

Во одговор на честите терористички напади, Европската Унија и Обединетите Нации ја прикажаа глобалната стратегија со цел да придонесат за глобалната безбедност и да помогнат во изградбата на побезбеден свет. Оваа стратегија промовира демократија,

дијалог и добро владеење, а сето тоа со цел да се разбере коренот на причините за радикализација.

За да се биде борбата против тероризмот ефикасна, ЕУ си ги постави следните цели:

- Да се зголеми соработката со земјите од третиот свет (посебно со Северна Африка, Средниот Исток и Југоисточна Азија), обезбедувајќи им поддршка;
- Да се почитуваат човековите права;
- Да се спречат новите регрутирања во тероризмот;
- Подобра заштита на потенцијалните мети;
- Да се истражат и гонат членовите на постоечките мрежи;
- Да се подобри способноста во одговарањето и справувањето со последиците од терористичките напади.

ЕУ предлага четири столба за ефикасна борба против тероризмот: “спречување”, “заштита”, “гонење” и “одговор”.

**Спречување**

Столбот “спречување” тежнее кон борбата против радикализација и регрутирање на терористи според идентификацијата на методите, пропагандате и инструментите кои ги користат. Иако овие предизивци лежат во земјите членки на Европската Унија, ЕУ помага во координацијата на националните стратегии, утврдувајќи најдобра пракса и споделување на информации.

Изворот на радикализацијата лежи во пропагандата која е создава конфликти низ целиот свет, како веројатен доказ на судир помеѓу Западот и Исламот. Постојат огромен број на фактори кои можат да создадат погодна клима, која би била подложна за радикализација. Меѓу нив се лошо владеење, брза но не добро управувана модернизација како и недостаток на политички или економски перспективи и образовни прилики.

За борба против тероризмот, столбот “Спречување” предлага:

- Развој на заеднички пристап за да се забележи и разбере проблематичното однесување;
- Да се провери поттикнувањето и регрутацијата во клучни средини (затвори, религиозни места итн.);
- Да се развие меѓу – културен дијалог;
- Употреба на не – емотивен јазик за да се објаснат Европските политики подобро;
- Да се промовира добро владеење, демократија, образование и економски просперитет преку програмите за поддршка;
- Да се продолжи со истражувања и да се споделат анализите и искуствата.

**Заштита**

Столбот "заштита" тежнее кон намалување на ранливоста на метите за напад и да се лимитира очекуваниот резултат на нападот. Предлага да се воспостви колективна акција за граничната безбедност, транспортот и останатите прекугранични структури.

Земјите членки го имаат Информатичкиот Систем Шенген 2 (SIS2) и Системот за Информација на Визите (VIS), како и Европската Погранична Агенција (FRONTEX), за да се максимизира ефективноста на граничната контрола. Паралелно со овие инструменти, тие се побарувани за размена на податоците на патниците и за употреба на биометричките информации во документи за идентификација.

Во поглед на зголемувањето на безбедноста во транспортот, земјите членки мора заедно да ги испитаат слабите точки на странспортните системи и да ја зголемат безбедноста на патиштата, возовите, аеродромите и пристаништата.

ЕУ сака да ја процени заканата и нејзината ранливост. Тоа е работа на осмислување на програми,методи и заштита против напади и Европската програма за заштита на критичната инфраструктура. Земјите членки мора исто така да ги продолжат своите напори кон соработка во полето на не – пролиферацијата на хемиски, билошки, радиолошки нуклерани метеријали (CBRN).

**Гонење**

Целта на третиот столб "Гонење" тежнеење да ги гони терористите преку граници, додека се респектираат човековите права и интернационалното право. ЕУ посакува прво и најважно да го пресече патот на материјалите за напади (оружје, експлизиви итн.), да се раскинат теросристичките мрежи и регрутирањето на агенти и да се пронајде коренот на погрешното употебување на не – профитните асоцијации. Втората цел на Гонењето е да стави крај на изворите на терористичките финансирања, по пат на спроведување на истраги, замрзнување на средства и попречување на трансфери на пари. ЕУ предлага да се имплементира легислација за перење на пари и транфери на готовина. Третата цел е да се стави крај на планирањето на терористичките активности со спроведување на комуникација и дисеминација на терористичкото техничко знаење, особено преку Интернет.

Земјите членки, неопходните инструменти ги ставаат на располагање за употреба и анализа на информации. Тие подготвуваат здружени анализи и размена на информации преку Еуропол и Еуроџаст. Секоја земја членка известува како ги зајакнала сопствените инструменти и за нејзините национални механизми.

Инструментите употребувани за одговор на објективноста на "Гонењето" се:

- Анализи спроведени од страна на Центар за Здружени Ситуации (SITCEN) и Еуропол;
- Европските налози за апсење и Европската Гаранција за Докази;
- Здружените Истражувачки Тимови;
- Принципите на достапност на законот за примена на информациите;
- VIS и SIS 2 ( за подобар пристап до информациите);
- Група за Финансиска Акциска Работа (FATF), која обезбедува препораки кои треба да се следат.

**Одговор**

Ризикот од терористички напади не може да се сведе на нула. Тоа е за нејзините земји – членки да бидат способни да справат со нив кога ќе појават. Системите за одговор на терористичките напади често ќе бидат слични на оние кои можат да се справат со природните, технолошките и незгодите направени од човекот. Да се направи пропис, целосна употреба треба да се направи од постоечките структури и механизмите на општествената цивилна заштита. Датотеката на ЕУ има ресурси и проценки кои земјите членки можат да ги мобилизираат во случај на терористички напади.

Во случај на напад, витално е:

- Да се разменат оперативни и политички информации бргу, и да се обезбеди соработка на медиумите (во случај на пограничен инцидент);
- Да се обезбеди солидарност, поддршка и компензација за жртвите на тероризам, како и на нивните семејства на Европско ниво;
- Да се обезбеди поддршка на граѓаните на ЕУ во третите земји;
- Да се заштитат цивилните и воените имоти во операции на ЕУ кризен менаџмент.

**Известување и мониторинг**

Советот ќе го следи напредокот на секои шест месеци. Политички дијалог на високо ниво за контра тероризмот, каде заедно ќе се состанат Советот, Комисијата и Европскиот Парламент, ќе се одржува за време на секое Претседателство.

Оваа стратегија е придружена со детален акциски план, каде се наведени сите релавантни мерки кои треба да бидат превземени врз основа на четирите столба. Комисијата или Постојаните Претставници ќе го следат напредокот во детали, на редовна основа.

## 2. Борбата против тероризмот во Руската Федерација

Андреи Пржездомски, специјалниот претставник на Руския Комитет за Контратероризам (НАК), на 14 декември ги навел достигнувањата во борбата против тероризмот. Пржездомски тврди дека околу 360 "милитанти" се убиени во текот на

2012 година, "99 проценти од нив се од Северен Кавказ", но тој потсети дека имаше терористички напади во Татарстан за време на цела година. Тој кажа дека бројот на жртви од тероризам во 2012 година се искачил од 58 на 128 во 2011 година. Пржездомски кажал дека 466 "импровизирани експлозивни направи, каде некои од нив се веќе функционални" се запленети, вклучувајќи и 21 појас со бомби за самоубијци. Претсавниците на НАК дел од успесите на комитетот ги препишаа на системот од три елементи – "превенција на терористички напади, апсење на осомничени терористи, и минимизирање на штетата од актите на теророт".

Пржездомски исто така даде заслуга и на подобрената координација помеѓу авторитетите и агенциите на криминалистичките служби за успехот кој комитет тврди дека го има постигнато во борбата против тероризмот и терористите.

Тој кажа "вкупно од 515 militанти бази вооружени бази" биле лоцирани во 21012 година и скоро 1500 биле пронајдени во изминатите четири години. Пржездомски кажал дека некои од милитантните бази имале "лаборатории, утврдени бункери и залихи каде на луѓето би им овозможиле да живеат таму целосно автономно." Тој исто така предупреди дека постојат повеќе од 7000 веб страни кои НАК ги идентификувал како "терористички" веб страни, каде "околу 500 се на Руски јазик". Исто така нагласил дека додека е можна "борба" со такви веб страни во Руската Федерација, многу веб страни како што се Кавказ Центар, Чеченска бунтовничка веб страна, постираат материјали и надвор од границите на Руската Федерација. Вели дека дури и популарната веб страна YouTube "е полна со терористички елементи". Руската Федерација се бори со милитанти на Северен Кавказ веќе со години.

Земјата треба да биде домаќин на Зимските Олимписки Игри во Сохи, 2014 година, што не е многу далеку од Северен Кавказ. Како резултат на тоа, Рускиот Претседател Владимир Путин им даде инструкции на агенциите да вложат дополнителен напор и да воспостават безбедност во републиките како што се Чеченија, Дагестан, Ингушетија и Кабардино – Балкарија во Северен Кавказ. *(Април, 16, 2013, Интерфакс)*

Вооружените Сили на Руската Федерација се борат против тероризмот под покровителство на следните официјални документи: Уставот на Руската Федерација, Федералниот закон за "Борба против Тероризмот", интернационални спроразуми,

извршни наредби од Претседателот на Руската Федерација, резолуции и директиви на Владата на Руската Федерација, како и директиви издадени од страна на Министерот на Одбрана на Руската Федерација, Шефот на Персоналот на Вооружените Сили на Руската Федерација, шефови и команданти кои се во служба на Вооружените Сили на Руската Федерација, команданти на силите за борење и команданти на воените сили на областите (флоти).

Како што е наведено во Федералниот Закон на Руската Федерација бр. 130-ФЗ од јули 25, 1998 година за "Борбата против Тероризмот", Министерството за Одбрана на Руската Федерација ќе соработува со други агенции кои се вклучени во борбата против тероризмот во следните задачи:

1. Обезбедување на веќе дистрибуираните оружја за масовно уништување, флотите за проектили, мали оружја, муниција и експлозиви;
2. Одбрана на имотот на Министерот за Одбрана на Руската Федерација;
3. Спроведува контра терористички операции.

Следи листа на клучни стратешки функции на Министерството за Одбрана на Руската Федерација во борбата против тероризмот:

- Анализа на информациите за моменталниот статус на интернационалниот тероризам, неговата динамика и трендовите на ескалација;
- Формулирање на сугестии за развојот на соработката во борбата против тероризмот;
- Земање учество во развојот на ефективен контра терористички систем во линија со моменталната тактичка ситуација и трендовите за развој на тероризмот;
- Да ги координира здружените напори кои се со цел превенција на терористички напади на нуклерани локации или напади кои вклучуваат оружја за масовно уништување;

- Земање на учество во специјални операции за елиминација на илегални вооружени групи како и блокада на илегални пазари на оружје, муниција и на високо токсични материјали;

- Превенција на развојот на про-терористички погледи и чувства помеѓу општата јавност.

**По Бостонскиот напад: Руската Федерација – САД соработка во контра тероризам**

По терористичкиот напад во Бостон, Претседателот Обама и Рускиот Претседател Владимир Путин се согласија да ја засилат билатералната соработка во контра тероризмот. Тоа може да биде корисно на неколку начини, особено кога станува збор за размена на податоци. Но, Руските и Американските контра терористички операции се базирани на целосно различни принципи, второ режимот на Претседателот Путин го става во функција внатрешниот тероризам против невооружени цивили.

Терористичките напади во Бостон, наводно биле извршени од двајца етнички Чеченски браќа, кој живеат во САД, скоро една декада. Тамерлан Тцарнаев беше убиен во престрелка со полицијата минатата недела, додека Џокхар, неговиот помалд брат, жител на САД беше уапсен и во моментов е во болница и закрепнува од повредите од престрелката. Тамерлан поминал шест месеци во Руската Федерација во 2012 година, и бил интервјуиран од страна на ФБИ, на барање на Руската Федерација, пред неговото патување. ФБИ не нашол ништо сомничаво. Таткото на Тамерлан изјавил дека неговиот син бил со него во Дагестан, Руска република во проблематичниот регион на Северен Кавказ.

Вашингтон и Москва се пронајдоа два редикални контрастни модули на контра тероризам, како што големата полициска операција во Бостон јасно го потцрта. Полицијата на САД и останатите сили на безбедноста ја засилија безбедноста во Ватертаун, Масс, каде еден од терористите бегалци се криел, и избегнуваа било какви бомбардирања или пукања кои биможеле да наштетат на цивили или незадолжително да резултираат со уништување на имот.

Рускиот еквивалент би бил масивна операција за искоренување на цело соседство или друга локација каде би можеле да се кријат бегалците. Неколку стотина цивилни жртви

би биле класифицирани како неизбежни. Стартегијата била евидентна со полицијата, во заложичката криза во училиштето во Беслан, Северна Осетија, септември 2004, каде 380 луѓе, најмногу деца и учители, загинаа. Исто така евидентно беше и пуштањето на гас во Московскиот театар на 130 цивили, од страна на Руските специјални сили во Октомври 2002 година, за да ги уништат терористите кои држеа заложници. Таквите акции едноставно ги разгорувaат бунтовниците помеѓу Северно Кавкавските сепаристи.

Терористичката герила во Северен Кавказ е директен одговор на Рускиот државен тероризам кој беше проследен од рушењето на Чеченската независнсот во 1999 година и убиството на стотина цивили од страна на Руската војска. Москва е главно одговорна за подбуцнување на религиозен радикализам и насилство преку бруталните пацифистички програми во кои цели села беа мета за репресија, и каде цели членови на семејства од осмничени терористи биле киднапирани, измачувани и убиени.

На пример, широко распространето насилство во тајните затвори и убиства на цивили кои може да симпатизираат со бунтовниците се случија под будното око на Кремлин. (*претседателот на Чеченија, Рамзан Кадиров).*

Уште повеќе, целиот Северен Кавказ се карактеризира со корупција и навредливо владеење од страна на Москва – висока стапка на невработеност, широко распространета невработеност, како и нефункционална социјална инфраструктура. Сите овие фактори ја влошија опозицијата и кон Москва и кон авторитетите на републиката. Поради масовната репресија, стабилснота на целиот регион останува несигурен. Терористичките напади и герилските активности во комбинација со локалните конфликти за територија, политичките претсавници како и религиозните авторитети, ескалираат во регионален бунт.

Рускиот контра тероризам создаде многу непријатели кои Москва наводно сака да ги елиминира. Чеченскиот национализам беше трансформиран во пан-Кавкаска несигурност со Исламистички радикали од различни етнички групи кои се здруѓија во акти на тероризам во сите Северно Кавкаски републики. Насилниот џихадизам обезбеди мобилизирање на идеологија преку етнички линии, каде систематичната бруталност на Руските безбедносни сили против цивилите кои се полни со одмазда и

регрути за бунтовничките движења. Во она што бргу постана само исполниваčко пророштво, што повеќе бруталноста Кремлин сака да ја препише на сепаратизмот, толку повеќе Руската Федерација ќе го губи Северен Кавказ.

Постојат две главни причини на Кремлин за моменталното пружање кон Американската влада. Прво, сака да го опише анти Американскиот тероризам како еквивалент со анти Рускиот тероризам и затоа ја избегнува критиката на САД за нејзините брутални анти терористички операции. Втората е сигналот за евентуалните планирани немири во февруари 2014, за време на зимските олимписки игри во Северен Кавказ, каде Путин го има заложено доста од неговиот личен престиж, и поради тоа безмилосно ќе биде задушен секој обид.

## 3. Но, дали е доволно?

Координаторот на Европската Унија за борба против тероризмот Жил де Кершов оценил дека Европската Унија обезбедува премали фондови за борба против тероризмот и дека нејзината транспортна мрежа не е доволно заштитена. Де Кершов го повикал Брисел да ја зголеми развојната помош за светските региони во кои е познато дека делуваат екстремистички милитантни групи како што се Јемен, Пакистан или подсахарска Африка и да направи повеќе за да може да им помогне на владите на овие држави да се изборат со екстремизмот. “Мораме да имаме важна промена во износот на пари кои ЕУ ги издвојува за помош во борбата против тероризмот”, “Доколку ЕУ сака да биде сериозен фактор во подобрувањето на глобалната стабилност, тогаш мора да издвои соодветни ресурси за тоа”(Де Кершов, писмен извештај до европските министри на внатрешни работи). (Политика, 02/12/2010).

## 4. Реалност

Тероризмот е голема опасност на модерното време, а тоа го констатираат сите релевантни чинители на светската заедница и настојуваат да пронајдат најдобар, најлесен и најефикасен начин за на тоа зло да му стават крај.

Во Декларацијата на Обединетите Нации за начелата на меѓународното право и пријателските односи и соработката меѓу државите во согласност со Повелбата на

Обединетите Нации од 1970 година, каде се разбработени нАчелата од Повелбата, стои дека секоја држава е должна да се воздржи од организирање и поттикнување на акти на граѓанска војна или терористички акти на територијата на друга држава, да им помага или да учество во нив, или да толерира активности на организирање на терористи на сопствената територија, секогаш кога такви акти со себе повлекуваат со себе закана за употреба или употреба на сила.

Генералното Собрание на Обединетите Нации на 9 декември 1994 година, ја усвоила Декларацијата за мерките за елиминирање на меѓународниот тероризам како криминално и неоправдано дејствување било каде и од било кого, вклучувајќи ги тука и оние активности кои ги загрозуваат пријателските односи помеѓу државите инародите и преставуваат закана за територијалниот интегритет и безбедноста на државата. Согласно со таа Декларација, државите се должни да се воздржат од организирање, поттикнување, финансирање, охрабрување или толерирање на терористички активности. Тие се должни, исто така, да превземаат соодветни практични мерки за да обезбедат дека нивните територии нема да се користат за организирање на логори за обука на терористи или за подготовка и организирање на терористички акти кои се изведуваат на територии на други држави.

Соодветно на терористичкиот напад на Дархам во Саудиска Арабија, каде загинале повеќе од десетина американски граѓани, шефови на држави или влади од групата 7, значи САД, Канада, Јапан, Франција, Велика Британија, Германија и Италија, на 27 јуни 1996 година потпишале, во Лион, Декларација за тероризмот. Групата 7 проценила дека борбата против тероризмот е апсолутен приоритет во смисла на превземање мерки и постапки за зачувување на мирот и безбедноста на државата, народот и граѓаните.

Некои земји кои се најзагрозени од тероризмот усвоиле исто така посебни закони со кои се инкиминира терористичката дејност во целина, а органите за гонење даваат посебни овластувања и надлежност во поглед на постапките против терористи. Така во Германија, 1976 година е усвоен Законот против тероризмот, кој е дополнет во 1977 година, во Франција во 1970 година е донесен т.н. Против разбивачки закон, во Велика Британија во 1970 година е донесен Привремен закон за спречување на тероризам, кој

кон крајот на август 1998 година е дополнет и зғласан како Антитерористички закон, во Шпанија од 1978 година постои закон за спречување на тероризам, итн.

Меѓутоа во САД, во само шеснаесет сојузни држави, тероризмот се означува како кривично дело, додека за помагање на тероризмот, на целата територија на САД, не се смета собирање на парични средства или други материјални добра за терористички организации, ако со тие средства и пари не се купува и транспортира оружје од територијата на САД, освен за терористичката организација, на чија сметка се собираат парични и други материјални средства, не е на листата на терористички организации, која секоја година ги дава американската администрација. Оттука лобирањето во амриканскиот Конгрес од страна на албанската, бошњачката или некоја друга дијаспора, постоење на организација која собира помош за терористи во "прекуморските земји", собирање на доброволци за пополнување на редовите на различни сепаратистички и терористички организации и формации, па и понуди на различни специјализирани пропагандни агенции за психолошко – пропагандна дејност (т.н. спин агенции), понуди од специјализирани агенции за давање на воени услуги, не се забранети. Напротив. Поради тоа, иако постои единствен став на САД по прашањето за тероризам, официјални претставници на останати земји, па дури и меѓународни организации и институции, и понатаму имаат потешкотии во одредување на карактерот и дејствувањето на "екстремните" или "милитантни" групи, па оттука и појавата на двојни стандарди во одредувањето што е, а што не е тероризам.

Во суштина, сето она што не го погодува директно САД, американските интереси или Запад во целина, не се смета за тероризам, туку претставува некој облик на борба за "демократија и почитување на човекови права" – категории на кои Запад а посебно Америка се доста горди и кои и те како ги експлоатираат кога се во прашање други народи и држави, а терористите тоа го злоупотербуваат секој пат кога ќе им се даде можност за тоа.

На крај, ако се има во поглед поврзаноста на тероризмот со другите облици и видови на криминална дејност, посебно кога се во прашање организираниот криминал, нарко – мафијата, илегалната трговија со оружје, трговијата со опасни материјали, па и

територии за поединечни земји, се поставуваат прашањата на кои досега не е пронајден соодветен одговор:

- Дали може да се каже дека терорист е занимање?
- Дали еден ден ќе се соочиме со постоење на синдикат на терористи?
- До која точка можеме да говориме за тероризмот, а од која за организиран криминал?
- Ако постојат центри за обука на терористи, дали тоа значи дека постојат училишта за образување на терористички инструктори, професори и сл.?
- Поради што се толерираат, во некои делови од светот, територии кои се под целосна контрола на терористи, така да пристап на било кој, кој не е член на организација, е оневозможен, па дури и ако се работи за воено – полициска операција која загрозената држава легално да превзема како операција;
- Ако тероризмот победи и завладее со светот, дали некој нов тероризам ќе започне војна против победниците?
- Што ќе се случи ако еден ден се открие и докаже дека поединечни држави поддржуваат, па дури и финансираат тероризам како истурена рака на својата политика?
- До која граница може да се толерира постоењето на тероризмот?

Сепак илузорно е да се надеваме на брза и истовремена елиминација на чинителите кои го оживуваат тероризмот, иако со адекватни мерки можно е да се ограничи, но не и да се искорени. Поради тоа, не треба да му се дава надеж бидејќи таа го храни и зајакнува.

Едноставно терористички напади да се сопрат е невозможно. Тоа е едноставноста во природата на терористичките напади, а лежи во можноста да се нападне било каде и во било кое време.

## X. Заклучок

Да може да се дефинира што е тероризам, кој е моментот кога некој одлучува да изврши напад, и притоа да се разнесе себе си меѓу останатите, можеби за секогаш ќе остане тема на која ќе се дебатира. Сметам дека една од причините за појавата на тероризмот е политиката. Ако се гледа малку од поинаква перспектива, можеби ќе се дојде до поинаков заклучок за оној момент кога некој се одлучува покрај својот да одземе и животи на многумина. Да се вратам на политиката. Имено, европските лидери еден извесен период сметале дека исламскиот тероризам ќе се ограничи само на афричката област, додека далеку источните ќе се претопат со сепаратистичките судури, и со тоа дека ќе се локализираат. Но покрај низата на диверзии, лесно се заклучува дека нападите се претежно против американците. Здружениот "Џихад" и "Гамаа Исламие" (со новиот водач Омер Абдул Рахман) е прокламирана борбата против САД и целиот здружен и богат Запад. Тогаш, заедно со Бин Ладен се зајакнува блискоисточниот тероризам и се менува во западен и еврејски тероризам. Тогаш американците се определуваат за заштитни мерки и превентивна заштита. Можеби тоа е моментот кога тероризмот се глобализира или интернационализира. Со војната во Авганистан (7 октомври 2001), САД со своите сојузници (британските и единиците на Алијансата од Северот) започнале одмазда за Менхетен и Пентагон. Но одмаздата сметам дека не била единствен повод. Имено, кога САД го поттикнувале Ирак против Иран, тие впрочем испорачувале материјал кој може да се користи како балистичко оружје. Најинтересното е тоа што амриканците заедно со британците извршиле воена интервенција против Ирак (19 март 2003), нормално со изговор дека Садам Хусеин поседува оружје за масовно уништување. После три недели се докажало такво оружје нема и дека дека фактурите за извоз на 500 тони на урнаиум од Нигерија се фалсификувани, со цел да се оправда војната против Ирак. Вакви примери има многу, како на пример со Албанците на Косово. Надворешниот тероризам е доста важен, и ја има можеби најглавната нишка во приказната. На пример, Американците во Сомалија имаат убиено над 13000 граѓани, во Виетнам над милион, во Србија се фрлени бомби со осиромашен ураниум и убиени над 2500 цивили (околу 785 деца) и така натаму. Ако се гледа од секаков аспект освен американски, ова се акти на тероризам, и се казниви според Женевската конвенција од 1936 година и според соодветните одредби од ОН. Според ова НАТО има компонента на терористичка

организација. Тука спаѓаат и тиморските "одреди на смртта" (американски програм за "железна рамнотежа"), подготовката за рушење на некои режими (Аљенде, Мосадик) или обуката на специјалци во училиштето СОА ("училиште на убијци", основана во 1969 година) и повеќе убиства (надбискупот Ромеро и уште 13 луѓе во Сан Салвадор...). Карактеристичен е податокот дека во 1999 година буџетот на Пентагон изнесувал 30 милијарди долари и дека осттогаш постојано се зголемува.

Војната во Авганистан е важна не само за Америка, туку и за Руската Федерација (Чеченија), и за Пакистан и за Индија (Кашмир). Имено поради неуспехот на советската интервенција и победата на муџахедините, им дале можност на исламскиот фундаментализам и со тоа го зајакнале нивниот вид на тероризам. По оваа војна нивниот центар се поместува во Саудиска Арабија и Судан, но и се создаваат и нови исламистички центри, во Кашмир, Алжир, Филипни и тн. А со војната против Ирак за прв пат ги остави САД без поддршката на Франција, Германија и Руската Федерација. Година и половина по завршувањето на воените операции, состојбата во Ирак се влошуваше. Опцијата за влада по желба на другите не беше веќе во функција. Беше запрен дотокот на нафта од југот на Ирак, се зголемуваа судирите помеѓу војската и диверзантите (во Фалуџа, Карбали, Кута, се гранатираше шведската амбасада). САД издвојуваа се повеќе финансиски средства за синирање на ситуацијата, се обраќаа за воена помош од други земји. Како податок освен воените сили на САД, Велика Британија, Италија и Холандија со 150000 сили, беа и Романија, Чешка, Полска, Нов Зеланд со околу 3500 сили. Оттука и терминот Бушов Виетнам. А на сметка на овие бројни воени сили, исламистите сметаа на лојалноста на над скоро 1,5 милион истоверници во 57 исламистички земји. Тогаш кај исламистите се јавува осветата, зголемена со омразата на светските богаташки и освојувачи. Со тоа донекаде се објаснува зошто околу 90% од глобалниот тероризам е насочен кон САД. Антиамериканизмот е главната нишка на исламистичките и другите струи (Ал Каида, терористите на Хезболах, Амал, Дава и други). Автомобил бомба во австралиската амбасада во Џакарта усмртил десет, а ранил над 100 случајни минувачи. Одговорноста ја превзеле Џамиат Исламие, која е доста блиска на Ал Каида. Така акциите на Ал Каида се повеќе се шират и поврзуваат, проширувајќи ги своите напади кон сите американски сојузници како и кон сите кои имаат свои воени сили во Ирак (на пример, Австралија

околку 1300 војници). Со трагедијата во Беслан и во Шпанија, може да се говори за глобален тероризам.

Со завршувањето на војната во Ирак, Американците најавија нови потфати. Имено на ред е Грузија. Во план е и Закавказје, во судирот помеѓу Северна Осетија и Ингушетија, па најверојатно и територијата помеѓу Прут и Дњестар, со помош на Романија....

Да размислиме, зошто се создаваат овие нови територии за терористички акции. Разумно ли е? Дали овде ќе ја имаме поддршката на најголемата терористичка организација НАТО или веќе тоа се подразбира?

Од друга страна опасноста од тероризам и не е толку голема колку што Америка ја проектира на целиот свет. Со тоа главната задача на Амриканците е завршена. Воспоставена е контрола над ирачката нафта, што според мене е и причина за цела ситуација, која е вештачки направена. По трагедијата во Беслан, Русите, исто како и амриканците, најавија превентивни мерки (рускиот генералштаб, на шело со генералот Јуриј Балујевски) како неопходна мерка против чеченските терористи, и тоа, незамисливо, со можност за употреба на нуклерано оружје. Но во овој случај и Русите бараат подршка од НАТО. Се оди до тој степен што се објави награда од 300000 милиони долари за информација поврзана со Шамил Бесајев и Аслан Масхадов. Но според изјавата на рускиот претседател Владимир Путин, со цел приближување кон народот во Чеченија, целта ќе бидат само терористите. Наспроти случајот со Америка и Авганистан и невините цивили кои настрадале. Дали ќе се заврши исто или овој нов метод ќе има ефект останува на времето на покаже.

Исламските терористи го користат секој напад да упатат страв и состојба на неизвесност е причина повеќе, во борбата против тероризмот, да не се ризикува и да се огласат по ваквите закани. Иако заканите на Осама бин Ладен имаат понекогаш ефект, покажува фактот дека Шпанија ги повлече своите воени сили од Ирак.

Она што паѓа во очи е дека каде и да интервенирале воено САД, секогаш мотивите не се чисто верски, туку се гледаат и оние економските, а меѓу нив најистакната е контролата над изворите со енергија.

Тероризмот се повеќе зема замав во т.н. неразвиени земји. Едната особеност е во верскиот фактор, бидејќи религијата во тие земји се соединила со етницитетот, каде верските постулати вклучуваат и некои социјални, политички и идеолошки сегменти. Во Руската Федерација, поточно во Киргистан, функционира движењето “вахабизам” и движењето на Хизб ат Тахрир со паролата: слобода, правда, обнова на калифатот. Дел од оваа идеологија е застапена и во католицизмот. Тука веќе се доаѓа до контра аргументи, како од едната, така и од другата страна.

Современиот тероризам е голема трагедија на денешниот свет. Наместо прогрес на човештвото, имаме прогрес на тероризмот. Напредокот на тероризмот оди до степен на унапредување на војните со употреба на нуклерано оружје, бомбардирање од голема далечина, бомби со осиромашен ураниум и така натаму. Во социјални рамки, поттикнувачи на тероризмот е големата нееднкавост на богатството, антагонизмите кои произлегуваат од религиските, традиционалните и другите карактеристики. Кога сето ова ќе се разбере, тогаш следи тероризмот и оние фанатци. Напредокот на тероризмот ја зафаќа и политиката, а оди до онаа линија која тешко се разликува кој е терорист а кој се бори против тероризмот. Колку и да звучи сурово и нерелано, тоа е примерот со НАТО.

Затоа ќе запрашам: дали се терористите криминалци? Борци за општествена промена? Самоубијци? Моралисти со оружје? Психопати? Може ли да се најде еден збор, и тој збор да ги етикетира сите оние кои ние ги нарекуваме терористи? Преплетувањето на елементите на политичката провокација, бруталното насилство, декларираните борби за општествени промени, самоубиствената предаденост организираноста, брзината и ненадејното дејствување, интернационализацијата на причините и ефектите, сето тоа се причини за занимањето со тероризмот како појава. Иако насилството е доста старо и корените можат да се видат и во 12 век, оваа појава сепак е нова и многу малку истражувана.

Но, да се детерминира што е она што луѓето ги тера кон тероризам не е воопшто лесна задача. Како прво, терористите не се како волонетерите, па да прифаќаат експериментални задачи. Психолошкиот аспект на терористот е доста комплексен. Сите научници ќе се согласат дека следните карактеристики се пресудни во

регрутацијата и радикализација кон тероризмот: чувство на лутина, отуѓеност, верување дека нивната моментална политичка вклученост не им дава доволно моќ да влијаат и да постигнат вистинска промена, идентификација со жртвите во аспект на социјалната  неправда, потреба да превземат акција отколку само да зборуваат за проблемот и така натаму. Терористот е лице кое е способно да изведе специфични напади, со цел да го наруши мирот и да предизвика сериозна физичка и ментална повреда на граѓаните. Уште од 19 век, психијатрите сакале да разберат што се случува во главата на терористите, со што би можеле полесно да ги идентификуваат и разликуваат од нормалните луѓе. Иако може да се направи профил и да се следи размислувањето на терористите кои се вклучени во некое стратешко планирање и организирање на група, сепак неможе да се посочи или идентификува терористот кој впрочем ги спроведува овие активности. Со оглед на тоа дека повеќето организации или групи ги регрутираат луѓето кои се од пониските, и од често пати различно социо - економски сектори, доста е проблематично да се генерализира нивното однесување. Некои студии пак докажале дека однесувањето и психологијата на теорористите и нормалните луѓе не се разликуваат. Тогаш како можеме да спречиме некој терорист, ако не можеме ни да го препознаме во толпата народ. Тој е дел од нас. Најверојатно има поголема храброст да превземе некоја акција, но сепак до тој клучен момент, тој воопшто не се разликува од нас.

Но можеби најважно не е да се запрашаме како да го разликуваме терористот од граѓанинот. Можеби треба да се запрашаме што е она што не плаши во Исламот. Каков е тој Исламски закон. Според Исламскиот Закон, ако терорист е фатен во извршување на дело, тој всушност и е осуден, и соодветствено на тоа, ќе добие смртна пресуда. Луѓето имаат право да бидат безбедни и да не се грижат за себе и за своите најблиски, кога излегуваат во јавност. Тероризмот е пакостен криминал затоа што на луѓето не им ги ограбува само нивните животи, туку и нивната безбедност и слобода. Токму затоа, според законот, и најстрого се казнува, бидејќи има и сериозни последици во општеството. Доказот за тоа е очигледен не само кај не – муслиманите, туку и кај Муслиманите. (Ал Џезеира).

Обично причините за појавата на фанатизмот се доста реални. Имено доколку не се научи Исламот од квалификувани наставници, лесно е да се премине во фанатичен

екстремизам, се разбира со Исламситички концепт, како шт е на пример Џихадот. На пример, централната фатва која терористичката група, како што е Ал Каида, ја базира целата своја идеологија, се откри дека е корупиран текст кој доста се распространи. Еминенти Муслимани, професори, се собраа на Мардин Конференцијата во 2010 година и дискутираа за фатвата и нејзината валидност. По испитувањата на текстовите, се утврди дека текстот е корумпиран.

Безбедноста како најважен сегмент е оној кој предизвикува расправи низ целиот свет и со секакви заклучоци. Секоја земја чија безбедност е загрозена од страна на терористи, прави огромни напори за да може што поуспешно да се одбрани од таа агресија. За таа цел се носат соодветни закони, стратегии, документи во кои прецизно се одредува надлежноста, овластувањата и начините за постапување на секој субјект и секој вид на сила, која е дел од антитерористичкиот систем на самата држава. Практично е невозможно да се набројат превентивните мерки на државите. Започнувајќи од безбедност на аеродромите, железничките станици, метроата и така натаму. Се оди до степен на нарушување на приватноста на индивидуите, а сето тоа со цел обид за спречување на терористички напад. Колку е успешно, покажува фактот дека напади има значително помалку, но сепак постојат. Невозможно е да се искорени, но да се намали е голем напредок. Дали е тоа илузија или стварност, времето ќе покаже. Ако земеме дека технологијата оди до степен до кој можеме само да се фрапираме, тогаш ќе сватиме дека сме далеку од вистината. Ниеден договор, ниеден закон нема да го спречи оној кој наумил да нанесе зло на многумина. Може многу лесно да се обучи преку некоја книга, може да се научи на интернет како да го направи оружје за еден напад, дури и може да регрутира потенцијални соработници преку Интернет. Кој закон тогаш ќе помогне? Да не го заборавиме влијанието и на верските лидери. Тие се оние кои можеби го имаат товарот да оправдаат или да не оправдаат нечиј став или мислење. Тие се оние кои насочуваат. Тие се оние кои зборовите од Господ треба да ги интерпретираат реално. Колку е можно на тоа да се влијае? Но и сето тоа да е возможно да се направи, секогаш ќе постои некој кој ќе го слушне она што сака тој да го слушне, колку и да не е точно тоа. Секогаш и во секој човек постои еден сегмент кој тлее, и на првата осуда секогаш се јавува, како потсетник дека секој е способен за се. Секако долку има желба. Значи желбата е таа која е водилка за секого. Како за

терористот, така и за обичниот граѓанин. Но надежта е онаа која ни помага во упорноста и во вербата дека сепак доброто ќе го надвладее злото.

**Поимник за Тероризам**

Дефиниции на некои познати терористи и разузнавачки поими и термини

**<u>А-Б</u>**

**ААИА -** Аден – Абујан Исламистичка Армија, Исламистичка Армија на Аден, со база во Јемен

**ALF –** Animal Liberation Front

**ANO –** Abu Nidal Organization. Познат и како Фатах Револуционерен Совет, Арапски Револуционерни Бригади, Црниот Септември, Револуционерна Организација на Социјалистички Муслимани, базата е во Ирак.

**Анархизам** (Еуропол) – политичка теорија каде се сметаат сите форми на владин авторитет за непотребни и непосакувани и се залага за општество базирано на доброволна соработка и слободно здружување на индивидуалци и групи. (Вебстер)

**Анти тероризам** (УН, fact sheet бр. 32) – одбрамбени мерки кои се употребуваат за намалување на ранливоста на индивидуалци и имоти од терористички акти, да се вклучи ограничен одговор и задржување од страна на воените сили.

**Имот (терорист)** (Дански министер за правда, 2007) – Извор – лице, група, однос, инструмент, инсталација или набавка – на располагање на терористичка организација за употреба во оперативна улога или во улога на поддршка. Често се употребува да се квалификува термин како самоубиствен имот или имот за набљудување.

**Билошки агенс** (ФЕМА)– Микро организам кој предизвикува болести кај луѓето, растенијата или животните, или пак предизвикува распаѓање на материјали.

**Биолошко оружје** (ФЕМА) – Предмет или материјал, кој предизивкува, распрснува или разградува билошки агенс, вклучувајќи ги и артроподите.

**Био регулатори** (ФЕМА) – Биохемикалии кои ги регулираат телесните функции. Биорегулаторите кои се произведуваат од телото се означени како “ендогени”. Некои од овие биорегулатори може да се синтетизираат хемиски.

**Агенси за пликови** (ФЕМА)– Супстанции кои може да предизвикаат пликови на кожата. Изложувањето е преку течност или контакт преку пареа, на кој било дел од ткивото (очи, кожа, бели дробови).

**Крвни агенси** (ФЕМА) – Супстанции кои можат да повредат човек на начин што ќе се помеша со респираторните ќелии (размена на кислород и јаглерод диоксид помеѓу крвта и ткивото)

**BR/PCC** – New Red Brigades/Communist Combatant Party, или познати и како Brigatte Rosse/Partito Comunista Combattente, со база во Италија.

**Ц-Ф**

**Хемиско оружје** (Извештај за Конгрес, Кронин, 2003) – заедно или посебно, а) токсична хемикалија и неговите претходници, освен кога е наменето за цели кои не се забранети според Конвенцијата за Хемиско Оружје; б) муниција или направа, посебно направена да предизвика смрт или да предизивка штета преку токсичните својства на хемикалиите наведени под точка а, која би била пуштена како резултат на таква направа; в) секаква направа посебно направена за директна употреба заедно со направата наведена под точка б.

**Хемиски агенс** (Универзитет во Северна Каролина) – Хемиска супстанца која е наменета за употреба во воени цели за да се убие, сериозно да повреди или да онеспособи луѓе преку нејзините психолошки ефекти. Исклучок од овие се агенси за контрола на немири, како и димни и запалливи материјали. Агенсот може да се појави како пареа, аеросол или течност; може да биде како смртоносен/токсичен агенс или во својство на онеспособувачки агенс.

**Агенси за задушување** (Американска Медицинска Асоцијација, 1999) – Супстанции кои предизвикуваат физичка повреда на белите дробови. Изложувањето е преку инхалација. Во екстремни случаи, мембраните отекуваат и белите дробови се полнат со течност. Смрт настанува како последица на недостаток од кислород; според тоа, жртвата е "задушена".

**Конфликт (воен)** (Универзитет на Колорадо) – Политичко – воена ситуација помеѓу војната и мирот, се разликува од мирот на тој начин што претставува организирано политичко насилство, а од војната се разликува по неговата доверба во политичките методи. Делат многу цели и карактеристики на војната, вклучувајќи ја деструкцијата на владите и контролата на териториите.

**Разузнавање** (ЈП 1-02) – Одбрамбени мерки кои се превземаат да спречат, одвратат и да одговорат на тероризмот.

**Валкана бомба** (ЈП 1-02)– Валкана бомба, или Радиолошка Дисперзивна Направа (РДН) употребува конвенционални експлозиви да распрсне радиоактивен материјал како што се употребува во медицинска арена за дадена област. Иако валканата бомба не мора веднаш да предизвика физичко оштетување, ширењето на радиоактивен

материјал може во областа да предизвика не можност за живеење и да предизвка рак или други болести на оние кои се изложени.

**Дисфункционална држава** – означува нација или држава чија поставена влада не може да исполни една или повеќе од темелните функции на владеење, како што е одбрана, внатрешна безбедност, собирање на приход, алокација на ресурси итн.

**ELF -** Earth Liberation Front

**ELA –** Revolutionary People's Struggle со седиште во Грција

**ETA –** Basque Fatherland and Liberty со седиште во Шпанија

**Пропадната држава** – Дисфункционална држава која исто така има повеќе натпреварувачки политички фракции кои се во конфликт во рамките на спотствените граници, или која нема функционална влада над локалното ниво. Ова не имплицира дека централната власт која се соочува со бунт е автоматски пропадната држава. Ако есенциајлните функции на владата продолжат во областа на конролирање од страна на централниот авторитет, тогаш таа не е "пропадната". Пример на пропадната држава е Сомалија.

**Г-Л**

**GIA –** Armed Islamic Group со седиште во Алжир

**GICM –** Moroccan Islamic Combatant Group со седиште во Западен Балкан

**Герилско војување** (JP 1-02, НАТО) – Воени или паравоени операции спроведувани на територија со заложници или на непријателска територија најчесто со автохтони сили.

**IED Improvised Explosive Device – Импровизирана Експлозивна Направа (ИЕД) –** Направи кои се направени на ипровизиран начин и кои се со вграден експлозив или пак се со деструктивни, смртоносни, автохтони, пиротехнички или со запалливи хемикалии во нивниот дизајн.

**IIPB –** Islamic International Peacekeeping Brigade in Checenya

**Агенси за онеспособување** – Предизвикуваат привремени и/или ментални ефекти преку дејствување на централниот нервен систем. Ефектите можат да траат неколку часа или дена, но на жртвата вообичаено не и потребен медицински третман. Но, со терапија, се забрзува опоравувањето.

**Индустриски агенси** – Хемикалии развиени или произведени за употреба во индустриски операции или истражувања од страна на индустријата, владата или

академија. Овие хемикалии примарно не се произведуваат за специфична за да нанесат човечки жртви или направат опрема, објект или област чија употреба би била опасна за човекот. Хидроген цијанид, цијаноген хлорид, фосген, хлоропикрин и многу други хербициди и пестициди се индустриски хемикалии кои исто така можат да бидат хемиски агенси.

**Бунт** (ЛП 1-02 НАТО) – Организирано движење со цел да изврши преврат на конституираната влада преку употреба на субверзии и воени конфликти.

**Интернационално –** поврзано со, или со влијание на две или повеќе нации (Вебстер).

**<u>М-Р</u>**

**Нарко – тероризам –** Тероризам спорведуван со понатамошна цел насочена кон трговијата на дилерите. Може да вклучува атентати, изнудувања, киднапирања, поставување на бомби, и киднапирања на луѓе кои се против судии, тужители, избрани претставници во власта, или агенти за спроведување на законите, и општо нарушување на легитимната влада со цел свртување на вниманието од операциите со дрога.

**Нација –** Заедница на луѓе составена од една или повеќе националности и кои поседуваат повеќе или помалку дефинирана територија и влада или територијална поделба која има една или повеќе националности и вообичаено се карактеризира со релативно голем обем и со независен стаус.

**Нација – држава –** Форма на политичка организација под која има релативно хомогени луѓе кои се жители на суверена држава; особено држава која е сочинува една наместо повеќе националности.

**Нервни агенси –** Супстанции кои влијаат на централниот нервен систем. Изложувањето е примарно преку контакт со течност (очи и кожа) и секундарно преку инхалација или пареа. Три специфични симптоми поврзани со нервните агенси се: стеснети зеници, екстремна главоболка и тешко стегање во градите.

**Нуклеарно оружје –** Комплетен арсенал (на пример различни видови на експлозиви, различни видови на оружје или термонуклерани видови на оружје), со целосна модификација, со цел комплетирање на различни видови на вооружување, детонатори, секвенци на палење, кои се способни за продуцирање на наменетата нуклерна реакција и ослободување на енергија.

**Радиолошка направа за распрснување –** Направа (оружје или опрема), освен нуклеранта експлозивна направа, наменета за распрснување на радиоактивен материјал

со цел да предизвика уништување, штета или повреда со помош на радијација, која е произведена со распаѓење на таков материјал.

**Радиолошка операција** – Употреба на радиоактивен материјал или направи за произведување на радијација со цел предизвикување на жртви или ограничување на употребата на одреден предел. Вклучува намерна употреба атомски отапд од нуклерни оружја.

**RSRSBCM** – Riyads – Salikhin Reconnaissance and Sabotage Battalion of Chechen Martyrs in Checenya.

**С-З**

**Препрека** – Растојанието помеѓу надворешениот периметар и најблиската точка на зграда или структура. Генерално се однесува на терминот на периметарот на ударниот бран на експлозивот.

**SPIR** – Special Purpose Islamic Regiment based in Chechnya

**TACON** – Тактичка контрола

**Терористичка тактика** (JP 1-02, НАТО) – Според дефиницијата на војската, тактиката се дефинира како "наука и уметност во употреба на расположливи средства за да се добие битката и обврската", тогаш терористичката тактика треба да се смета како "наука и уметност во употребата на насилство, терор и закана за влевање на страв во гонењето на политички, религиозни или идеолошки цели".

**Терорист** (JP 1-02, НАТО) – Индивидуалец кој употребува насилство, терор, и закана за да постигне резултат.

**Терористичи цели** (JP 1-02, НАТО) – Терминот цели се однесува на стратешки или државни цели кои терористот има за цел да ги оствари. Целите на терористичката организација се изедначени со нивото на војна.

**Терористичка група** (JP 1-02, НАТО) – Било која група која практицира, или која има значително подгрупи кои практицираат интернационален тероризам.

**Терористички цели** (JP 1-02, НАТО) – Стандардната дефиниција за цели е "јасно дефинирана, одлучна или одржлива цел која секоја воена операција треба да биде насочувана кон неа". Терористичките цели се однесуваат на намерата да произлезе резултат како еден или серија на терористички операции или акции.

**Токсичен хемиски агенс** – Предизвикува онеспособување, сериозна повреда или смрт. Можат да се употребуваат за онеспособување или убивање на жртви.

**Токсичен агенс** – Отров направен како специфичен излачувачки продукт во метаболизмот на растение или животно, но различно од неоргански отров. Ваквите отрови можат и синтетички да се произведат.

**VBIED** – Импровизирана експлозивна направа за бомба во автомобил

**WMD** – Weapons of Mass Destruction – Оружја за масовно уништување. Оружја кои се способни за уништување и/или се употребуваат на тој начин што може да предизвикаат уништување на голем број на луѓе. Оружјата за масовно уништување можат да бидат високо експлозивни или нуклеарни, биолошки, хемиски и радилошки оружја, исклучувајќи ги средставата за транспорт или делови од оружје кои можат да бидат делови од оружје за масовно уништување.

**Ќелија** – Мала група на терористи. Затворена единица но со една или повеќе врски со мрежата.

**Чувари** – Милитантни исламисти кои се лично поврзани со терористичка мрежа

**Исламист** – Муслиман кој е приврзаник на доста конзервативна гранка од Ислмот.

**Муџахедин** – Буквално преведено означува Свет Војник, но често пати се поврзува со милитантни Исламисти кои се борат за доброто на гирилците.

**Мрежа** (Дански министер за правда, 2007) – Број на ќелии кои се поврзани преку лични односи

**Регрутирање** (Дански министер за правда, 2007) – Регрутирањето за Џихад се разбира како активност која има за цел да придобие милитантни Исламисти во веќе постоечката терористичка ќелија. Регрутацијата е мост помеѓу личните уверувања и насилниот активизам.

**Радикализација** (Дански министер за правда, 2007) – Прогресивен, личен развој од Муслиман до милитантен Исламист.

**Исламизам** (Дански министер за правда, 2007) – политичка идеологија која има идеја да создаде држава и општество со религиска доктирна на Шеријатското право.

**Милитантен исламист** (Дански министер за правда, 2007) – е личност која е подготвена да употреби насилство за да ги постигне своите цели.

**Муслимански екстремист** (Дански министер за правда, 2007) – е личност која ја поддржува идологијата над милитантниот Исламист, но вообичано не го спроведува терористичкиот акт.

**Џихад** (Дански министер за правда, 2007) – има двојно значење. Едното значење е

внатрешна борба за да се стане добар и посветен Муслиман – повисокиот Џихад. Втората употреба на Џихад е (одбрамбена) вооружена борна во одбрана на Исламот – понизок Џихад.

**ДОДАТОК 1** – Повелба од 1997 година за антитероризам – РУСКА ФЕДЕРАЦИЈА (Транснационален Тероризам, Безбедност и Закон – проект на Европската Комисија, 2008)

| **Година** | **Име на документот** | **Институција** | **Дефиниција** |
|---|---|---|---|
| 2006 | Федерален закон за антитероризам | Владата на Руската Федерација | Тероризам ќе означува идеологија на насилство и примената на влијание во носењето на одлука од страна на државните тела, локалната самоуправа или интернационални организации поврзани со заплашување на популацијата и/или други форми на незаконски насилни акции.<br>Терористичка активност ќе значи активност која ги вклучува следните:<br>А)Организирање, планирање, подготвување, финансирање и имплементација на акт на тероризам;<br>Б)Иницијатива за акт на тероризам;<br>В)Воспоставување на незаконска вооружена единица, криминална асоцијација (организација) или организирана група за имплементација на акт на тероризам, како и учество во таква структура;<br>Г)Регрутација, вооружување, обучување и употреба на терористи;<br>Д)Информативна или друга асистенција за планирање, подготвување или имплементација на акт на тероризам;<br>Ѓ)Популаризација на терористички идеи, ширење на материјали или информации кои поттикнуваат терористички активности, подрржуваат или ја оправдуваат потребата за практицирање на таква активност<br>Терористички акт ќе се смета изведување на експлозија, пожар или друга акција поврзана со заплашување на јавноста и која претставува ризик за губење на живот, правејќи значителна штета на имот или предизвикувајќи еколошка катастрофа, како и сериозни последици, за цел незаконско |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | влијание по прифаќањето на одлуката од државните органи, локалната самоуправа или интернационални органзиации, како и закана за извршување на кажаните акции за истата цел. |

**ДОДАТОК 2** – Апсења во 2011 по земја членка во ЕУ (Еуропол 2012)

| Земја членка | Религиски инспирирани | Сепаратисти | Не специфицирани | Вкупни во 2011 |
|---|---|---|---|---|
| **Австрија** | 2 | 0 | 0 | 2 |
| **Белгија** | 2 | 2 | 0 | 4 |
| **Бугарија** | 3 | 0 | 0 | 3 |
| **Данска** | 0 | 0 | 2 | 2 |
| **Франција** | 46 | 126 | 0 | 172 |
| **Германија** | 19 | 4 | 0 | 23 |
| **Италија** | 13 | 0 | 3 | 16 |
| **Холандија** | 3 | 0 | 0 | 3 |
| **Романија** | 2 | 2 | 0 | 4 |
| **Шведска** | 4 | 0 | 0 | 4 |
| **Велика Британија** | 0 | 0 | 62 | 62 |
| **Вкупно** | **94** | **134** | **67** | **295** |

**ДОДАТОК 2** – податоци од самоубијците терористи (ЦОТ Институт, 2007)

| Датум | Обид/Напад | Преглед |
|---|---|---|
| 25 Декември, 2012 | Напад | Исламисти застрелале не муслиман, два пати во главата. |
| 9 Мај, 2012 | Напад | Муџахедини од заседа убиле шест Руси. |
| 11 Мај, 1878 | Обид | Макс Ходел се обидел да изврши атентат на Кајсер |

| | | |
|---|---|---|
| | | Вилхелм 1од Германија, со тоа што пука кон него. По два обиди не успева, и е уапсен. |
| 4 Август, 1878 | Напад | Сергеј Степнјак – Кравчински го прободел Генералот Николаи Мезентсов, шеф на тајната полиција на Царот, како одговор на смртта на Иван Ковалски. |
| Февруари 1879 | Напад | Григори Голденберг го стрела Принцот Дмитири Кропоткин, Гувернерот на Кхаров во Руското Царство и убива. |
| 20 Април, 1879 | Обид | Александер Соовиев се обидува да изврши атентат на Царот Александар 2 на Русија. Монархот забележува оружје, но Soloviev сепак пука пет пати и промашува. Тој е фатен и обесен на 28 Мај. |
| 2011 | Обид | Габриел Гифорд, Претставник во САД од Аризона |
| 2011 | Напад | Салман Тасер, 26 Гувернер на Пунџаб бил убиен од страна на Малик Мумтаз Хусаин Кадри, еден од неговите чувари, како последица на противењето на Тасер за Пакистанскиот богохулен закон. |
| 24 Јануари, 2011 | Напад | Домодево аеродором. Бомбаш самоубиец влегува во халата на аеродромот. Убиени се најмалку 37. Нападот е препишан на Исламската терористичка организација Кавкаски Емират. |
| 26 јануари, 2011 | Напад | Кхасавјурт, Русија. Експлозија на автомобил од страна на Исламистичката организација Кавкаски Емират, уништил кафе бар. 4 загинати, 6 повредени. |
| 2010 | Обид | Гувернерот на Мисури Џеј Никсон бил прободен од страна на Кејси Брезик. По грешка го прободел деканот во ходник, каде Никсон требало да одржи предавање. Брезик на полицијата и кажал дека го прободел Никсон. |
| 2010 | Обид | Махмоуд ал - Мабхоух, постар воен заповедник на Хамас. Точната причина е непозната; можни се гушење, давење и електро егзекуција. Извршителот е непознат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Се верува дека се агенти на Мосад. |
| 2009 | Обид | Кралицата Беатрикс од Холандија и нејзиното семејство. Карст Тејтс се обидел да го избутка автобусот на кралицата со неговиот автомобил. |
| 2007 | Напад | Поранешниот премиер на Пакистан и лидерот на партијата за Пакистанскиот народ и лидерот на Опозицијата на Беназир Буто. Убени додека влегувале во возило додека го напуштале собирот на партијата за Пакистанскиот народ во Равалпинди, Пакистан. Напаѓачите се непознати, се верува дека се исламски милитанти. |
| 2006 | Напад | Поранешен офицер на ФСБ Александер Литвиненко беше убиен од Акутен радијациски синдром преку земање на полониум-210. Напаѓачот е непознат, се верува дека е наредба од владата на Русија. |
| 2006 | Напад | Новинарката Ана Политковскаја, е застрелана во лифт во нејзината зграда во Москва. Напаѓачот е непознат, се верува дека е Руската тајна полиција. |
| 2004 | Обид | Претседателот на Чеченија Акхмад Кадиров беше убиен со уште 30 останати на фудбалски стадион за време на парадата за Рускиот ден на победата, од бомба која била ставена во бетон, во еден од потпорните ѕидови на стадионот. Се верува дека исламистички чеченци. |
| 1995 | Обид | Обид да се убие папата Јован Павле 2 од Рамзи Јусуф, дел од операцијата Бојинка. Терористички напад од голем размер каде биле предвидени да се дигнат во воздух 12 авиони и 4.000 патници. |

**Библиографија**

- Archick, K., (2011), CRS Report for Congress, *U.S. – EU Cooperation Against Terrorism,* (Online), 6, < достапно на:http://fpc.state.gov/documents/organization/76925.pdf>, (пристапено на 25.12.2011).
- Aldrich, R.J., (2002), *Dangerous Liasons Post-September 11 Intelligence Alliances*, Harvard International review, Vol. 14, No.3
- Aleksandar, J., (2010): *Teroristicka propagandai i uloga medija*, Izvorni naucni rad, (Internet), <достапно на: http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0025-8555/2010/0025-85551001113J.pdf>, (пристапено на: 15.12.2011).
- A Journal of the TRI(Terrorism Research Initiative, Enhancing Security through Collaborative Research), (2009) *Perspectives on Terrorism*, (3) Issue 1, (Internet), <достапно на: http://www.terrorismanalysts.com/pt/index.php/pot/pages/view/Welcome>, (пристапено на: 04.11.2011).
- Aleksej, J.,(1940), *Rusija i Balkan: pregled politickih i kulturnih veza Rusija i balkanskih zemalja* 866 – 1940, Beograd.
- Badey J.Tomas, (1998) "*Defining International Terrorism: A Pragmatic Approach*", Terrorism and Political Violence, (10) 1. p.92.).
- Beeman, W., (2001), Fighting the Good Fight: Fundamentalism and Religious Revival, Chicago, University of Chicago Press.
- Bozarth, M., (2005), *Understanding Radical Islamic Fundamentalists: The "New" Global Threat or History repeating itself?,* Univeristy of Buffalo
- Cvitkovic, I., (2004), *Sociologija religije,* Sarajevo: DES-Sarajevo.
- Cvitkovic, I., (2005), *Socioloski pogledi na naciju I religiju,* Sarajevo:DES.
- Canetti, E., (1978), *Masa i moc*, Dusseldorf: classen Verlag GmbH.
- Cimic, E., 1989), *Politika kao sudbina*, Beograd: NIRO Mladost.
- Clift, T., (2003), *The Moscow Theater Hostage Crisis: The Perpetrators, their Tactics, and the Russian Response*, Netherlands, Koninklijke

- De Volksrant, W., (2004), *"De moord op Theo van Gogh was niet te voorkomen"*, hhtp://www.volkskrant.nl/vk/nl/2824/Politiek/article/detail/711072/2004/11/16/De-moord-op-Theo-van-Gogh-was-niet-te-voorkomen.dhtml (пристапено на 5 Април, 2011)
- Dzait, H., (1989), *Evropa i islam,* Sarajevo: Les Temps Modernes.
- EUPOL, (2011), *Europen Police Office, Europen Police Chiefs Convention, 2011*. Hague: Eropean Police Office
- Edson, J.T. (1984), *Terrorism*, New York: Berkley Books.
- Engene O. J., (2007): *Five Decades of Terrorism in Europe*: *The TWEED Dataset,* Journal of Peace Research, (44), pp. 109–121.
- Esposito, J. J.,(1994), *Islamska prijetna – mit ili stvarnost?*, Beograd: Prosveta
- Gacinovic, R., (2005), *Terorizam,* Beograd: Draslar.
- Гацинович, Р., (2007), Интервју у чаоспису: Одбрана, Београд
- Gidens, E., (2007), *Sociologija,* Zagreb: Polity press & Blackwell Publishers Limited.
- Greogory, R., R. Van Horn, (1974), *Value and cost of Informations, Systems Analyses Techniques*, John Willey, New York
- Furedi, F., (2007), *Invitation to terror, The Expanding Empire of the Unknown*, London: Continuum Press.
- Hammond, P., (2005), *Slavery, Terrorism and Islam: The Historical roots and contemporary threat,* :Christian Liberty Books.
- Hejvud, E., (2005), *Politicke ideologije,* Beograd: Zavod za udzbenike I nastavna sredstva.
- Ivanovic, V., (1996), *Who will take a monument to take a piss?*
- *Instituut voor Veiligheids-en Crisismanagement (COT), "Lone Wolf Terrorism, Citizens and governance in a knowledge-based society", June 2007*
- Janulatos, A., (2002), *Globalizam I pavoslavlje,* Beograd: Hilandarski fond pri Bogosvskom Fakultetu SPC I Hriscanski kulturni centar.
- Jevtic, M., (2011), *Albansko pitanje i religija,* Beograd: Centar za proucavanje religije i versku toleranciju.

- Jevtic, M., (2008), *Religion and Power: essays on politology of religion*, Belgrade: Dioceze of RAS-Prizren.
- Kegley, J. C., (1980): *International Terrorism: Characteristics, Causes, Controls*, New York :St Martin's Press.
- Kaplan J., (1997): *Leaderless Resistance*, Terrorism and Political Violence, 1997 (9) pp.80-95
- Karon, T., (2002), *Behind the Moscow Theater Siege*, Time World magazine.
- Kalugin, O.A., (2002), *Window of Opportunity:"Russia's Role in Coalition Against Terror"*, Harvard International Review
- Klarin, M., (1978), *Terorizam*, Beograd: Politika NIN Bgd
- Котовчевски, М., (2003), *Современ тероризам*, Скопје: Македонска цивилизација.
- Котовчевски, М., (2004), *Борба против тероризмот*, Скопје: Македонска цивилизација
- Котовчевки ,М., (2002), *Современи разузнавачки служби*, Скопје: Македонска цивилизација
- Laqueur W., (1999) "*The new Terrorism": Fanaticism and the Arms of Mass Destruction"*, Oxford University
- Livingston, M., (1978), *International Terrorism in the Contemporary World*, London: GreenwoodnPress
- Lazic, A., (2009), *Saradnja Evropske Unije i Rusije u oblasti spoljne i bezbednosne politike,* <достапно на: http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0025-8555/2009/0025-85550903295J.pdf>, (пристапено на: 15.01.2012).
- Левков, М., (2001), *Израелска тајна служба*, Филип Вишњич, Београд
- Lefevre, S. (2003), T*he difficulties and Dilemmas of International Intelegence Cooperation*, International Journal of Ineteligence and Counterintelligence, 16, Taylor & Francis
- Матевски, З., (2005), *Религија у мултикултурном друштву, Религијска толеранција у мултиетничкој и мултиконфесионалној републици Македонији,* Нови Сад/Београд, стр.61
- Матевски, З., (2010), *Меѓународна конференција "Македонија и*

*соседите" Скопје 08-09.12.2006*, Скопје

- Матевски, З., (2007), *Политикологија религије – Religious dialogue and tolerance – theoretical and practical experiences of differences and similarities*, Београд, стр. 51
- MacKenzie, A., (2011), *A US Driven Security Agenda? EU Actorness in Counter-terrorism Co-operation with US,* EUSA Twelfth Biennial International Conference Boston, Massachusetts University of Salford, EUSA, Boston, Massachusetts, 3-5 March, (Online), 22, <достапно на: http://www.euce.org/eusa/2011/papers/2a_mackenzie.pdf>, (пристапено на 05.01.2012).
- Mathiesen, T., (August-October 2001) *"Expanding the concept of terrorism?"* Stetwatch, vol.11 no.5 p.3139.
- Mialkovski, M.,(2003), *Тероризам и противтерористичка борба,* Beograd: Generalstab Vojske SCG.
- Миалковски, М.,(2003), Тероризам и противтерористичка борба, Београд, Војна академија
- Mialkovski, M., (2007), *Protivteroristicka prevencija drzave,* (Internet), <достапно на: http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0025-8555/2007/0025-85550704579M.pdf>, (пристапено на: 03.03.2012).
- Margetic, D., (2006), *Islamisticki terorizam na jugu Europe*, Zagreb: Vlastita naklada Domagoj Margetic.
- McCauley R. C., (n.d.), *The Psychocology of Terrorism.* (Internet), Social Science Research Council, <достапно на: http://ssrc.org/sept11/essays/mccauley.htm>, (пристапено на: 15.12.2011).
- Medvedev, R. P., (2007), *Povratak Rusije*, Beograd: Novosti-Beograd
- Marjanovic, J., (2009), *Tajni rat protiv Rusija*, Beograd: Metafizika
- Monaghan, A., (2010), *The Moscow metro bombings and terrorism in Russia*, Nato Defense College, Rome, No. 59
- Nawwab, I., Speers, P., Hoye, P., (2006), A Brief History of Islam (part1 of 5): The prophet of Islam,
- Olmeda, J., (2005), *Fear or Falsehood?Framing the 3/11 Terrorist Attacks in Madrid and Electoral Accountability*, Real Instito Elcano

- Perry J.N., бр.(2004) "*The numerous Federal Legal Definitions of Terrorism: The problem of Too Many Grails*", vol.30, no.4(2004), pp.249-274: Journal of Legislation
- Pedahzur, A., A. Perliger, and L. Weinberg, (2003), *Altruism and fatalism: The characteristics of Palestinian suicide terrorists, Deviant Behavior*
- Pešto, H., (2010), *The Role of Diplomacy in the fight against terrorism*, Office of Defence Cooperation, Sarajevo
- Petkovic, V.M., (1997), *Terorizam – Rat u kontinuitetu*, Beograd: Vojnoizdavacki zavod/VIZ
- Петкович, В.М., (1996), *Тајни ратници*, стр.92, Београд, Тетра ГМ
- Pascal, B., (1958), *Pascal's Pensees*, U.S.A: E. P. Duttin & Co., Inc., pp.845
- Pasanski, M., (1987), *Savremene kamikaze, Transnacionalni terorizam i diplomatija,* Beograd: Knjizevne novine Bgd.
- Pesto, H., (2010), *The Role of Diplomacy in the Fight Against Terrorism*, PfP Consortium Quarterly Journal Winter
- Politkovska, A., (2008), *Putinova Rusija,* Beograd: Fullmoon.
- Rankovic, M., (2005), *Savremeni/Globalni terorizam: socioloski pristup,* Beograd, <достапно на: http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0038-0318/2004/0038-03180404313J.pdf>, (пристапено на: 12.10.2011).
- Powell, W., (1971), *The Anarchist Cookbook*, United States of America, Barricade books, inc.
- Савич, А., (2002), *Увод у државну безбедност*, Виша школа унатрашњих послова, Београд
- Сивачек, Ј., (1999), *Стратегијске претпоставке противтерористичких дејстава*, Војно дело 3-4, Београд
- Shmith, A., & Dzongman, A., (1988), *Terrorism: A new Guide to Actros, Authors, Concepts, Data Bases, Theories and Literature*, New Bruinsuik: Transaction Books.
- Simcox R. & Stuart H. & Ahmed H.,(2010), *Islamsit Terrorism*, Englang nad Wales: the British Connections.
- Smith, W.H., (1977), *International Terrorism: A political Analysis*, London: Yearbook of World Affairs.

- Sardar, Z.&Malik, A.Z., (2005), *Islam, kratak pregled kulture i civilizacije,* Sarajevo: Selim Jarkoc.
- Стајич, Љ., (1998), Основе безбедности, Полициска академија, Београд
- Стојанович, С., (2005), *Безбедност и изазови процеса глобализације*, Војно дело 1, Београд
- Tomasevski, K., (1983), *Izazov terorizma,* Beograd: NIRO Mladost
- Томашевски, К. (1983), Изазов тероризма, Београд: НИРО Младост
- Шијакович, И. (2002), *Тероризам и проблем идентитета*,
- Von Buelow, A., (2003), *Die CIA und der 11 September*, *Internationaler Terror und die Rolle der Geheimienste*, Münhen, <достапно на: http://www.ethosworld.com/library/(German)-Andreas-von-Bulow-Die-CIA-und-der-11.September-(eBook-einspaltig,-2003).pdf>, (пристапено на: 20.11.2011).
- Vajt, D., (2004), *Terorizam*, Beograd: Alexandria Press.
- Venkatramin, A., (2006), *Fundamentalism and its stereotypes,* (Internet), <достапно на: http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0025-8555/2006/0025-85550602007V.pdf>, (пристапено на: 12.03.2012).
- Wilkison, P., (2000), *Terrorism Versus Democracy – The Liberal State Response*, London: Frank Cass
- Wennerholm, P. & Brattberg & Rhinard, M., (2010), *The EU as a counter-terrorism actor abroad: finding opportunities, overcoming constraints,* EPC Issue Paper No.60
- Winter, B., (1980, December), *Media Taken to Task for Terrorism Coverage*, American Bar Association Journal, 66, 1510.
- Wilkinson, P., (1974), *Political Terrorism*, London: Macmillan and Co.
- Transnational Terrorism Security and the Rule of Law, “Common EU definitions of terrorism will work only if adopted by all”, Policy Brief, no.2 (November 2008), p.2
- U.S. Department of Justice, Federal Bureau of Investigation, http://www.fbi.gov/stats-services/publications/terrorism-2002-2005/terror02_05, пристапено на 4.10.2012

- Instituut voor Veiligheids-en Crisismanagement (COT), (June 2007) "Lone Wolf Terrorism, Citizens and governance in a knowledge-based society"
- BBC News UK, (2010) "Stockholm suspect Taimour Abdulwahab al-Abdaly profiled", http://www.bbc.co.uk/news/tekst/publications/Lone-Wolf%20Terrorism.pdf (пристапено на 14 Април, 2011).
- UPI, Tel Aviv, (2010), http://www.upi.com/Top_News/World-News/2010/10/21/Netanyahu-fundamentalist-Islam-is-enemy/UPI-55421287676780/ (пристапено на 12.01.2013)
- http://www.eurasianet.org/departments/insight/articles/eav102802a.shtml

Официјална интернет страна на Еуропол:

- https://www.europol.europa.eu/sites/default/files/publications/epcc2011report.pdf

Официјална интернет страна на Европска Комисија за Внатрешни Работи:

- http://ec.europa.eu/home-affairs/policies/terrorism/terrorism_intro_en.htm
- http://www.pbs.org/newshour/media/media_watch/july-dec02/russia_11-13.html

Официјална интернет страна на Обединетите Нации

- http://www.un.org/terrorism/instruments.shtml
- US Department of State, Country Reports on Terrorism 2006, April 2007, Code 22, Section 2656f(d), http://www.state.gov/s/ct/rls/crt/2006/28726.htm, пристапено на 29 Март 2011
- United States Department of State, (2006), *Rebuilding Iraq, US Achievements through the Iraq Relief & Reconstruciotn Fund,* Washington, DC, Bureu of Near Eastern Affairs and the Bureau of Public Affairs, Department of State Publiation 11317
- European Union Council, "Council Framework Decision of 13 June 2002 on Combating Terrorism, June 2002
- http://www.theonion.com/articles/russia-reiterates-zerotolerance-policy-for-terrori,1270/

- Danish Ministry of Justice (2007), *Home grown terrorism and Islamist radicalisation in Europe*, Данска

Останати:

- http://www.russiablog.org/2011/02/terrorist_attacks_in_russia_in.php
- http://02varvara.wordpress.com/2010/09/20/ria-novosti-infographics-deadliest-terrorist-attacks-in-history/01-deadliest-terrorist-attacks-in-history-ria-novosti-infographics/
- http://www.hereticus.org/arhiva/religije-i-politicki-ekstremizam.html
- http://rt.com/news/moscow-metro-blast-victims/
- http://www.globalsecurity.org/wmd/world/russia/secret-cities.htm
- http://www.libertysecurity.org/article18.html
- http://www.pressonline.rs/sr/vesti/globus/story/148627/Pregled+najve%C4%87ih+teroristi%C4%8Dkih+napada+u+Rusiji+od+1999..html
- http://www.smedia.rs/vesti/vest/55361/Moskva-teroristicki-napad-samoubilacki-napad-eksplozija-Moskovski-aerodrom-smrt-Hronologija-teroristickih-napada-u-Rusiji.html
- http://www.ag-afghanistan.de/funda.htm
- http://meria.idc.ac.il/journal/2001/issue4/jv5n4a2.htm
- http://www.petertatchell.net/religion/islamic.htm
- http://www.targetofopportunity.com/islam.htm
- http://www.vopus.org/sr/gnoza/mistika-religija/religija-kao-nauka.html
- MidEastGateway, 2004, *Inside Al-Qaeda,* извор: http://www.mideastweb.org/alqaeda.htm, пристапено на 3.11.2012
- Volkskrant.nl, http://www.volkskrant.nl/vk/nl/2668/Buitenland/article/detail/314471/2009/02/05/Voor-moslimterroristen-en-jihad-ronselaars-is-Spanje-topprioriteit.dhtml, пристапено на 24.11.2012
- Global Terrorism Database, "Data Collection Methodology", http://www.start.umd.edu/gtd/using-gtd/, Пристапено на 20 Септмеври 2012
- http://sickofpolitics.wordpress.com/2010/01/06/terrorism-and-iq/

- Voice of America, James Brooke, (February 4, 2011), "Moscow Airport Bomber from Russia's Muslim South," http://www.voanews.com/english/news/europe/Russian-Media-Identify-Airport-Bomber-115295644.html
- St. Petersburg Times, (February 9, 2011), "Umarov Claims Responsibility for Bombing," St. Petersburg Times, http://www.sptimes.ru/index.php?action_id=2&story_id=33516.
- Reuters, (February 9, 2011), "Three Arrested in Connection with Moscow Bomb-Media," Itar Tass News Agency, http://www.trust.org/alertnet/news/three-arrested-in-connection-with-moscow-bomb-media).
- Енциклопедија Британика, http://www.britannica.com/EBchecked/topic/734613/al-Qaeda, пристапено на 2.10.2012
- http://www.themoscowtimes.com/news/article/twin-moscow-metro-bombings-kill-39/402801.html, пристапено на 21.10.2012
- Војни лексикон, (1981), Војноиздавачки завод, Београд